СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 3 декември 1991 година

Скопје, декември 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 27-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.III.1991 г.**

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.22


1. АБДИ ФАИК – 39, 52, 56
2. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 156
3. АЛИУ ЕШТРЕФ – 96, 153
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 57, 68, 73, 125
5. АНДОВ СТОЈАН – 106, 110
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 114
7. АНДОНОВ ЈОВАН – 12, 15
8. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 16
9. АРСОВСКИ БРАНКО - 32
10. БОШКОВ ЈОРДАН – 42, 157
11. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 154
12. ГРОЗДАНОВ ЦВЕТАН - 117
13. ГОШЕВ ТУШЕ - 93
14. ГОШЕВ ПЕТАР – 37, 42
15. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР – 10, 27, 50
16. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 165
17. ДАВЧЕВ САНДЕ - 32
18. ЖУТА БЕЌИР – 8, 15
19. ЗИБЕРИ НАСЕР – 74, 94
20. ИВАНОВСКИ СИМЕОН – 49, 131, 139
21. ИВАНОВСКИ ИВАН - 17
22. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР – 41, 43, 44, 75, 79, 110
23. ЈОВАНОВ РИСТО – 62, 68
24. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА – 116, 158
25. КЉУСЕВ НИКОЛА - 35
26. КЕЛЕШОВ РИСТО – 62, 68
27. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 95, 155, 162, 167
28. ЛАПАВЦОВ АЛЕКСАНДАР - 59
29. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 150
30. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 156
31. НАУМОВ ЃОРЃИ - 126
32. НИКОЛОВСКИ ДУШКО – 133, 141
33. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 69, 90
34. ПОПОВСКИ ЉУПЧО – 64, 69
35. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 56, 104
36. ПЕТРОВ ТОДОР – 20, 91, 159, 166, 169
37. ПОПОВСКИ КИРО – 34, 98
38. ПРЕВАЛА ШАБАН – 12
39. РИСТЕВСКИ БЛАЖЕ – 101, 147, 151, 163
40, СТАНКОВСКИ РИСТО - 78

41. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА – 36, 128, 132
42. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 13, 28
43. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА – 28, 51, 55, 135, 140
44. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 33
45. ТРЕНЕВСКИ МАРТИН - 80
46. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 111
47. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 112, 145, 168
48. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 31
49. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 33, 60

продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседанаше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Димитар Поповски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од Дваесеттата , Дваесет и првата, Дваесет и втората и Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците (нема).

Констатирам дека записниците од 20-та, 21-та, 2223-та седница се усвоени.

За седницата поканети се претставници на Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, Републичкиот фонд за развој.

- Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпуваше на дневниот ред.

- Дали се согласувате со овој предлог?

- се согласувате,

- Ве информирам дека на 28 ноември 1991 година Пратеничката група на социјалдемократскиот сојуз на Македонија достави Предлог за донесување на закон со кој Републиката ќе и довери вршење на определени работи на општината Крушево со предлог да се разгледа на оваа седница.

- На 2 декември 1991 година Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ;.-достави Предлог на одлука за признавање на Република Словенија како суверена и самостојна држава; Меморандум за меѓународно признаваше на Македонската држава и Барање за испраќање на мировни сили на организацијата на Обединетите Нации во Македонија, со предлог да се разгледаат/на оваа седница.

- Предлозите и барањето на пратеничките групи се доставени до претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија, надлежните работни тела на Собранието и пратениците во Собранието.

- Со оглед на значењето на прашањата содржани во овие предлози и барање, а имајќи го предвид кусиот временски интервал во кој би требало мислење да дадат Владата на Република Македонија а работните тела да изградат свои ставови, Претседателството на Собранието предлага овие прашања да бидат ставени на дневен ред на наредната седница.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?(пратениците рака)•
За предлогот гласаа 54 пратеника.
Дали има некој против? (6 пратеника)
Дали некој се воздржува?(11 пратеника).
Констатирам дека предлогот е усвоен.

- Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ достави барање за внесување во дневниот ред на оваа седница одделни иницијативи и предлози, доставени до претседателот на Собранието.

- Барањето Ви е доставено.

- Во врска со барањето Ве известувам дека дел од предлозите и иницијативите, посебно оние со кои се бара донесување на пакет на акти за самостојна суверена и независна Република Македонија и донесуваше одлука за верификација на резултатите од референдумот за самостојна, независна и суверена држава, се реализирани со донесувањето на новиот Устав на Република Македонија со кој Републиката се дефинира како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, што е потврда на слободно изразената волја на граѓаните на Референдумот од 8 септември 1991 година.

Во однос на предлозите за неприменување на Законот за народна одбрана и на Законот за измена на дополнување на Законот за воената обврска, во Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија во член 7 е утврдено дека во рок од 6 месеци од денот на прогласувањето на Уставот, покрај другите закони ќе се донесе и Законот за одбрана на Република Македонија, а во членот 13 е уредено прашањето за служењето на воениот рок на регрутите и служењето на воената обврска.

Во таа смисла како што изјави претседателот на Владата, Владата интензивно работи и ги подготвува сите закони што се потребни за заокружување на државноста на Републиката. Овој факт треба да го имаме предвид, посебно заради овозможување Владата квалитетно и успешно и во што пократок рок да ја заврши оваа мошне значајна и обемна работа.

Истовремено Ве известувам дека дел од предлозите на Пратеничката група на ВМРОДПМНЕ се разгледани или ќе бидат разгледани од работните телана Собранието и во зависност од заклучоците на телата истите ќе бидат ставени на дневен ред на Собранието, како што е Иницијативата за донесување на одлука за обраќање до Министерскиот совет на Европската заедница а Мировната конференција за Југославија за проширување на посматрачката меѓународна мисија и на територијата ва суверена и самостојна Македонија и иницијатива за донесување акт за обраќаа»е до меѓународниот Црвен крст за заштита на војниците и старешините, граѓани ва Република Македонија што се наоѓаат во кризните жаришта, се заробени, ја напуштиле или пребегале од ЈНА и за нивно безбедно враќање во Република Македонија. Предлогот за донесување Декларација за неутралност на Република Македонија, иницијативата за обраќање ва Советот за безбедност на Обденетите Нации за упатување на силите ва Обединетите Нации во Република Македонија и иницијативата за донесување на одлука за основање на Лексикографски завод на Република Македонија се доставени на мислење ва Владата на Република Македонија и по добивањето ва мислењето истите не бидат разгледани од работните тела Собранието на Република Македонија

Ве известувам дека до Собранието се упатени повеќе предлози и иницијативи од пратеникот Тодор Петров, меѓу кои Предлогот за донесување на закон за неприменување на Законот за општонародната одбрана, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за општонародната одбрана, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за неприменување на Законот за военото обвинителство, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за неприменување на одредбите на кривични дела против вооружените сили на СФРЈ. ОД кривичниот закон на СФРЈ, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за неприменување на законот за воените судови, со Предлог на закон и Предлогот на одлуката за заштита на животите и имотот на граѓаните, стопанството, суверенитетот, независноста, територијалната целокупност, националната слобода и со устав утврдениот поредок на самостојна и суверена Република Македонија, со Предлог на одлука,

- Споменатите предлози ги разгледа Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана к смета дека истите не би требало да се донесуваат сега бидејќи со членот 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија) е уредено прашањето за примена на сојузните прописи до донесувањето на системските закони во оваа област. При заземањето на овој став Комисијата го имаше предвид и мислењето на Владата.

- Другите предлози ќе бидат ставени на дневен ред на една од наредните седници по нивното разгледување во работните тела.

- Исто така, Ве известувам дека до Собранието се доставени и предлози и иницијативи на пратеничките групи на ПДП-НДП, СДСМ и РСМ-Либерална партија и од одделни пратеници.

- Во дневниот ред на оваа седница, со оглед на бројноста", не бевме во можност да ги внесеме сите предлози и иницијативи што се доставени до Собранието, и истите ќе бидат ставени на дневен ред на една од наредните седници,

- Во оваа смисла Претседателството на Собранието ти моли пратениците да не инсистираат на оваа седница да бидат внесени во дневниот ред нивните предлози и иницијативи, како би можеле со успех да ја завршиме денешната седница*

- Дали се согласувате?

- Се согласувате.

- Известен сум од Владата на Република Македонија дека го повлекува Предлогот за донесување ва закон за јавните собири.

и предлогот на одлуката за спроведување подготовки за елиминирање на вонредни околности, кои беа предложени во Предлогот на дневниот ред од Решението за свикување на Дваесет и седмата седница на Собранието.

Законодавно- правната комисија му предлага на Собранието да не го разгледа Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за лични доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон, бидејќи согласно член 71 став 1 на новиот Устав на Република Македонија право да предлага донесување на закон има некој пратеник во Собранието, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи а не и работно тело на Собранието.

Кој е за предлогот на Законодавно- правната комисија молам , да крене рака? (пратениците креваат рака).

За овој предлог гласаа 75 пратеника.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на Законодавно- правната комисија.

Комисијата за стопанство предлага Собранието на денешната седница да не расправа по Предлогот за донесување на закон за мерките што можат да се преземаат заради спречување и отстранување на нарушувањето на тековите на општествената репродукција во Република Македонија, со предлог на закон заради тоа што не содржи конкретни решенија од кои може поблиску да се согледаат ефектите што би се оствариле со неговото донесување.

Молам, кој е за предлогот на Комисијата?

За збор се јави господинот Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, дами и господа претенции,

Владата на Македонија во овие вонредни околности, во кои се наоѓа стопанството на Републиката на релацијата во рамките на Југославија и во извонредните околности кои и беа наметнати со мерките на Европската Заедница , мораше и мора да презема одредени мерки за да ги елиминира, односно да ги намали негативните последици од дејството на таквите ефекти кои се наметнуваат врз стопанствата на Републиката.

Ова Собрание , во овој состав во свое време има донесено таков закон, меѓутоа, таквиот закон ги имал предвид во тоа време само оние околности кои се наметнувале на релацијата за алиментирање на буџетот на Федерацијата, односно на извршувањето на Буџетот на Федерацијата према Републиката, па следствено на тоа се додека не се извршуваат тие обврски на Буџетот на Федерација према Републиката и Републиката беше овластена од ова Собрание со закон, Извршниот совет да ги стопира извршувањата на своите обврски спрема Буџетот на Федерацијата. Меѓутоа, во дадените околности во овој момент, претесна е рамката дадена во тој закон, затоа што покрива само еден сегмент на односите во рамките на Федерацијата и односите Република- Федерација, и се сведуваше само во доменот на финансиите, или поконкретно во доменот на данокот на промет, сојузен и царините во ситуации кога Сојузниот буџет не ги извршуваше своите обврски према Републиката.

Во дадената ситуација состојбата се менува и се проширува врз целото стопанство на Републиката и состојбата ја наметнува потребата Владата итно да интервенира во одредени ситуации со конкретни мерки за да ги намалува негативните ефекти од таквите мерки кои другите ги

наметнуваат на стопанството на Републиката. Овој текст на закон што е предложен овде е предложен за да се создаде правен основ да може Владата да презема соодветни конкретни мерки во дадена ситуација за да ги елиминира таквите негативни ефекти, а не да се прават биланси и тие биланси ја искажуваат потребата од донесување на законот. Мислам дека и смислата на законот не е во тоа. Таа е во тоа да во овие извонредни околности со кои се среќава стопанството во овие сегменти да може да се преземаат соодветни мерки за да се спаси она што се може во една дадена ситуација.

Имајќи го тоа предвид сметам дека Комисијата што предлага, поради тоа што не е елаборирана од билансно потребата, и не е докажана билансно потребата од донесување на тој закон мислам дека не стои ниту може билансно да се согледуваат тие потреби, затоа што тие секој ден се наметнуваат во сегменти и 4 секојдневно тие потреби се утврдуваат билансно, па оттука се излучува потребата од интервенција со одредена мерка од страна на Владата. Како концепција тие интервенции се дадени така да ова Собрание одлучува до кој временски период тие мерки ќе траат односно обврска на Владата е во определени временски интервали да излегува со извештај за преземените мерки и оценка за преземените мерки и ефектите од преземените мерки и потребата да се симнат некои од преземените мерки.

Имајќи го тоа предвид сметам дека ние ја пресекуваме гранката за да можеме во овие вонредни околности да интервенираме во одредени подрачја од стопанството на Републиката што другите ни ги наметнуваат и можеме утре само да се најдеме во таква ситуација да можеме да бидеме посматрачи на она што се случува, а не и креатори и да преземаме мерки за тоа што треба да преземаме.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Сметам дека треба пошироко малку да се образложи предлогот на Комисијата, денес да не расправаме по предлогот за донесување на законот, за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстрануваше, како и нарушувањето на тековната општествена репродукција во Република Македонија и тоа од следните причини:

Прво, Законот како предлог е доставен до Комисијата во текот на вчерашниот ден.

Второ, Комисијата кога го погледна Текстот на законот утврди дека Владата и сега може да ги презема мерките што се неопходни по Законот кој што досега е во сила, бидејќи во член 2 од постојниот закон се овозможува преземање на одредени мерки.

Трето, и Комисијата како заклучок предлага, досега Собранието нема добиено извештај за досега преземените мерки по постојниот закон, во делот на средствата што сега остануваат во Републиката по однос на уплатените царини и по однос на сојузниот данок на промет. Затоа, Комисијата го предлага следниот заклучок:

Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да го извести Собранието на Република Македонија, за досега преземаните мерки врз основа на законот за мерките кои можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во стопанството во Социјалистичка Република Македонија.

Тоа е постојниот закон објавен во Службен весник на СРМ број 46 од 1990 година.

Инаку, не би се впуштал сега во текстот на самиот закон, бидејќи не водиме материјална расправа, но сметам дека бланко овластување на Владата, Собранието на Републиката не може да даде од причина што Собранието одлучи да работи тековно и секојдневно. Оттука и Владата е во можност да ги предложи конкретните мерки за да може Собранието да ги верифицира и така предложените мерки верифицирани од Собранието бидат во практична примена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве известувам дека и Законодавно- правната комисија на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана денес, на 3 декември 1991 година предлага Собранието да не го разгледа на оваа седница овој предлог на закон.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости, ќе се разликувам малку од колегата Перо Георѓиев, јас сум за тоа сепак со оглед дека се работи за вонредна ситуација, ние дури имаме формирано и кризен штаб во Републиката за следење на состојбите,мислам дека дури треба да ја поздравиме иницијативата. Јас би рекол дури и да немаше ваква иницијатива, ние како пратеници требаше да ја покренеме, да ја задолжиме Владата, дневно, перманентно да презема мерки што ќе и ги наметнува денот.

Затоа, јас сум за тоа да расправаме по овој закон и ако може денес да го донесеме, зашто состојбите не дозволуваат комоција. Свесни сме дека еве соседната Република Србија донесе свој закон со кој забранува излегување на стоки надвор од Републиката, а ги чувствуваме штетите од таквиот однос. Ве молам, време е да реагираме и да ја поздравиме оваа иницијатива, а никако да ја сопреме.,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Тогаш предлогот на двете комисии го ставам на гласање.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Владата реагира.

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека треба да се ослободиме од она дека некој сака да ни подметне нешто и овој предлог на Владата за донесување на закон е предложен до вас само од некакви формални причини. Во Владата постои Секретаријат за законоданство и мислам дека тој добро ги познава законите и на реакцијата на Владата, а таа реагираше на предлогот на кризниот штаб за донесување

на одредени одлуки, кои имаа единствена цел да го заштитат нашето стопанство или да го заштитат стандардот на нашиот граѓанин, понуди на Владата одредени одлуки, но како што рече Беќир Жута требаше да има законска основа за тоа и токму за тоа го предлагаме овој закон.

Вие гледате во какво време ние твориме, во каква состојба се наоѓа нашето стопанство. Не се во прашање само мерките на Европската економска заедница, мерките за блокада, туку во прашање се сега и мерките што ги донесе Република Србија, кои и те како ќе не погодат, а на кои ние мораме благовремено да реагираме, нечекајќи воопшто Собранието да се слика.

Оттука, ве молам овој закон навистина да го сфатите како една нужност, како императив и апелирам на една поголема доверба на членовите на Владата односно на Владата кога нуди и во иднина кога ќе нуди такви мерки. Секако дека оправдување за тоа има. Цел та ни е, ништо друго освен да го заштитиме стопанството да не пропадне во поголема бездна од онаа во која што во моментот се наоѓа. Молам за разбирање и предлагам да го ставите на дневен ред и да расправате за предметниот закон.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници, јас сум известител на Законодавно- правната .комисија. Со оглед дека извештајот од Законодавно- правната комисија не ви е доставен пред вас пратениците, да кажам дека Законодавно- правната комисија оцени дека не треба овој закон денес да се разгледува во Парламентот од причините што се наведени во нејзиниот извештај. Јас само сакам да го прочитам и да кажам дека бидејќи не е благовремено доставен до пратениците, согласно членот 295 од Деловникот на Република Македонија. Исто така Комисијата оценува дека

со овој закон се предлагаат решенија за кои се потребни дополнителни проучувања.

Од овие причини, Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија овој Предлог на закон да не го разгледа на седницата што е закажана за 3 декември 1991 година.

Значи, двојни се оценките на Комисијата во однос на деловничкото прекршување и тоа што пратениците немаа можност да го разгледаат овој закон.

Второ, во разгледувањето на Законот исто така и покрај нагласувањето на потпретседателот на Владата Јован Андонов дека треба да се има доверба и повикувањето на Секретаријатот за законодавство, самиот бегол поглед на текстот на Предлогот на законот зборува многу дека многу работи не се вред со овој закон.

Прво, веднаш може да се види во самиот текст дека тој е непотполн како акт, не се наведени писмено причините кои треба секој Предлог на закон да ги има во самиот текст што го имате пред вас. Исто така, не се наведени начелата врз кои се донесува тој закон.

Ако се впуштиме и во материјална расправа по она што е предложено како текст на Законот во член 1 веднаш може да се констатираат и некои други состојби. Прво, се наметнува прашањето дали со ваквиот текст, особено со членот 1 не се суспендира веднаш Уставот што го донесовме, тоа е огромно прашање. Второто наметнување е тоа дека законодавната власт што треба да ја има овој Парламент, практично со овој закон се префрла на Владата. Од оваа конотација што е дадена овде не може друго да се подразбере.

Од тие причини, да не навлегуваме подлабоко, мислиме дека Владата треба посериозно да го разгледа овој Предлог на закон

предлагачот и да го достави по нормален пат, деловнички до надлежните тела на Собранието и до ова Собрание.

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Мала реплика. Јас мислам дека е јасно и не треба да се убедуваме тука дека се работи за вонредни околности. А кога се работи за вонредни околности мислам дека нема смисла со таква недоверба да се гледа на Владата дека може нешто да земе повеќе отколку што ќе и даде Собранието или отколку што ќе и даде Уставот, законите итн. Ние мораме да реагираме што се вели на секој час, а не дневно, не неделно. Овде има стопанственици и јас ги повикува тие да се искажат по однос на тој закон. Друга алтернатива ние не маме. Ако ние не донесовме одредени одлуки, огромни стоки кои се и те како потребни на нашите материјални резерви, денес ќе беа преку граница господа. Огромни стоки! Ако мислите дека и понатаму ако сметате дека Владата на сите брзи промени што се одвиваат сега треба индолентно да се однесува, тогаш кажете. Но јас мислам дека сега е моментот кога мора најрефлексно да се реагира. Не е во прашање ниту Устав, не е во прашање ниту преземање на некои прерогативи на Собранието. Во прашање е само создавање на можности за брза интервенција на Владата за да го заштитиме нашето стопанство. Апсолутно никаква друга намера немаме.

Оттука, значи, молам да го поставите Законот на дневен ред, а за неговата содржина можеме да дискутираме.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Испаѓа дека инсистираме, дека ни стало до тоа да се донесе овој закон. Јас мислам дека на ова Собрание и претставниците на овој народ и ова стопанство треба да им стало да се донесе овој закон од следните причини:

Не заради тоа што законодавната функција од Собранието треба да се пресели во Владата. Таа останува лоцирана и обликувањето на системот врз база на новиот Устав и обврска на Владата да ве снабдува секој ден со нови текстови на закони кои произлегуваат од обврските на Уставот за обликување на системот.

Меѓутоа, нас и другите не притискаат на ќоше. Можеме ли да чекаме да ги броиме последиците па дури тогаш да се договориме во оваа куќа дали треба да донесуваме одредена одредба. Ве молам, овој аспект да го оцените дека не се работи за законодавна функција, туку за овластување Владата да може да интервенира во одредена дадена ситуација за да спаси одредени негативни последици и да ги намали ефектите од тие мерки што другите ни ги наметнуваат, а ќе биде известено Собранието во секој период за мерките што се преземени и да оценува дали тие се преземани навреме, дали имаат ефекти и дали се постигнати ефекти и дали треба некоја од тие мерки да се симне. Сите ќе бидеме радосни ваков закон да нема, но другите ни го наметнуваат.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ;**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека воопшто не треба да расправаме за тоа дали овој Предлог на закон да го ставиме на разгледување или не. Оваа работа јас ја гледам од страна на стопанственик. Секој момент што доцниме со донесувањето на еден ваков закон не оди во прилог на нашето стопанство. Ние секој момент се чувствуваме ограбени. Кога зборувам дека сме ограбени, тоа ќе го потврдам на следниот начин. Од сите страни кај нас доаѓаат јас како вработен во трговијата тоа го чувствувам од другите републики, земаат стоки и ги плаќаат. Меѓутоа, дали тие средства со кои ги вршат уплатите се

пари или се само сурогат на пари односно обична книга, што ќе предизвика кај нас страшна инфлација, чии последици се несогледливи.

Затоа апелирам до стопанствениците во составот на ова Собрание да гласаат за донесувањето на еден ваков закон, не само да се разгледува туку и да се донесе тој закон, бидејќи заштитата ни е неопходна, бидејќи потоа ние ќе ја сносиме најголемата одговорност како Парламент што не сме го заштитиле ова стопанство кое е и така нарушено во овие мигови. Затоа, молам и апелирам на вашата совест и вашата трезвена економска моќ на расудување.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ги поздравувам залагањата на Владата за заштита на интересите на стопанството, како и заштита на интересите на Републиката. Меѓутоа морам да кажам дека сум на страна на Комисијата, врзано со потребата од донесувањето на овој закон од следните причини:

Прво, мислам дека во член 1 наводите на кои се повикува Комисијата за донесувањето на овој закон, дел од нив веќе не се актуелни за нашата Република, иако тие имаат одредени импликации.

Второ, мислам дека на овој Парламент не да изразува недоверба спрема Владата, туку напротив му стало со какви мерки Владата ќе истапи и со какви решенија тие ќе бидат понудени.

Од тие причини мислам дека во секој момент Владата доколку констатира дека постојат оправдани причини за донесувањето на соодветни мерки, наместо да го информира Собранието за донесените мерки, да излезе со предлог пред Собранието во кој да ги елаборира тие мерки, дали е денес, утре или задутре, кога ќе се укаже потреба, а тогаш да ги оцениме мерките како Собрание и да ја делиме и судбината на таквите мерки.

Јас исто така сум еден од раководителите на едно претпријатие и мислам дека давањето ан-блок согласност на Владата да настапува во сегашната состојба значи и голем ризик за Владата, а и за нас како Парламент. Од тие причини, невпуштајќи се во овие формалности кои беа речени, се залагам ова нешто да биде доработено и да биде предложено онака како што сугерираат двете комисии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 42 пратеници.

Кој е против, молам да крене рака.

Против гласаа 56 пратеници. 4

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници се воздржаа од гласање).

Констатирам дека предлогот на Комисијата за стопанство не е усвоен.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно- правната комисија и Комисијата за општествено- политички систем не го поддржаа Предлогот за донесување на одлука за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито, Гоце Делчев и Никола Карев од салите каде заседана македонскиот Парламент и неговите работни тела со Предлог на одлука. Комисиите предлагаат Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија со соодветен акт да го регулира ова прашање кое ќе се реализира во сите републички органи,

организации и јавни служби во Републиката.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи предлагач на оваа одлука бев јас како пратеник во овој Парламент, ценам да кажам некои образложенија во врска со истата. Бидејќи веќе и ги немаме тие фотографии, се поставува прашање кој донел одлука за да се симнат, додека ова Собрание не одлучило.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Од таа причина сметам дека бидејќи одлуката беше дадена, односно барањето уште во месец јули, меѓутоа заради експедитивноста на нашето работење ја одолговлечивме и се предлагаше одлуката да биде усвоена уште пред донесувањето на Уставот, ми се чини дека потполно имаше логика да стои на дневен ред. Иако некој неовластено ги симнал, сметам дека сепак треба да остане за да тој нелегитимен чин добие легалност.

Од тие причини предлагам бидејќи Владата веќе донесе Мислење дека се прифаќа Одлуката за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито, Гоце Делчев и Никола Карев од салите каде заседана Македонскиот Парламент и неговите работни тела, а воедно, бидејќи ја прифати и Иницијативата за донесување акт за отстранување на предметите со ликот и личноста од историското и политичкото минато, фотографии, бисти, скулптури, релјефи, статуи, таписерии и слично од просториите на државните органи, институции и претпријатија во државна сопственост односно јавните претпријатија чиј основач е Републиката, во општините и во Републиката кои имаат јавен и службен карактер и му предложи на Собранието да ја поддржи оваа иницијатива, сметам:.: дека Одлуката, заедно со таа Иницијатива да останат на дневен ред,а само Владата да биде овластена кога ќе отвори материјална расправа Иницијативата што Собранието ќе ја поддржи да добие легитимитет и да немаме немили сцени во практиката некаде да се вадат, некаде да се кршат, некаде да стојат бидејќи веќе како Парламент и законодавна власт дадовме добар пример како треба да се однесуваат сите субјекти од јавен и службен карактер.

Според тоа, сметам дека одлуката треба да остане, не потценувајќи го мислењето на пратениците кои во времето на разгледувањето дадоа негативно мислење. Бидејќи Владата даде позитивно мислење и за

Одлуката и за Иницијативата, предлагам пратениците да усвојат да остане на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте образложувањето на господин Петров.

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Ако не бара збор, тогаш Предлогот на комисиите го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (34)

Дали има некој против?(43)

Има ли воздржани? (16)

Според тоа, констатирам дека Предлогот на овие комисии не е усвоен. Ова останува во дневниот ред.

Комисијата за стопанство и Комисијата за финансирање и буџет го разгледаа Извештајот за законската основа за воведување републички надоместок за цената на бензинот, струјата и ПТТ услугите со извештај за намената на досега прибраните средства и програма за користењето на средствата и предлагаат Собранието на Република Македонија да не води расправа по него туку претресот по Извештајот да заврши во комисиите, бидејќи отсуствува поцелосна елаборација на проблемот и соодветни мерки за негово надминување, отсуствува законска основа за воведување на таков надоместок и критериуми за наменско користење на средствата.

Предлогот на комисиите го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?(6б)

Дали има некој против?(2)

Има ли воздржани? (11)

Сега се предлага да не се расправа, а евентуално со донесувањето на овој закон кој се предлага можеби ќе се создадат такви законски основи.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Претседателот на Владата на Република Македонија предложи дневниот ред за оваа седница да се дополни со две точки:

- Избор на министер за народна одбрана и

- Избор на министер за образование и физичка култура.

Со оглед на обемноста на дневниот ред во консултација со претседателот на Владата овој предлог ќе биде ставен на дневен ред на наредната седница.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за изменување на Републичкиот буџет за 1991 година;

2. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за телеграфска агенција на Македонија "ТАМ";

4. Предлог за донесување на закон за финансирање на потребите и интересите на Републиката во културата, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесуваше на закон за изменување на Законот за заемот за вработување, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за издавање обврзници на Република Македонија, со Предлог на закон;.

7. Предлог за донесување на закон за амнестија, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, со Предлог на закон

12. Предлог за донесување на закон за мерките што можат да се преземаат заради спречување и отстранување на нарушувањето на тековите на општествената репродукција во Република Македонија, со Предлог на закон,

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните

15. Предлог за донесување на Одлука за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито, Гоце Делчев и Никола Карев од салите каде заседана Македонскиот Парламент и неговите работни тела,со Предлог на одлука,

16. Предлог на одлуки за определување исклучителна старосна пензија;

17. Предлог на одлука за гаранција на Република Македонија по кредитот од Договорот за заем (III Д- Проект- Транс југословенски железници);

18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за намена на приходите на Народната банка на Македонија остварени по основ на камати на кредити од примарна емисија;

19. Одлука на Уставниот суд на Македонија со која се утврдува дека член 128 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр. 37/80, 24/88 и 36/91) не е во согласност со. Уставот на Република Македонија;

20. Одлука на Уставниот суд на Македонија со која се утврдува дека членовите 296-а и 29б-в од Законот за државната управа во време на нивното важење не. у биле во согласност со Уставот на Република Македонија и членовите 239 и 241 од Законот за органите на управата не се во согласност со Уставот на Република Македонија;

21. Анализа за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година, со Предлог на мерки;

22. Анализа за тековните движење и остварените финансиски резултати по периодичните пресметки во Република Македонија во првата половина од 1991 година; .

23. Анализа за економската ефикасност на вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година, со

Информација за состојбите и проблемите во реализацијата на политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта и политиката за развојот на определените ридско- планински подрачја и граничниот појас во првата половина од 1991 година;

24. Информација за состојбите и проблемите во градежништвото во Републиката

25.. Информација за состојбите и проблемите во функционирањето на железничкиот сообраќај;

26,Информација за состојбите и проблемите во патниот сообраќај во Републиката;

27. Информација за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средства за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување до крајот на 1991 година;

28. Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органи на управување;

29. Предлог на одлуки за именуваше и избор на членови на комисии за изготвување предлог за именување индивидуални работоводни органи;

30. Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

31. Предлог на одлука за именување членови на Советот на Републичкиот завод за вработување;

32. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именуваше индивидуален работоводен орган на Институтот за национална историја;

33. Предлог на одлуки за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија за разрешуваше од должноста директор и на Одлуката за избор на индивидуален работоводен орган на Институтот; ..

34. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на 003Т Национален парк "Маврово" Маврови Анови;

35. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката4'за именување на индивидуален работоводен орган на РО Музеј на Македонија Археолошки, Етнолошки и Историски Скопје;

36. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган директор на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" Скопје;

37. Предлог на одлука за давање согласност. на Статутот на Републичкиот фонд за развој;

38. Оставка на членот на Владата и министер за образование и физичка култура д-р Димитар Димитров,

39. Оставка на потпретседателот на претседателот на Република Македонија Љупчо Георгиевски;

40. Оставка на потпретседателот на Собранието на Република Македонија Драги Арсов;

Збор побара во врска со дневниот ред господин Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Комисијата за стопанство предлага точката 1, по прашањето на Буџетот да биде разгледана меѓу последните точки од причини што Комисијата не беше во можност да се произнесе поради тоа што пратениците, членови на Комисијата не ги имаа добиено материјалите до закажувањето на седницата. Бидејќи сега сме во делот на утврдување на редоследот на точките од дневниот ред, сакам да кажам дека Комисијата предлага да се уврсти во дневниот ред материјалот за Буџетот и Законот, меѓутоа да биде разгледана во последните точки од дневниот ред.

Пратеничката група на РСЛП предлага во редоследот на точките од дневниот ред прв приоритет или прва точка да биде Анализата за тековните движења и остварените финансиски резултати по периодичните пресметки од 1991 година, од причина што и во дополнителниот материјал имаме прилог кон самата Анализа, а најавени се и воведни излагања по состојбите што сега се актуелни во Републиката, посебно во економската сфера. Сметаме дека треба да се даде приоритет на точките што се од економската сфера.

Како втора точка да биде Анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот за периодот 1986-1990 година,

Како трета точка да биде Анализата за економската ефикасност на вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде имаме три предлози. Прво да остане оваа точка во дневниот ред. ЗПК не го разгледала овој материјал и предлага да не биде уврстена денеска на оваа седница во овој дневен ред. Комисијата за внатрешна политика го предлага истото. Според тоа, две комисии предлагаат оваа точка да се одложи за наредната седница, а овде имаше предлог од Георгиев да се уврсти во дневниот ред меѓутоа да се разгледува при крајот, а комисиите да заседаваат во меѓувреме.

Бидејќи овде има доста различни предлози, му давам збор на господинот Тошевски, министерот за финансии.

**МЕТОДИЈА ГОШЕВСКИ**

Почитувани пратеници, Владата предлага Предлогот за изменување на Републичкиот буџет да остане на дневен ред, да се сообрази со предлогот на Комисијата за стопанство, а во меѓувреме да се создадат услови да се разгледа.

Некои од комисиите го разгледаа, така што со оглед дека наредната седница може да има пауза од десетина дена, а извршувањето на Буџетот е сепак оперативна работа, да може во текот на ова заседание да биде разгледано на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?
Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во својство на известител на ЗПК, ЗПК воопшто не го разгледуваше Нацртот на измената за ребалансот на Буџетот од истите причини што пратениците го добија материјалот многу доцна. Јас тврдам дека овде има многу ретко пратеници кои имаат увид во тој материјал.

Мислам дека таков несериозен приод во однос на ребалансот на Буџетот прво не треба да си дозволи Владата а после тоа не треба да си дозволат пратениците таков приод да имаат спрема тоа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде е поделен извештај и од Комисијата и во својство од нејзе известителот на Комисијата за внатрешна политика, општонародна одбрана, каде што веројатно е грешка затоа што истата комисија воопшто не го разгледуваше. Членовите се тука, а овде пишува дека Комисијата го разгледуваше итн., односно вели го разгледа Предлогот на републичкиот буџет. Со оглед на тоа дека овој акт не беше разгледан, исто така и законот за извршување на ребалансот на Буџетот не можеше да биде разгледан. Овие две комисии предлагаат да биде одложен односно одложени овие точки на дневен ред за наредна седница кога пратениците ќе го проучат материјалот целосно во врска со ребалансот на Буџетот. Сметаме дека ваквото инсистирање на донесување на Буџетот на денешната седница е чисто формален приод, кој може да предизвика и посериозни последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас би кажал два-три збора. Забелешките што се упатуваат на Владата зошто вака доцна го има дадено овој предлог на ребаланс, се сосема во ред. Мислам, тие забелешки држат заради тоа што со тоа е оневозможено на пратениците навреме да можат да направат добар увид во вистинските ефекти на овие решенија кои се содржани, како во предлогот за изменување на Буџетот, така и во Законот кој го следи после него. Меѓутоа, тоа е една работа, и тоа треба да ни биде поука за понатаму. Но, треба да сфатиме ако го одложиме сега за идната седница овој предлог за изменување на Буџетот, тогаш деновите до идната седница ќе бидат празни и нема да делуваат инструментите од овој закон кој го следи буџетот и тогаш тие инструменти заради тоа што бројот на денови е ограничен до нова година, а и јануари кој е точно 31 ден, или ќе дојде до нова нерамнотежа да се продолжува буџетската година, дури и во февруари или да се заострат инструментите затоа што тешко ќе ги погодат

после некои текови во Републиката. Затоа, мое мислење е дека овој закон треба да го уврстиме во дневен ред, а да го разгледуваме нешто подоцна во текот на седницата, на паузата да се обезбеди комисиите да го погледаат, за да не дојде до натамошни отежнувачки околности, како во формирањето и насочувањето на Буџетот, така и на буџетските обврски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Во парламентите на сите нормални држави прашањето околу буџетот, донесување на Буџетот, ребаланс на буџетот се едни од најбитните акти што тој парламент ги разгледува во текот на своето работење. Прашањата на Буџетот се прашања околу кои што се ломат копјата, паѓаат и се дигаат влади и се водат меѓупартиски битки. Ги прифаќам овде сите аргументи што беа изречени од страна на претседателот на Парламентот, меѓутоа една работа никако не ми влегува во глава. Ако на таква сериозна работа Владата пријде на тој начин што текстот за ребаланс на Буџетот го достави вчера, да кажеме јас го добив вчера во 14 часот, а да го разгледуваме денес на седница на Собранието. Тоа е еден апсолутно несериозен однос од страна на Владата. Или од друга страна намерно се става толку краток временски период за едноставно да се подразбере дека овој Парламент ќе крене рака и без да знае за што крева рака. И ако постои интерес да се усвои ребалансот на Буџетот и од страна на Владата, тогаш имало можност да се достави и порано пред 5 или пред 10 дена, па тука веќе не се работи за вонредни околности како што беше објаснување за законот од пред малку. Од тие причини ставот на Парламентарната група на СДС е оваа точка да се одложи за наредната седница.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници,сакам да ве известам дека двете комисии, Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за образование, наука и култура, го разгледавме буџетот односно Предлогот на измените на Буџетот и законот. Ги имавме истите констатации што и сите од претходните пратеници ги укажуваа, за неблаговремено доставување на материјалите и нивното разгледување проучување, правење некакви споредби итн. Меѓутоа, имајќи ја предвид важноста за неговото донесување и разгледување побаравме едно потемелно образложение од претставникот на Министерството за финансии, кој навистина убедливо и аргументирано не убеди за сите промени кои треба да настанат.

Втора работа, имајќи ја предвид таа работа дека ние своевремено донесовме свој буџет, тоа е основа, по која работиме нормално, сега се работи само за усогласување на одредени позиции за кои благовремено не сме утврдиле што е тоа најдобро решение во однос на подмирување на приходите и расходите, дали се работи за образование итн. Гледано од аспект на она што го имавме ние поместено во измените и дополнувањата во ребалансот, посебно во делот на образованието, науката и културата и во областа на трудот и социјалната политика, кои ги зафаќаат повеќе сфери мислам дека измените се добри и на еден начин ги подмируваат сите потреби, трошоци кои се јавуваат до крајот на годината. ВО таа смисла ние го поддржавме овој предлог на ребалансот и предлагаме на Парламентот да го разгледува и донесе понатаму одлука за негово усвојување.

**САНДЕ ДАНЧЕВ:**

Мислам да се придружам на овие комисии кои исто така донесоа заклучок последна точка од дневниот ред да биде разгледување на Буџетот односно ребалансот на буџетот и законот за негово извршување, бидејќи таксата досега посака дека барем до последната точка денес нема да

стигнеме. Така, ќе има време тоа да го разгледаме. Мислам до таа точка денес нема да стигнеме, имаме време да го погледаме, да го уврстиме дневниот ред, а мислам дека ќе имаме време и да го погледаме.

Второ, сакам да предложам уште една точка, која е последна точка од дневниот ред, ние мораме оној деловник на Собранието кој го разгледувавме по работните тела да го ставиме на дневен ред, да усвоиме нов деловник за работа на ова Собрание, така што да не доаѓаме во вакви дилеми дали да поставуваме некои точки и како да ги решаваме проблемите.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Бидејќи господинот Црвенковски каже дека СДС е да се одложи разгледувањето на ребалансот на буџетот, мене ме изненадува дали во името на претседателот на Комисијата за буџет и финансирање госпоѓата Славјанка зборуваше. Ние денес заседанавме на оваа тема и донесовме одлука да се расправа, како примарна комисија за буџет и финансирање. Интересно ми е што на еден начин незнам што е во прашање ова пркосење и недоверба на Владата од страната на СДС. Те првата точка, те втората точка, па јас Ве молам решаваме судбоносни прашања, се чекаат минути, а не се во прашање денови. Ако на некој му одговара тоа да се чека со денови, знаеме ние до каде стигна Македонија. Ве' молам да се расправа на денешната седница за ребалансот на буџетот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пак некој сака да ја сврти работата за или против буџетот. Ние како парламентарна група на СДС не сме за тоа да не се расправа по ребалансот на буџетот. Бидејќи се работи аз суштинска работа, се работи за ребаланс на буџет да се види кои се изворите на тие

средства, колкаво ќе биде оптоварувањето на граѓаните и на кој начин, ние сакаме да се убедиме самите како пратеници во текстот што е тоа што стои, а не да не убедува, секоја чест и на убедувањето на министерот, не да не убедува Владата, туку прво треба сами да се убедиме што е во тој текст. Не станува збор овде дали сме за или не. Зборуваме за еден несериозен пристап, не само сега веќе кога излегов за ребалансот на буџетот, туку и за повеќе законски проекти. Недопустливо е од вчера, вчера да се пушти било каков акт а денес да се разгледува. Тогаш ние овде сме дојдени за фискултура само за кревање рака и да не убеди некој, нема кој што да не убедува, туку прво треба сами прво да се убедиме и одговорноста е наша за донесување на тие закони. Ако веќе некој смета дека многу сериозно во вонредни околности се наоѓаме, голем дел на наши раководители во време кога многу суштински работи имавме овде расправавме овде по Уставот, не беа тука, па мислам дека и без нив таа работа се заврши.

**КИРО ПОПОВСКИ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, добивам впечаток дека доколку продолжи дискусијата, ќе не одведе во сосема погрешни води. Очигледно, клучно е прашањето добар дел од пратениците не успеале документот да го проучат. Значи, проблемот не е во документот, ниту во нечии определби, туку да се даде простор пратениците да го проучат, а сите се за тоа дека ребалансот треба да се донесе.

Во таа функција би дал еден конкретен предлог. Без разлика дали седницата ќе заврши или не денес, утре претпладне комисиите да се состанат и во текот на денот утре да го усвоиме ребалансот на буџетот. Инаку, да престанеме со беспредметни расправии.

Инаку, суштината е дека треба да се донесе да направиме дека тоа е реално и објективно и да престанеме со овие оценки, несериозно, сериозно, туку во една конструктивна дискусија да утврдиме конкретен предлог.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници, мошне е важно кога ќе се настапува да се знае до кој степен може тоа да биде конструктивно. Внимавајте, Владата некој ја поставува на такви маргини на несериозна, не ваква, не онаква, кој му дана право на некој пратеник да се искажува така за Владата без аргументи. Владата минатиот четврток го прифати ребалансот на буџетот, попладне го достави на Собранието. Петок,сабота, недела и понеделник дали можеше комисиите да работат и што не прашавте зошто не се умножил и кој бил тој што не го решил тоа прашаше да го добиете.

Второ, зошто сакаме ние за вакви сериозни работи да славиме по четири дена. Ако Владата можеше да работи нон- стоп заедно со нејзиниот претседател и да не го напушта работното место за цело време, може и комисиите да заседаваат ако треба и цела ноќ , да го разгледаат. Тоа се во прашање четири ставки, се ова станува, добро рече еден од пратениците при донесувањето на буџетот се е расчистено. Станува збор за одредени недостатоци на средства околу опскрбувањето на финансирањето на Буџетот. Се предлагаат неколку извори на приходи и неколку домени каде што треба да се зголеми сумата. Тука не се води никаква политика, туку тоа е нормална работа на секој парламент. ВО текот на годината може два-три или пет пати да се врши ребаланс посебно во вакви услови кога имаме лимитираност на изворите на средства во буџетот. Тоа е тековна работа. Тоа не е голема политика каде паѓаат влади итн., за ваков ребаланс, за што станува збор за една милијарда и неколку стотини милиони дека треба да

се изврши урамнотежување. Да се воздржуваме од оценки, не е многу вкусно да го замараме Парламентот со несериозности и со некакви неодговорности на Владата. Владата е ваша и нужно треба да има свои респект . Ако е малку времето, а јас се убедувам сега, еве еден предлог падна, дозволете вечер комисиите нека заседаваат па утре може да се седне и да се види во што е целата таа работа со ребаланс на буџетот. Мора животот да тече. Замислете другата седница после десет дена, а треба да се финансира животот на Републиката. Како можеше Владата кога го доби ребалансот на буџетот три дена да седи и да го разгледа и во четвртокот да го донесе. Замислете ако Владата вака правеше десет или 15 дена министерот да го добиеше, па да го разгледува така, па тоа е работа која бара почитување на временскиот фактор. Ние осознавајќи ја оваа проблематика дадовме директива на министерството и на сите министри веднаш да пристапат кон разработка и донесуваше на новиот буџет за следната година. Тоа значи дека се работи во еден континуитет и треба да се има еден респект и една доверба ако една Влада го разгледала ребалансот, ги утврдила пукнатините на изворноста на средствата, не можноста да се скратува животот во работењето, имајте една доверба тоа да го извршиме. Дали ќе биде денес или утре нека влезе во дневниот ред, а нормално е комисиите сите да го разгледаат. Ме радува фактот што комисијата за буџет го разгледала и го прифатила.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, комисијата за финансирање и буџет иако најпрво го имаше предвид тоа дека не беше навреме доставен Буџетот до сите пратеници и ние како членови на Комисијата го имавме добиено вчера, тргнувајќи од тоа дека буџетот треба да се донесе дали на денешниот ден или натаму во наредните денови, сепак одлучивме да го ставиме на дневен ред и да расправаме по ребалансот на буџетот Инаку, ги имавме целосно фактите дека сигурно другите пратеници не ќе бидат во можност да го

разгледаат буџетот, поради специфичноста и одредени терминолошки и стручни работи што ги содржи буџетот во себе. Но, сепак сметавме дека треба да го гледаме и денес на Комисијата беше ставено на дневен ред и беше разгледан ребалансот од тоа со одлука на сите пратеници што беа во комисијата за финансирање и буџет. Инаку, извештајот сеуште не е доставен, затоа што има доста голем број забелешки и сигурно во текот на денешниот ден ќе се достави извештајот и пратениците ќе имаат можност да го погледаат. Сепак, оставам на пратениците да одлучат дали ќе се стави денес на дневен ред или не. Инаку, извештајот од Комисијата и мислењата на комисијата ќе ги имате во текот на денешниот ден.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, само неколку реченици, мене ми е драго посебно што Владата се грижи да не се сопре животот во Републиката и што инсистира на мерки кои што ќе овозможат вормален тек и на репродукција и на животот и на сите потрошувачки грла кои што се наместени да цицаат од јаслите на државата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Ние таков пристап на Владата поддржуваме, напротив на многу седници од овој Парламент и баравме и брзи мерки за повеќе работи од економскиот и политичкиот живот на Републиката. Пред некој ден учествувајќи во емисијата "Отворен екран" на Македонската телевизија претседателот на Владата даде покрај другото една изјава дека Владата одлучила да врши постојана пресија врз Парламентот со тоа што ќе му нуди континуирано прописи кои што тој ќе мора да ги разгледува брзо, да одлучува итн., едноставно да не може Парламентот да крене глава од тоа што ќе му биде предлагано од страна на Владата. И тоа се разбира е добро ако Владата постојано го храни Парламентот со прописи и во рамките на една политика за стабилизација на Републиката. Сето тоа ние можеме да го прифатиме, меѓутоа ако се работи за пресија од овој тип, вчера предлог, денес изјаснување на Парламентот за крупни прашања, тогаш таков вид на пресија навистина не е добар. Овде не се работи за оспорување на потреба за ребаланс на буџетот. Нас ни е доволно јасно во овие услови на инфлација дека ниту еден замислен буџет, или финансиска ставка во почетокот на една година може по 5 месеци да издржи, незнам целосна верификација. И сигурно ќе треба континуирано усогласување. Можеби и ова не е она што е вистинската потреба буџетска во дадениот момент. И во образложението дури гледаме дека барањата биле на овие што се на јаслите на државата за 3.500 милијарди , па Владата нешто скратила\ Но се работи за еден предлог за зголемување на буџетот за 1/5, односно за 22%, 23%. Се работи за 2.158 милиони динари, или во стари бројки да го кажеме, се работи за 2.160 илјади милијарди. Бројка што никој од нас во овој момент не ја допира, а да не речам оваа јавност како ја доживува таа бројка во овие инфлаторни услови. Се работи за 1/5. Вчера е предлогот, денеска изјаснувањето. Дозволете навистина да поразмислат пратениците, може

еден ден, дна,плус. Владата можела да расправа и ноќе и дење, но можела да расправа ноќе и дење и пред една недела, и пред 10 дена во врска со Буџетот, буџетската година завршува тогаш и тогаш, се се знае тоа. Не може врз основа на тоа да се бараат оправдувања , сега сопре животот и вие мора ова да го прифатите! Па ние може ќе прифатиме и поголем ребаланс на буџетот, но да имаме шанса да го погледаме како членови на Парламентот и да кренеме рака со совест. Се работи за оптоварувања на стопанството, на граѓаните. Затоа што пак во следна точка од дневниот ред нас ќе ни дојде колкави се оптоварувањата на стопанството. Тогаш пак каков став ќе заземеме ние ви за ви сите овие притисоци што доаѓаат од стопанството, од граѓаните во рамките на целокупните незадоволства од фискалната и даночната политика, или целиот систем на општествено финансирање. Само за тоа се работи, не се работи за тоа дали сакаме, или не сакаме,, ништо повеќе од тоа.

**ФАИК АБДИ: .**

Почитувани пратеници ќе се потрудам друг пат да побарам збор пред да се јави Гошев на оваа говорница за да зборува помалку после мене.

Јас материјалот за ребаланс на буџетот не сум го добил и воопшто незнам што пишува внатре, што се предлага. Сигурно во приходниот дел нешто се изменува, нешто се зголемува, а за да се зголеми некој расходен дел се зголемува приходниот, каде, колку и како итн. Расходниот дел каде, колку на товар на кого итн. Меѓутоа, да речам на рана мелем добро е ова што се предлага да се усвои, да launched денеска нема да биде завршена седницата, кој знае кога ќе почне дневниот ред. Седницата сигурно ќе трае утре, па и задутре можеби ќе трае. Сигурно на Комисиите ќе седнеме, ќе

разгледаме и секое остро око на добар економист ќе види точно каде е и што е. Сигурно Министерството за финансии, една група луѓе таму работеа на оваа проблематика и Владата тоа го разгледа. Јас сум за тоа, она што предлага СДС. Ребаланс на буџет не смее да се предложи од денес за утре, односно вчера за денес и ајде кревајте рака. Мора да му дадеме важност на тој акт. Тоа е голема работа. Меѓутоа да појдеме од една неминовна потреба за донесување на тој акт сега. Јас сум за тоа да има простор Комисиите да седнат и да расправаат малку, да видиме што е тоа, од каде се зема, каде се дава, кој ќе биде оптоварен, што граѓаните, а што некои други. итн. Значи јас го поддржувам предлогот да влезе во дневниот ред, па на Комисиите да расправаме. Јас верувам дека сите ние, сите оние кои што знаат да и дадат душа и јазик на цифрите ќе најдат каде е тоа, од каде произлегува и каде ќе оди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи Комисијата за финансии и буџет се согласува тоа да биде на дневен ред тогаш, треба да се изјасниме по предлозите на Комисиите кои не се согласуваат , затоа што само тоа е нов предлог во однос на дневниот ред кој е овде даден. Тоа е Законодавно- правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана. Меѓутоа, обрнувам внимание дека поголем број од Комисиите не го разгледале предлогот за измена на буџетот.

Кој е за предлогот на Законодавно- правната комисија и Комисијата за внатрешна политика да не биде уврстено на сегашната седница, туку на првата наредна седница измената на буџетот, молам да крене рака (47 пратеници гласаа за овој предлог на Комисијата.)

Кој е против овој предлог на двете Комисии? (41 пратеник).

Дали некој се воздржува? (1 пратеник)

47 пратеници се за овој предлог на Законодавно -правната комисија и на Комисијата за внатрешна политика, 41 се против тој предлог и 1 воздржан.

Според тоа, не можеме да го уврстиме изменувањето на Републичкиот буџет за 1991 година.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Најнормално е да предлогот на Владата и предлогот на матичната комисија се става на гласање. Немојте почитуван претседателе да создавате збркување во гласањето. Луѓето не сфатија за што гласаат . Според тоа, се поставува прашање кој е за предлогот на Владата и Матичната комисија, Комисијата за буџет и финансирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Владата нека си ги води своите седница на Владата, а овде ние работиме по Деловник. Предлогот на Владата е поделен. Ова е предлогот на Комисиите е нов предлог. Тоа е амандман и по сите деловници во светот тој се дава на изјаснување . Тоа е така, а исходот можеби и мене не ми се допаѓа . Тоа е така по деловник.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници јас го изразувам своето сомневање во резултатот од ова гласање и според членот 127 барам гласањето да се врши поединечно. Членот 127 е мое право . Имам поддршка од 10 пратеници и според првиот став од членот "поименично гласање се врши ако тоа го побара еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници”. И третиот став од овој член исто така

да се почитува кога ќе биде завршено прозивањето повторно се прозиваат пратениците за кои во списокот не е одбележано дека гласале.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 10 пратеници кои го поддржуваат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Немам против ќе се прозиваме, како што се прозивавме и за други работи и ќе ги одолжуваме седниците колку што сакате, тоа не е проблем . За тоа не станувам. Меѓутоа, сакам да кажам дека ниеден од пратениците нема да остане без плата ако не се усвои ребалансот на буџетот, а во кулуарите слушнав и такви зборов дека навистина нема да земеме плата ако не го изгласаме ребалансот

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Ние пред две недели донесовме овде устав за самостојна суверена и независна Македонија. Што со тој Устав ние добиваме? Две битни точки на дневен ред каде што се бара економска самостојност која е најголема самостојност, без неа се ни е само парче хартија, не дозволуваме да се расправа. И втората точка ребалансот што треба да го расправаме каде што се расправаат битни прашања од сферата на народната одбрана и Министерството за внатрешни работи, ние го одложуваме тоа прашање. Ве прашувам вас дали вие и понатаму сте за оној Устав што го донесовме за самостојна, суверена и независна Македонија, или ги одложуваме тие работи?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме еден предлог. Да го прифатиме Предлогот на господинот Јакимовски и да постапиме по него.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа мене ми е многу жал што земам збор, но од невкус ќе мора да се бега. Во врска со расправата дали да остане точкана на дневен

ред, или не, на неколку пати јас бев лично конфронтиран со невкусни искажувања, а ова последното господине Гошев ќе морате да ми простите, навистина не можам да го поднесам. Не е тука работата дали пратениците ќе добиеле плата, па затоа тие ете сега се залагаат да влезе точката во расправа, ни најмалку . Јас нема понатаму да елаборирам кој,колку од тука добива плата, кој колку од фирма своја, или не своја, општествена, или ничија итн. Познато ни е во овој Парламент какви сме се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да поминеме на гласањето. Јакимовски, да дообјасни.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Не се работи за никакво дообјаснување, само да се одбранам ете така од една клевета, бидејќи јас бев тој што го изразив сомневањето во гласањето и побарав поименично гласање. Да кажам дека јас не го остварувам својот личен доход овде во Собранието , па да се засекирам за пратеничката плата .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас чувствувам дека некои луѓе гласаа не за таа определба што е дадена, изгледа не го сфатија проблемот. И затоа може да има смисла ова што Јакимовски го дава, а тој со 10 гласа беше поддржан и треба господинот Шиковски да мине на прозивање.

Станува, збор за тоа што ЗПК и Комисијата за внатрешна политика предлагаат оваа точка да се одложи за наредна седница, да не се уврсти во дневниот ред на 27-та седница. И кој ќе гласа "за", гласа за тоа, а кој е "против" е против тоа, тогаш е за урврстување на седницата денес , на основниот предлог.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ** (прилог )

лично конфронтиран со невкусни искажувања, а ова последното господине Гошев ќе морате да ми простите, навистина не можам да го поднесам. Не е тука работата дали пратениците ќе добиеле плата, па затоа тие ете сега се залагаат да влезе точката во расправа, ни најмалку . Јас нема понатаму да елаборирам кој,колку од тука добива плата, кој колку од фирма своја, или не своја, општествена, или ничија итн. Познато ни е во овој Парламент какви сме се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да поминеме на гласањето. Јакимовски, да дообјасни.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Не се работи за никакво дообјаснување, само да се одбранам ете така од една клевета, бидејќи јас бев тој што го изразив сомневањето во гласањето и побарав поименично гласање. Да кажам дека јас не го остварувам својот личен доход овде во Собранието , па да се засекирам за пратеничката плата .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас чувствувам дека некои луѓе гласаа не за таа определба што е дадена, изгледа не го сфатија проблемот. И затоа може да има смисла ова што Јакимовски го дава, а тој со 10 гласа беше поддржан и треба господинот Шиковски да мине на прозивање.

Станува збор за тоа што ЗПК и Комисијата за внатрешна политика предлагаат оваа точка да се одложи за наредна седница, да не се уврсти во дневниот ред на 27-та седница. И кој ќе гласа "за", гласа за тоа, а кој е "против" е против тоа, тогаш е за урврстување на седницата денес , на основниот предлог.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ** (прилог )

## СПИСОК

## на пратениците во Собранието на СР Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ХАМИД АЛИУ | за |
| 4. ЕШРЕФ АЛИЈИ | не е присутен |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 11. ДРАГИ АРСО | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | против |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | не е присутен |
| 16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 19 . ТУШЕ ГОШЕВ | за |
| 20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 22. САНДЕ ДАНЧЕВ | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. РАТКА ДИМИТРОВА | против |
| 27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | против |
| 28. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 29. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 30. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |
| 32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | против |

33. НАСЕР ЗИБЕРИ за
34. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ не е присутен
35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ за
36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ против
37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ за
38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ не е присутен
39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ за
40. ИВАН ИВАНОВ за
41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ против
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ против
43. РИСТО ЈОВАНОВ против
44. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА за
45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ за
46. ТАШКО КИРО против
47. ЗОРАН КИТЕВ против
48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ против
49. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ против
50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за
51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ воздржан
52. НИКОЛА КРСТЕСКИ против
53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА против
54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ против
55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ против
56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ за
57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ за
58. ЕФТИМ МАНЕВ за
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ за
60. ПАНЧО МИНОВ против
61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ не е присутен
62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ за
63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ против
64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ не е присутен
65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ за
66. АВДИ МУРТЕЗАНИ за
67. НАИФ МУСТАФА против
68. СИМОВ НАУМОВСКИ за
69. ПАНЧЕ НАСЕВ воздржан
70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ не е присутен

| | |
|---|---|
| 71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е присутен |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | против |
| 77. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е присутен |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е присутен |
| 81. КИРО ПОПОВСК | против |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е присутен |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | против |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | не е присутен |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | против |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 92. НАЌЕ СТОЈАКОВСКИ | не е присутен |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НИКОЛА. СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 96. ТОМИСЛАВ. СТЕФКОВСКИ | за |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 104. ПЕТРЕ.ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | против |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 107 ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | не е присутен |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 115. БРАНКО ЦРВЕККОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е присутен |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е присутен |

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Бидејќи имаше предлог тие што не беа тука и не гласаа да им дадеме можност сега повторно да се изјаснат (негодување).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, соопштете ги резултатите.

**ИВАНОВСКИ СИМЕОН:**

Јас сакам да изнесам една вистина која се случи при ова гласање. Имено, одредени пратеници кои не се присутни во салата за нив гласаа други, без нивна волја. Имам и конкретен пример. Според тоа пред да се соопшти гласањето, изразувам сомневање дека е точно гласањето и предлагам да се повтори гласањето пред да се соопштат резултатите од него. Еве господинот Александар Флоровски два пати гласаше. Еднаш за еден од нашите пратеници, за Горѓи Бојков кој не е тука и гласаше уште еден за еден од пратениците од албанската народност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали има забележано Ѓорѓи Бојков како гласал.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Горѓи Бојков не гласал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дајте да завршиме со оваа работа.

Го молам секретарот да ги соопшти резултатите од гласањето.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Според извршеното гласање резултатите се следните. Против се 53 пратеници, за гласале 46 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа предлогот на Законодавно- правната комисија и на Комисијата за внатрешна .политика не е усвоен.

Меѓутоа, предлагам да се прифати предлогот по оваа точка расправа да се води утре, без оглед дали завршуваме денес, бидејќи тоа беше предлог на повеќе пратеници.

Молам, кој е за предлогот да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Констатирам дека предлогот што го дадов е усвоен.

Имам уште еден предлог врзан за ова, а се однесува на точката 2. Оваа точка има иста судбина. Во меѓувреме за овие две точки одиме на седница на Комисијата.

1. Предлог за изменување на Републичкиот буџет за 1991 година.

2. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година, со Предлог на закон.

Имаше предлог од господинот Горѓев прво да се расправа за Анализата. Јас мислам дека тоа не е неопходно.

Дали предлогот да го дадеме на гласање? (Да).

Господинот Петар Ѓорѓиев инсистира да се изјасни Собранието.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Сметав дека мојот предлог ќе биде предложен од страна на Владата, бидејќи точки на дневен ред да бидат прво точките од економската сфера, од причина што е најавено дека ќе има и воведни излагања во врска со точките од дневниот ред. Оттука сметав дека е поупатно прво да ги сослушаме воведните излагања а после тоа веднаш водиме расправа по

точките кои што се од економската сфера. Оттука и мојот предлог јас го дадов, а тоа е и предлог на Пратеничката група на РС- Либерална партија. Сметам дека треба веќе да престанеме со одредени наши споредни тактизирања и да преминеме на економските прашања кои што се суштински и за кои веќе треба да се произнесуваме. Тоа не е само барање од нашата Партија, туку тоа е и барање од стопанствениците, тоа е и барање од граѓаните од Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да го слушнеме претставникот на Владата.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Владата нема против ако настане промена во редоследот на точките што се на дневен ред. Тоа зависи од определбата на пратениците. Точките се присутни во дневниот ред и Владата е спремна по нив да даде, независно кога ќе се расправа, соодветен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тогаш предлогот на господинот Горѓиев го давам на изјаснување.

Кој е за, молам да крене рака? (33).

Според тоа ниедно потребно мнозинство не е обезбедено и тој предлог не е усвоен. Меѓутоа минимум е како што знаете 40 гласа, без оглед колку присутни гласале овде.

Според тоа овие три точки што беа предложени си остануваат таму каде што се назначени во дневниот ред.

Дали има некој друг предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ФАИК АБДИ:**

Јас првпат овде излегувам да предложам нова точка на дневен ред и тоа во пишана форма, бидејќи има една работа која мора да се расчисти тука во Собранието.

Се работи за една програма што ја има изготвено Владата, потпишана од Република Македонија и Германија, за реинтеграција на Ромите.

Дозволете ми да кажам неколку збора за што се работи.

Програмата за реинтеграција на нашите граѓани Роми, т.н. азиланти од Германија, постапно се реализира. Како што е познато ставот на мојата партија ПЦЕР и мојот личен став беше Ромите во Германија да добијат престој, да работат и така еманципацијата ќе го учинеше своето. Но, германската страна особено Северна Рајна Вествалија не прифаќаше ништо друго освен да ги врати “милом или силом". Ова тие го нарекоа реинтеграција или нешто друго.

Како партија на првите разговори водени меѓу претставниците на Северна Рајна Вествалија и Југославија, некаде во месец септември 199 0 година кога уште не бевме ние овде побаравме да им помогнат на Ромите, да им направат куќички и се што треба во нив, 6 месеци да добијат плата или социјална помош. За тие 6 месеци работоспособните по пат на курсеви да се преквалификуваат, за истото време да се изгради некоја фабрика и по 6 месеци од нивното доаѓање да имаат и трајно вработување.

На општо задоволство нашата Влада со Владата на Северна Рајна Вествалија, пред 3 до 4 месеци склучија договор, а Германците вложуваат денизи. Не ми е познато колкана е сумата, некаде 13 до 14 милиони марки, можеби и повеќе, не знам.

Куќичките се направени, опремени, Ромите дојдоа како повратници и дури синојка за прв пат имав средба со нив.

Досега јас не сакав да се мешам, бидејќи со Ромите многу лошо се манипулира и таму во Германија а и овде во Македонија, а особено во Скопје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не се впуштајте сега во расправа.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам не е расправа ова.

Се разбира, има многу Роми кои што немаат ниту каде да живеат ниту каде да работат. Но, реинтегрираните Роми се овде во Скопје, а програмата се однесува за целата Република Македонија. Добија убави куќички, поминаа дна месеци со апанажа, а од курсевите никаков траг и прашање е каде ќе бидат тие трајно вработени.

Затоа јас предлагам ако не друго барем да се внесе точка на дневен ред под наслов Како се остварува програмата за реинтеграција на Ромите од Македонија кои доброволно потпишаа договор со Германците да се вратат во татковината. Кои услови беа потпишани таму, а кои услови сега им се обезбедени и што понатаму ќе биде со нив. Овде напоменувам дека Ромите се спремни да се јават во Германија и да пропадне овој договор, а овде работа обезбедува еден дел Преспа и Факом за своите работници, а има и некои други работи кои се корисни за Македонија.

Напоменувам дека имав една средба со господинот министер за урбанизам, господинот Лепавцев. Добив информација од него дека германската страна вложува дна милиони марки за отворање на работни места за овие луѓе. Сеуште нема ништо од ова. Дури беше и кажано дека ќе се направи нешто.

Нагласувам дека веќе трет пат доаѓаат официјални претставници на Северна Рајна Вествалија во Македонија, а единствената легитимна партија ПЦЕР и нејзиниот претседател Фаик Абди не е повикан ниту на една средба. Овде има пратеници кои што се членови на нашата Комисија, Комисијата за надворешно- политички прашања, ќе потврдат, тие доаѓаат ме бараат и мене а јас воопшто не сум известен. Интересна работа, зошто?

Барам за тоа, седницата ќе трае можеби и утре и задутре, па Министерството нека се заложи, да поднесе информација и да видиме за што се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, го сфативте предлогот на господин Абди. Тој предлага да се уврсти нова точка на дневен ред. Можно е деловнички сега да се предложи, но треба да се образложи и итноста на тоа и да се слушне мислењето на Владата. Значи да ја образложите итноста.

**ФАИК АБДИ:**

Ако се сеќавате јас поставив едно прашање што станува со Ромите во Германија. Добив одговор дека тие работи навлегуваат во одредена степен на тајност и заради тоа не се даваат во јавност. Инаку јас го имав одговорот. Бидејќи тие се тука и нема тајна, тука се луѓето и може да пропадне тој договор од кој Македонија има голема корист, особено работа за Факом и за Треска, а и за тие граѓани кои што може да добијат нешто од Германија. Зарем не е тоа итна работа. Ако сега се јават Ромите во Германија и да кажат дека обврските не се извршени спрема нив, не им се исплатува и не им се обезбедува работа, а вчера помошникот на министерот Лепавцев господинот Шумковски ми препорача да не станувам

денеска и да не го поставувам тоа прашање. Па ве молам ако ова не е итно за Македонија, повелете нека не биде итно, само лошо ќе биде, ќе губиме девизи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, мислењето на Владата треба да содржи оценка на итноста и готовноста на Владата да подготви материјал за време на седницата за да може да се гледа тоа сега.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Прашањево е премногу сериозно за да можеме да го пресечеме на оваа седница. Програмата се реализира а во која фаза и како, надлежните министерства и Владата по повод ова барање на пратеникот Абди ќе даде одговор. За детали сега мислам нема потреба да расправаме бидејќи самата програма и задачите од програмата се во тек на реализација. Ние прифаќаме по тоа прашање да дадеме соодветен извештај на Собранието и за степенот на извршувањето на спогодбата и за евентуалните проблеми што произлегуваат од аспект на она што пратеникот Абди овде посебно акцентираше.

Ако Собранието се одлучи да го стави на дневен ред, во продолжението на седницата ние можеме да дадеме одговор. Меѓутоа за денеска мислам дека е неможно да дадеме подетален одговор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со цело почитување спрема министерот Тошевски, јас мислам дека Владата во овој момент не е подготвена да даде било каков одговор од причина што од Владата присуствуваат на нашата седница господинот секретар, министерот за финансии и заменик министерот за информации. Дали треба Владата да ги следи седниците на овој>Парламент или не,тоа ни сами треба да дадеме одговор на себе, бидејќи ние ја избираме таа Влада. Ако Владата не нашла за скодно министрите, претседателот, потпретседателите да не присуствуваат тука, да не слушаат за што се работи, јас лично мислам дека господинот Тошевски не е компетентен да ни даде одговор за ова прашање, бидејќи беше спомнато Министерството за урбанизам односно заменикот министер Шумковски. Да станеше некој од потпретседателите на Владата или претседателот, тоа е веќе друга работа. Јас мислам дека Владата треба да си го промени односот спрема овој Парламент односно да присуствува на ' нашите расправи. Не е прв пат откако е конституиран овој Парламент Владата воопшто да ја нема овде и да не слуша за што се работи. Јас мислам дека светските искуства во парламентарната демократија тоа ни го наложуваат.

**ФАИК АБДИ:**

Јас не сакам воопшто да полемизирам по ова прашање, мислев дека ќе наидам на разбирање кај Владата, меѓутоа ги молам пратениците да ме разберат во ова ако ние како Парламент ја задолжиме Владата таа сакала или не за ден дна ќе мора да подготви една информација со она што е направено. Без разлика дали сакаат или не сакаат, без разлика да не кажам нешто лошо затоа што ги знам сите детали. Јас молам да се донесе ваков заклучок да ја задолжиме Владата иако не е присутна, штом ќе ја

задолжиме таа ќе мора да поднесе информација. Тоа е многу важна работа да знаете, се крие многу голема работа околу сето ова, многу се манипулира со ова прашање и е од европски размери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го уважувам укажувањето на господин Пановски и мислам служните да ги повикаат претставниците од Владата. Не навлегувам во тоа јас мислам дека Тошевски е компетентен, меѓутоа, точно е дека Владата треба да биде присутна.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, четири часа така го јадеме времето Дедо ми викаше од три буки едно вретено не можат да направат, а сега ние од десет буки едно вретено не можеме да направиме.

Ве молам, прво имам една забелешка и кон Владата, не кон комисиите , затоа што кога ги носат предлог- одлуките немаат координација со комисиите од Собранието. Не можат да се носат предлог- одлуки денес и да се даваат веднаш на комисиите на разгледување и да се носат закони. Треба да има една координација неколку дена пред да се носат одлуките и да не се носат во пакет, туку да се има еден ред така што координаторите од комисиите да излезат со јасен предлог пред ова Собрание.

Уште една работа. Многу време ни одземаат дискусиите дали да се прифати комисијата или Владата. Во некои елементи од тие предлози гледам дека Владата е во предност има право, бидејќи живееме во едно време кое не знаеме што ни носи со секундите не деновите, мораме да прифатиме брзопотезно некои одлуки на Владата, но пак обрнувам внимание на Владата , нека ми простат бидејќи не се тука сите компетентни од Владата да не се злоупотреби, туку ова Собрание благовремено да се известува за сите потези кои ќе ги презема понатаму за добросостојбата на

овој народ.

Да ви кажам право не сум во дилема да кажам дека завчера ја прогласивме Македонија како независна држава. Очекувам од оваа седница нешто повеќе, некои закони кои се битни за самостојноста на државата. Меѓутоа, гледам од тие пет-шест закони кои се најелементарни за достоинството односно за одење понатаму на државата во овие да ги наречам односно не да ги наречам туку одиме во обединетите нации и бараме незнам што, треба малку да сме јасни во тие закони и треба што поитно да се донесат. Да не се наметнуваат во овие предлог- одлуки некои закони кои се најелементарни за државата. Ми се чини дека ако тие закони кои се темел на оваа држава ги донесеме толку побргу , толку побргу ќе бидеме прифатени во Европа, Обединетите нации и толку побргу ќе бидеме прифатени и од државите во Европа и пошироко. Затоа ќе ве молам овие одлуки на Владата кои ги има донесено треба помалку да се зборува, а побргу да се донесуваат затоа што некои се ~ веќе престари за мене, а сега се носат, реков некои се веќе за сега кои треба да се донесат,но да не ни одзема време и да сакаме да се надминуваме во дискусиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве дојде господинот Ристовски, потпретседател на Владата, а еве и надлежниот министер господинот Лепавцов, прашањето е односно предлог е овде да се стави како точка на дневен ред Информација за проблематиката на враќање и реинтеграција на Ромите- азиланти во Германија. Дали можете да дојдете да објасните, дали може да се стави на дневен ред или не можете сега да подготвите информација за оваа седница. Тоа не е прашање, тој сака тоа да биде на дневен ред во расправа, а треба да има пишан материјал па дали сте во состојба тоа да го дадете, во тоа е прашањето и да биде во оваа 27-ма седница.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Во секое време можеме да подготвиме материјал, се разбира бидејќи тој проблем е наследен од минатиот состав, а го спроведува и реализира нашата Влада. Проблемот е сосема отворен нема никакво ембарго на тие материјали во демократскиот дух на нашата Влада и до колку пратениците бараат во секое време можеме да го направиме, да го доставиме само нека се даде акцент дали тоа треба да биде опширен материјал, или да биде среден материјал или да биде краток. Како сакате така ќе го направиме.

**ФАИК АБДИ**: (од место)

Ќе се договорам со вас.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Не. Нема со вас ништо да се договарам, јас се договарам со сите пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, значи имаме одговор. Не се оспорува итноста на овој проблем, тоа го слушнавме од господин Тошевски, а господин Лепавцов кажа дека тие се во состојба да дадат пишан материјал за тоа.

Според тоа, исполнети се сите услови овој предлог на господинот Абди го ставам на изјаснување на Собранието.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

67 пратеници гласаа за овој предлог.

Молам, кој е против овој предлог? (Никој)

Дали некој се воздржа од гласање? (8)

8 пратеници се воздржани.

Според тоа констатирам дека овој предлог на господинот Абди Информација за проблематиката за реинтеграција на Ромите азиланти во Германија е уврстена на дневниот ред како последна точка, а Владата се задолжува да поднесе информација да може да биде гледана на време.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, предлагам да направиме дополнување на точката 21 Анализа за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот 1986-1990 година со предлог на мерки посебно околу откупната цена на тутунот. Ова го предлагам од причини што ние како Република и Владата веројатно од оправдани причини заради тоа што надлежност на сојузниот извршен совет беше . до сега утврдување на откупната цена на тутунот, но како се изменија работите тутунот остана со цена која воопшто не одговара

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Џаферовски да ви кажам се што сакате да 4 кажете можете да кажете и предложите во точката 21 и мерки и прашања да поставите, се може. Според тоа, точката 21 дава можност за се што го велите вие.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Тоа е во ред, меѓутоа во анализата нема ништо за тутунот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш ќе го поставите тоа прашаше во расправата и тогаш да барате одговор од Владата.

Дали има друг предлог за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака

88 пратеници гласаа за предложениот дневен ред.

Молам, кој е против? (Никој).

Дали некој е воздржан? (4)

4 пратеници се воздржани.

Според тоа, констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлагам да појдеме на пауза до 17 часот за ручек.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот).

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 17,30 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да си ги заземат местата.

На седницата присуствуваат 93 пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Предлагам да минеме на третата точка, бидејќи првата и втората точка се договоривме да ги расправаме на крајот на седницата.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за телеграфска агенција на Македонија "ТАМ".

Предлогот за донесување на закон и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно- правната комисија, Комисијата за финансираше и буџет и на Комисијата за општествено- политички систем Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Ристо Ќелешов.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници,

Не е спорна потребата од новинска агенција која ќе го информира и уште повеќе ќе го афирмира овој македонски простор синкроно со процесите на демократизација на општествено- политичките и развојот на

политичкиот плурализам како физиолошки еволутивен процес во континуитетот на изградба и надградба на општествената свест. Меѓутоа, дали "ТАМ" пред повеќе од четири ипол децении во Титовелешкото село Горно Врановци, каде што почна да се оживотворуваат историските одлуки на Првото заседание на АСНОМ започна со работа и првата телеграфска агенција на Македонија "ТАМ", во поновата историја на државата на македонскиот народ. Со тоа е остварена одлуката на Президиумот на АСНОМ донесена на неговата трета седница одржана на 2 септември 1944 година во Манастирот Прохор Пчински. Со тоа "ТАМ" станува една од првите меѓурепублички и покраински редакции на Југословенската новинска агенција "Танјуг". После ослободувањето на Скопје "ТАМ" продолжува со работа во нашиот главен град, емитувајќи ја вистината за Македонија како слободна држава до сите меридијани. Сето ова недвосмислено сугерира сознание дека "ТАМ" постои во Македонија од 2 септември 1944 година.

Предлогот на Владата на Република Македонија за донесување на закон за телеграфска агенција на Македонија со безрезервна прифатливо образложение за наметната неизоставна потреба која ќе настојува да ја задоволи потребата на граѓаните од вистинско, навремено и објективно информирање за настанатите во Републиката, земјата и светот не става пред дилемата дали новопредложената "ТАМ" треба да биде нова и може да биде нова, дали значи негација на АСНОМ-ската, или нејзино повторно озаконување, дали новата треба и може да биде конкурентна или комплементарна агенција на една веќе постоечка со традиција и со историја телеграфска агенција на Македонија.

Јас би го молел експертот по информирање да ни помогне околу расчистување на овие дилеми.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Тргнувајќи од фактот дека брзиот развој на настаните во Југославија делуваат на разбивањето на единствениот информативен простор во земјата верувам дека во сегашни услови потребата од формирање на телеграфска агенција т.е. "ТАМ" особено за информирањето на нашите сонародници во дијаспората е нужно. Меѓутоа, уште на почетокот сакам да истакнам дека со формирањето на "ТАМ", како што е предложено во законот, а при услови кога постои и делува Министерството за информации си создана уште една институција која паралелно ќе ги дуплира работите околу информирањето за и во Македонија.

Во материјалот кој ни е понуден во точка 1 причини за донесување на закон се наведуваат, цитирам:

- Информирањето со посредство на "ТАМ" ќе овозможи јакнење на македонската демократија и миројубива разврска на југословенската криза. Во секој случај можам да кажам дека тоа е голема фраза за која и покрај нашата желба "ТАМ" не може да ја овозможи. Поточно, не гледам како ќе ја зајакне македонската демократија или ќе овозможи миројубива разврска на југословенската криза.

- точката 2, за основните начела, врз кои се заснова законот ништо не се кажува како ќе се прибираат, обработуваат и дистрибуираат информациите. Ако се знае дека една телеграфска агенција е фабрика за информации, особено денеска кога во светот постојат најсовремени брзи,

комуникативни средства со чија помош тоа може да се обави мора да кажеме дека тој сегмент е еден од најважните. Но, во материјалот за тоа нема ништо. Точно затоа си земам за слобода да му поставам прашање на претставникот на предлагачот како тоа тактично ќе биде реализирано. Самиот назив "ТАМ" јасно говори за дистрибуирање на информации по телеграфски пат, бидејќи е телеграфска агенција. Меѓутоа, колку тоа чини и дали е само по пат на телеграфија, за тоа што ако се работи за секојдневно информирање тоа се огромни финансиски средства. Од тие причини логички произлегува прашањето дали ние во сегашни услови сме во можност тие средства да ги обезбедиме.

Неопходно се нужни приемни или предајни компјутерски или други уреди, радиоврски и на тоа слични работи. Со еден збор комуникационите врски во ваков случај се еден од основните потреби. За да се обезбеди тоа нужни се огромни финансиски средства за да се екипира предајност односно приемниот центар за * да можат да се достават и примаат потребните информации. Не е доволно само да се каже дека е тоа телеграфска агенција. Нужни се и технички кадри кои ја познаваат техниката и компјутерската .„ дејност. Нужно е да се има помошен персонал и на крајот , потребни се новинари кои сето -тоа агенциски ќе го обликуваат.

Понатаму, во материјалот се вели "пазарно стопанисување и можност самостојно да се располага со средствата остварени со сопствена дејност". Која е таа дејност? Дали се тоа билтени споровозни информации, дневни вести и на тоа слично кои треба да се достават до претплатниците во земјата и странство. Се наведува дека тоа ќе се емитува само на македонски јазик за сонародниците во дијаспората. А, како се замислува да ја информираме Европа, Америка, Австралија и другите земји. Да напомнам

нужен е сервис на јазиците кои се говорат во тие странски земји. За тоа во материјалот нема ништо.

Во Предлог-законот во член 1 се вели дека "ТАМ се основа за извршување на новинско- агенциски работи". Се прашувам дали воопшто се постави прашањето имаме ли кадри од сферата на новинско- агенциското работење, или се мисли на примена на искуството на Хрватската новинска агенција "ХИНА". Дали можеби се планира тоа да се стори и со кадарот на сегашната редакција на ТАНЈУГ за Македонија. Во новинарството има различитости во делокругот за работа. Агенциското е посебна специјалност кратко и јасно без фрази и на тоа слично. Не е се исто да се пишува агенциска вест или информација за вести, радио, телевизија. Тоа се специфичности за кои ние требаше да бидеме информирани како и на кој начин сето тоа ќе се решава. Тоа не е образложено. Нема ни збор за овие и слични прашања. Ова е сериозна работа која бара творечка работа и огромни финансиски средства.

Во Предлог-законот преголема важност се дава на советот кој само може да советува, а не да работи. За дејноста на советот во законот треба да стои само дека "ТАМ" ќе има совет од 12 члена, а со посебен документ ќе се каже кои се задачите на советот. Сметам дека нелогичностите околу прашањето на основачот треба да се отстранат. Која е причината законот да се донесува во Парламентот, а директорот да го назначува Владата. Ако е желбата "ТАМ" да биде владина агенција тогаш е подобро телеграфската агенција место со закон во Собранието да се основа со одлука на Владата на Република Македонија. Со право поставуваме прашање за претходните јавни истапи на сегашниот претставник на предлагачот кој беше

категоричен дека на Македонија не и треба национална телеграфска агенција, интервјуто за Скопски и Студентски збор и дека искуството во ХИНА јасно говори дека вакво нешто би ја снашло и нашата агенција. Во комисиската расправа во Парламентот се постанија бројни прашања, но одговори немавме. Беше решено воспоставени се контакти со странски агенции, (Албанската, Австралиската и Турската агенција). Прашувам дали само со овие агенции, што е со другите? Ништо не сме запознаени како на идејата за формираше на "ТАМ" гледаат нашите гласила за јавно информирање. Дали е воспоставен контакт со "Нова Македонија", "Вечер", МРТ, што овие новински куќи мислат, или имаат свои согледувања или предлози што ова денес се предлага. Затоа, со оглед на тоа дека се работи за сложен и обемен закон предлагам:

Прво, основач на "ТАМ" да биде Собранието, а не Владата " на Републиката Македонија,

Второ, да се обезбеди претходна расправа каде би се приклучиле луѓе од областа на информирањето кои би работеле околу подобрувањето на предлогот, законот и образложението,

Трето, да се достави и финансиска конструкција и образложение како ќе се обезбедат средства за формирање на "ТАМ".

**РИСТО JОВАНОВ:**

Сакав една мала реплика на двајцата дискутанти за дискусијата за формирањето на ТАМ. Јас вака мислам. Се што мириса на македонски го негирате господо од СДСМ. Плачете по ТАНЈУГ. За информациите што ги доставува ТАНЈУГ биле на штета на македонската држава, дали сакате и понатаму ТАНЈУГ да Ви биде Ваша заедничка агенција со што би оствариле

потполн монопол на информациите, односно единствена вистина е вашата вистина. Време е да сфатите дека Македонија е независна држава и треба да има независен информативен простор.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

За реплика. Моето излагање напротив беше заштита , на сите македонски миризми и заштита на континуитетот на македонското информираше. Новокопонованиот ТАМ, господине Јованов токму претставува негација на континуитетот на македонското информирање.

**МИТКО АНАСТАШВСКИ:**

Драги пратеници,

Овој момент за формирање на ТАМ е свечен момент. Ќе Ви кажам зошто е свечен. Нешто да слушаме и да добиваме телекси од некои други агенции, најубаво ќе биде да си имаме една таква куќа. Јас не знам зошто некој бара, или мисли дека тие вести можат да се добиваат преку некои други агенции. Нема држава во светот, ние засновуваме држава и во таа држава знаеме кои сме, како сме, и кои луѓе живеат, да не ги добиваме преку таа агенција. Дозволете да ви кажам нешто, тоа за радиото се однесува. Меѓутоа, радио и агенција е поврзано. Утрово слушам вести па тук е Југославија и дава вести на бугарски јазик. Едо ини Југославија, на грчки јазик. Тука е пак Југославија и продолжува, понатаму вели радио Скопје. Ве молам, малку да си го ставиме прстот вака. Зарем уште треба ние да немаме една здрава куќа таква од каде ние ќе ги добиваме сите вести од таа агенција за информација на македонците, албанците и на другите народности. Според тоа заштита во двојна држава и белегот на државата е таа информативна куќа.

Јас Митко, многу пати Ви потцртав дека обележјето, и најмалото на државноста ќе зависи од она што ние го имаме свое. Секое друго прифатено, секое друго примено е туѓо.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Морам да потсетам очигледно дека кога се настапува и кога се зборува не се слуша што се зборува, туку обично се води сметка од која страна доаѓа предлогот. Јас мислам дека ниеден збор во мојата дискусија не спомнав ниту* ја оспорив потребата за постоењето на ТАМ, меѓутоа, изнесов како што и во претходната дискусија во врска со повеќе начелни законски проекти што ги предлага Владата ние бараме тие да бидат навистина образложени и јасни за сите пратеници како би можеле да одлучуваме. Во таа смисла основни начела и принципи кои што се нужни во секој законски проект, така и за агенцијата ТАМ да бидат присутни во еден таков текст за да можеме ние најмериторно да одлучуваме по него. Според тоа , мислам дека овде сега што во вид на некои реплики беа присутни се води полемика со некои тези кои ниту јас ги кажав ниту Ќелешов. Ве молам да бидеме до крај колегијални да се ислушаме што кажуваме, па да не се води после некои расправи непотребни, кои создаваат недоразбирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници,

Навистина ми е непријатно, но морам да констатирам дека без потреба на секое поинакво мислење одеднаш се дана некоја идеолошка конотација. Пред малку Гошев говореше за оправдувањето на симнувањето на законот за ребалансот на Буџетот и доби етикета дали е за независна Македонија или не е за независна Македонија.

Сега имаме мислење околу тоа каква агенција треба да имаме и веднаш етикета, дали е некој за таква Македонија или не е. Мислам дека нема причини да се етикетираме без аргументи. Јас би бил за тоа во овој Парламент да разговараме со аргументи за сите прашања. Добро е што законот и Владата се согласи да оди во фаза на Предлог за донесување, но нека биде и некој вид помодарство, сите држави што се прогласуваат за суверени и самостојни имаат и своја агенција, национална агенција како гаранuија или обележје на тој суверенитет и независност. Но, искрено да ви кажам онака како што е предложен законот, образложен итн. мислам дека на Македонија не и треба таков закон. Еве од кои причини.

Апсолутно сум против државни агенции информативни. Јас не знам, рече господинот Анастасовски, мене во Европа малку ми се познати земји кои што имаат државни агенции. Сите агенции се независни агенции , како што впрочем е и новинарството. Таква треба да биде и македонската агенција, независна агенција. Ние можеме да донесеме закон , затоа реков дека во оваа фаза е добро што е Предлог за донесуваше на закон за можноста слободно да се формираат информативни агенции. Комплементарни кои би давале податоци од овие простори за сите потреби. Ако биде под контрола на државата или како се предлага овде под контрола на Владата, тоа ми мириса на тоталитарен систем. Јас за таква агенција не се определувам. Ние се определивме да градиме демократско општество. Никој нема право да забрани да се формира било какво средство за јавно информираше. Тоа го рековме и во нашиот Устав, што го донесовме и никој нема право да ограничува и група граѓани да формираат и информативна агенција која што ќе биде оспособена со кадри како што е РОЈТЕР, кој не е под контрола на Англиската Влада, а е моќно средство, која има огромна

концентрација на кадри, на квалитет. Тоа знаете колку чини, колку тоа технолошки потреби, технички, стручен кадар за сето тоа да се направи. Јас не сум оптимиста дека ние ако го донесеме овој закон ќе направиме веднаш суверена македонска држава и суверени информации од овој простор ќе струјат. Ние и тоа како имаме, нашите Нова Македонија, Македонската радио-телевизија кои имаат и тоа како добри пунктови, дописништна, претставништва итн. Тоа може да се користи во периодот дури да се формира таа независна агенција. Но не сум за тоа ние со акт, со закон да формираме македонска агенција под контрола на Владата, односно на државата и се знае какви вести и какви информации ќе дава. Ние тоа искуство го имаме и од Словенија, го имаме и од Хрватска. Тоа само ќе служи во вакви услови, какви што имаше во овие две земји. Светот денес државни агенции нема. Според тоа, предлагам , бидејќи во образложението нема нити колку ќе чини елементарна, според номотехниката, потреба да се каже на кој начела ќе се засновува, не е начела да го избира Владата Советот итн. и да го поставува директорот, колку средства ќе треба за да се формира таа агенција, како ќе кореспондира внатре со сите извори на информации, во земјата, во странство, како ќе биде организирана и сето тоа што го имаме создадено како капитал како ќе го користиме. Затоа мислам дека во фазата на изготвувањето на предлогот би било добро, тука е и министерот за информации може да ни даде некои додатни информации во врска со овие прашања, но јас мислам ние треба да донесеме ваков закон, за можноста да се формираат информативни агенции, а не да донесеме закон за формирање на ТАМ, или било какви, уште повеќе денес малку телеграфска агенција одудара од предизвикот на времето и од мигот на времето.

Веќе и телеграфијата не се употребува во развиените комуникации како систем за информирање. Има многу посовремени начини на комуникација во светот.

Според тоа, ако и одиме на нешто, мислам дека на Македонија и е потребна некоја информативна агенција, многу покомплементарна отколку што би било тоа телеграфска агенција на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Нека ми извини господинот потпретседател, сакам само едно објаснение.

Ние тука, во Македонија, сме, незнам колку сме. Но, знам дека надвор од Македонија сме многу повеќе. Било од која националност или нација. Знам дека сме многу повеќе.-

Прво, од тие соображенија и од темелите кои ги ставаме во државата, нека ми извини господинот Тито Петковски, знам дека постојат. Постојат такви информативни куќи. Кога ние ќе го стигнеме нивото на Англија, или на Америка, не дај боже, ние тогаш ќе имаме многу куќи и ќе бидеме поинакви луѓе, подруги луѓе.

Меѓутоа, пак ќе потцртам, господине Петковски, да не се лажиме дека денес ни треба една таква агенција. Знаете зошто? Затоа што утре ќе одите во Америка, во Канада, во Австралија или каде било. Ако одите вака, "бос", извинете на тоа што го зборувам, значи нема да ви поверуваат дека сте оној човек ова место што го држи Дека ја баравте таа сувереност.

Од тие соображенија, ве молам господа, сметам дека треба да се изгласа закон за таква информативна куќа. Понатаму, ако ја стигнеме или престигнеме Америка или Европа, таа куќа сама по себе ќе се распадне. Ќе има други информативни куќи што ќе донесуваат вести итн. итн.

Според тоа, немојте да го враќате тркалото назад. И само така, ве убедувам и ве уверувам, само така сите вие ќе бидете браќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани пратеници, колеги,

Мислам дека не е спорно прашањето за неопходноста од постоење на една телеграфска агенција на Македонија. Убеден сум дека и едната и другата страна се убедени. Особено при ваквата состојба во каква сме, со вакви информации кои доаѓаат од ТАНЈУГ итн. Меѓутоа, прашање е каква агенција сакаме и дали понудениот текст на Предлогот на законот ги исполнува условите односно потребите за кои се залагаме, веројатно, сите. Тоа е едно.

Второ, мислам дека предложениот текст концепциски не е конзистентен. Кога ќе дојдеме на текстот, ако помине овој предлог јас ќе се задржам после и во расправата по текстот. Меѓутоа, за почеток да кажам дека не е конзистентен, второ финансиски не е поткрепен и трето многу лошо образложен.

Понатаму, ако навистина некој се залага ТАМ да биде ставена под капа на државата односно Владата, мислам дека нема да направиме добра услуга а текстот тоа го прави и по начинот на формирањето, финансирањето итн.

Мислам дека досегашните примери на формирање вакви телеграфски агенции беа многу убедливи, но за жал како лоши примери претставени во сите источноевропски земји. Ни беше претставена една АТА- Албанската телеграфска агенција, потоа БТА- Бугарска телеграфска агенција, ни беше ТАСС- Агенцијата на Советскиот Сојуз и да не ги набројувам.

Имаме една сосема друга слика и прилика во западниот свет. Имаме еден РОЈТЕР, имаме еден ББС, една АНСА, тоа не се државни агенции.

Ако сакате да докажувам можам и тоа. Имате една МЕНА или ФРАНС-ПРЕС итн.

Сега да избереме. Сакаме ваква телеграфска агенција, сакаме онаква. Сакаме телеграфска агенција која ќе биде цензурирана од страна на државата односно Владата и која, секоја информација што ќе доаѓа ќе ја стави под лупа на цензурата или пак луѓето кој ќе известуваат за таа ТА ќе поминуваат преку механизмите на политичката подобност или сакаме независно новинарство кое навистина ќе не информира со објективни информации за настаните во светот.

Мислам дека аргументите се јасни а нам ни останува само да одбереме. Верувам дека свеста е доволна да не одиме по лошото туку да го одбереме најдоброто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Јаќимовски.

**ЉУБОМИР ЈАЌИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Еве пред нас ни е понуден сеуште само предлог за донесување на закон за формирање на ТАМ. Мислам дека тоа е првата фаза. Има уште доволно фази каде може да се влезе во детална обработка на текстот и одредуваше на карактерот на агенцијата.

Но, за разлика од многумина што овде рекоа дека не треба да се брза јас сметам дека и во ова време кога се носи овој закон, е можеби презадоцнето.

Размислете и сетете се колкаво ќе беше значењето на оваа; агенција да ја имавме оваа агенција додека се спроведуваше референдумот. додека кај нас се донесуваше Уставот, колку оваа агенција ќе придонесеше за

афирмацијата и популаризацијата на македонската држава и на нејзината демократска политика. За жал Македонија во таква ситуација што нема своја ТА и принудена е да го прима тоа што ќе го пласираат другите. Говорникот пред мене говореше дека се уште за нас главен извор на информации е ТАНЈУГ, а повеќе од јасно е дека е тоа чисто српска агенција. Не ги прифаќам квалификациите за негативните искуства на Словенија или Хрватска со ТАМ или ХИНА бидејќи не се основани во основа.

Го споделувам мислењето за називот на агенцијата. Јас і на Комисијата се залагав оваа агенција да не биде ТАМ, телеграфска или барем како што предвидува Владата засега таа ќе биде телеграфска само, него да се прошнреше малку тој назив и да ги носеше карактеристиките на времето во кое живееме. Таму изнесов еден предлог да биде Македонска информативна агенција. Но, тоа не помина на Комисијата и мислам дека тоа не е есенцијалната работа како се вика агенцијата.

Исто така на мислење сум дека Владата на РМ особено Министерството за информации не требаше така лесно да се откаже од имотот што го има ТАНЈУГ во Република Македонија, бидејќи формирање една агенција, верувале или не,тоа е по вредност еднаква на една рафинерија. Владата на Република Македонија односно ресорното Министерство требаше да поведе сметка за искористување на воспоставените телекомуникациони системи што ги има ТАНЈУГ и да си ги преземеше, да се најдеше начин за тоа.

Вака, како што стојат работите слично ќе биде како и со Армијата. Ете, правниот наследник на Југославија веројатно ќе го однесе и тој имот, имот кој што велам, многу чини. Секако дека тој имот е стекнат од граѓаните на Република Македонија.

Не мислам дека ТАМ ако биде ставен под капата на Владата и државата ќе биде цензор на информациите, бидејќи јас ТАМ првенствено го сфаќам како сервис кој ќе врши повеќе услуги од областа на информирањето, сервис кој ќе пласира информации, прима и распределува. А, она што се вика цензорство тоа можеби доаѓа во уредничките колегиуми, тие се тие што решаваат која вест ќе помине или нема да помине во информативното средство.

Исто така, не се согласувам и со паралелите дека на Исток имаше такви агенции, на Запад вакви. Ми се чини дека многу, некако набрзина сме мудри и вешти да измислуваме наши специјални работи, наши специјалности што беа карактеристика на овие 50-тина изминати години, дека ние го измислуваме светот. Не. Ние не го измислуваме светот. Светот е измислен. Само треба да се препушти работите да течат природно. На Македонија, овој пат, според мене и е неопходно
токму ваква државна агенција што ќе ја афирмира и популаризира државната политика на Република Македонија, бидејќи. Македонија сега за сега барем е во фаза на еден зародиш. На Македонија практично допрва и претстои афирмација на Републиката и улогата и прашањето на оваа агенција е незаобиколиво.

Да не гаиме илузии дека нам ни требаат независни, демократски....Ги имаме доволно таквите информативни средства во Републикана. Некои сме задоволни, некои не сме. Јас повеќе мислам дека оваа агенција би имала поголема улога во меѓународната афирмација на Република Македонија. Мислам дека, уште еднаш ќе потсетам оваа е само фаза на предлог на донесување. Имаме уште повеќе фази за обработка. Треба да се прифати овој закон со фактот што овој закон уште од летото беше понуден, но Собранието работеше така како што работеше и еве дури во декември сме во состојба да го прифатиме овој закон. Јас мислам дека треба да го прифатиме овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Она што би сакал да го кажам со иницијативата за формирање ТА е прво, дека е неспорно дека таква агенција и треба на Македонија. Исто така, мислам дека не е спорно дека се залагаме за независно информирање, за независно новинарство. Веќе од тука тргнува еден конфликт со Предлогот на законот и тоа што мислам дека е општа заложби на сите пратеници.

Прво, во законот е предложено основач да биде Владата, можеби и Собранието. Тие го бираат директорот, го бираат тој совет. Тука нема веќе никаква независност. Ако Владата ја плаќа таа куќа го бира директорот, независноста ќе биде фрлена на крајот на маргините. Ќе се работи по диктати на таа Влада или на тоа Собрание. Според тоа нема оправданост од ваков еден пристап.

Мое размислување околу сето ова е дека би требало, прв да се направат консултации со информативните куќи што ги има на македонскиот простор, тргнувајќи од"Нова Македонија", Македонската телевизија, Македонското радио, па се јави "Република", други гласила, "Бирлик" "Флака" итн. Тие куќи нека дадат свое видување што значи и дали се способни да формираат една таква агенција. Колку тоа чини, дали една таква агенција би можела да работи на доходовен однос, односно каде и колку би можела да пласира информации и нормално тоа да го наплатува. Дали сега има доволно кадри таа да се формира. А, во Предлогот на законот, евентуално ако оцениме дека е тоа потреба на Македонија. би можело да дојде едно такво тело да биде финансиски помогнато во вид на кредит или слично при основањето и нормално тие пари треба да се вратат.

Инаку вака, сигурни дека нема да имаме независна телеграфска агенција, независно информирање и ќе ни се случат некои работи што веќе се случуваат на некои простори малку по на север. Затоа мислам дека Владата треба добро да размисли како ќе излезе со конечниот Предлог на закон. Консултациите со другите информативни куќи нема да и бидат на одмет.

Има збор господин Јаќимовски.

**ЉУБОМИР ЈАЌИМОВСКИ:**

Мене навистина странично ми пречи тука што постои еден опасев страв дека Собранието ќе стави капа врз тоа, дека Владата стави. Чие е Собранието, чија е Владата? Собранието го бира народот. Собранието ги застапува и штити интересите на народот таа агенција ќе биде на Собранието, ќе ги штити пак интересите на народот, индиректно. Истото се случува и со Владата. Јас незнам од каде таков страв и тука постојано се расфрламе со некои термини, независно новинарство.... Јас сум новинар, да ви кажам, навистина. Меѓутоа, онака како што се предлага, она што го имаме ние таканаречено независно новинарство, јас нема да се срамам, ќе речам печатот конкретно кај нас, печатот е овде под капата, само на еден човек. Таа капа е многу поопасна и многу поригорозна отколку да речеме да биде под капата на Собранието кое е народно, избрано од народот. Сигурно не може Собранието да ги застапува интересите на некој друг и да биде еден директор многу поасален, повеќе да се грижи за народот и народното информирање. Тоа многу ми пречи.

Исто така, ми пречи онаа небулоза ние не сме против донесувањето ва оваков закон. Очигледно сме против. Тоа да не се лажеме. Незнам зошто стравот дека таа ќе била под контрола на Собранието.

Конкретно овој закон јас чисто така го видов како еден од актите што ќе значат, ете така, оформување и заокружување на таа државност на Република Македонија и дури сега гледаме еден страшен отпор се јавува и дури против овој закон, покрај оние ред други закони што се отфрлија. Дајте, на дело да покажеме дека сме за тоа Македонија да биде самостојна држава да биде суверена држава на дело а не со зборови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Треневски, министер за информации.

**МАРТИН ТРЕНЕВСКИ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете да објаснам некои работи околу Иницијативата и поставеноста размислувањата на Македонската национална новинска, агенција ТАМ.

На почетокот би сакал да кажам дека сум малку вчудоневиден од интонацијата на господинот Ќелешов. Јас не сум дал никаков повод, така експертот по информираше, јас работев 16 години во новинска агенција, така што мислам дека имам некои познавања околу овој вид на новинарски израз, па затоа еве ќе се обидам, колку што е можно подобро да ве информирам за се што ве интересира.

Пред се, има дна битни елемента околу оваа македонска национална новинска агенција. Едниот е оној сегмент за кој што вчера говореше мојот колега Денко Малевски дека практично и ТАМ ќе биде еден од атрибутите на македонската сувереност, односно таа новинска агенција. Не мора да ја викаме ТАМ. Работа на договор ме како ќе ја крстиме. Тоа е една работа.

Втора работа е, камо среќа веќе да ја имавме, бидејќи неколку многу крупни работи ни се случија за овие 3-4 месеци и навистина ТАМ ќе

придонесуваше многу за афирмацијата на сета оваа битка што ја водиме ние заедно, и вие во Парламентот, Владата и вкупно нашата. Република

**МАРТИН ТРЕНЕВСКИ:** (продолжение)

Би го спомнал Референдумот, би го спомнал целиот оној Процес.-за донесување на новиот Устав, писмото на претседателот Глигоров, вчера, како среќа да го имавме "ТАМ" светската јавност ќе беше многу поефикасно запозната со сите овие работи. Но, што е тука е. Ќе се обидам таксативно да одговорам на прашањата што беа поставени .

Прво, господинот Ќелешов е во заблуда ако мисли" дека ТАМ постои. Факт е дека ТАМ постоеше неколку месеци, точни се оние податоци историски што тој ги спомна, меѓутоа, ТАМ заедно со сродната агенција "ТАХ", телеграфската агенција на Хрватска беа потопени на некој мистериозен начин, бидејќи нема документи за таа работа во единствениот систем што се нарекува Новинска агенција ТАНЈУГ. Според тоа ние денес можеме да разговараме за новинска агенција ТАНЈУГ, за редакција на ТАНЈУГ во Македонија или на други места, а никако за ТАМ. ТАМ не постои дефинитивно, тоа категорички ви го тврдам дека такво нешто нема,

Понатаму, се спомнува некакво дуплирање на институцијата покрај Министерството за информации и со оваа нова информативна куќа. Нема никакво дуплирање ве убедувам, Министерството си има свои со закон утврдени обврски, а новинската агенција, македонската национална новинска агенција би си ги имала сите оние обврски што се карактеристични за секоја новинска агенција во светот.

Имаше различни толкувања околу тоа што се државни, што се национални, што се незнам какви агенции, во литературата постојат главно две квалификации на новински агенции, тоа се комерцијални и национални. Потоа светски и тоа е ако сакате се во тој кош на комерцијални новински агенции.

Македонската новинска агенција замислена е како национална агенција, агенција кога што ќе го одразува пулсирањето на животот на, Република Македонија. како за потребите на сопствената јавност, а пред се, би рекол на меѓународната јавност. Стана збор за сервисите, основен базичен сервис на производи ќе биде сервисот на македонски јазик меѓутоа веќе во стартот да го покренеме и сервисот на англиски јазик , сервис на уште еден светски јазик, веројатно, тоа ќе биде избор меѓу германскиот и францускиот јазик, се разбира, сервис ва српско- хрватски јазик да можеме да комуницираме со останатиот дел од Југославија, така што пораките од ТАМ мислам дека ќе бидат пристапни пошироко. Во никој случај тоа не е владина агенција, како. што некој овде дискутира, ако го погледате член 10 е многу јасен, директорот на телеграфската агенција имаше такви дилеми кој го  именува и разрешува Собранието на Република Македонија. А околу тоа кој е основач дали е владина или е нешто друго агенција според советите на правниците, тоа е содржано во член 1 во кој што се вели дека телеграфската агенција на Македонија се основа заради извршување на новинско агенциски работи од важност за остварување на задачите и афирмацијата на Република Македонија. Според толкува«гето на некои експерти правници сето тоа се содржи, значи, основач е Собранието на Република Македонија и тука не би требало да има никакви дилеми. Околу тоа дали ТАМ асоцира на старомодно или актуелно, дали е тоа телеграфско работење и тие работи, дозволете да ви го кажам следното. Ние токму во духот на она што господин Ќелешов го дискутираше длабоко размислувавме и се определивме за таа опција, за опцијата на почитување на историскиот континуитет. Бидејќи ние имавме еднаш неколку месеци агенција, таа згасна со топењето во единствениот систем на ТАНЈУГ и едноставно сакаме сека како влада на суверена држава Македонија тој историски континуитет  со тоа што ќе ја возобновиме таа агенција. Токму од

причините на почитување на историскиот континуитет се определивме да го преземеме практично името на ТАМ, иако имаше заложби да биде тоа македонска информативна новинска агенција или МИА, велам работа е на договор како ќе ја крстиме, може да не биде ТАМ, нека биде некое друго име,. Меѓутоа не би требало да биде доведувано во прашање опортунитетот на постоеше на македонска новинска агенција.

Околу оној техничкиот дел на новинската агенција, дали ice бидат новинари, дали ќе бидат професионалци, дали ќе работи со телепринтери итн., би го рекол следново, не би требало да има било каков страв дали ќе се запази професионалното ниво на ТАМ, затоа што во Република Македонија, според званичните податоци на здружението на новинарите има некаде околу 1500 професионалци новинари и ние сме убедени дека меѓу тие1500 професионалци ќе можеме да направиме еден сосема добар избор на луѓе кои што се спремни и веќе имаат изразено интересирање својата професионална новинска кариера да ја продолжат во македонската новинска агенција. Значи, што се однесува до занатскиот дел условно да кажам, не би требало да има никакви резерви, тоа е една од основните определби наши, конкретно еве на Министерството за информации, бидејќи нам ни припадна оваа обврска, да работиме на подготовката на новинска агенција. Ќе работи со сите можни направи, средства за комуницирање кои што се на располагање на новинските агнеци во светот. Што подразбира компјутерско информирање, нормално, телефакси, и останати средства, така што и околу тоа не би требало да има проблеми. Околу финансирањето имаше некои прашања, ние и во законот велиме дека средствата за работа на агенцијата ги обезбедува основачот тоа е Владата на Република Македонија. За ваша информација Владата веќе обезбеди дна милиони динари за стартот на ТАМ што се оние минимум средства со кои што мислиме дека ТАМ ќе може да стартува додека не застане на свои

нозе. Во понапредната фаза од работата македонска национална новинска агенција нормално е дека веќе ќе размислуваме за комерцијализација нејзина, со Законот за приватизација веќе .ќе се Овозможи простор за купување на акции што ќе значи, учество финансиско на постоечките информативни куќи во републикава, како Нова Македонија, како систем, системот на македонската радио телевизија евентуално од други известители, така што тој простор е сосема отворен.

Понатаму, ТАМ ќе остарува средства и од сопствената дејност реков, на почетокот, мора да биде финансирана од Владата додека не закрепне, додека ва застане на свои нозе, додека своите производи тоа се тие сервиси на информации, ТАМ во текот на идната година, ако веќе се договориме да ја покренеме ќе ги продана на комерцијална основа за таа работа начелни договори имаме со многу агенции. Доколку не интересира за тоа јас ќе ве информирам, веќе имаме званична потврда од ДПА, тоа е германската новинска агенција, од австриската новинска агенција, договорено е, соработка со КЈОДО јапонската новинска агенција, со австралиската новинска агенција, се вршат контакти со новинските агенции на соседните земји и информативни куки во соседните земји кои што пројавуваат интерес за комерцијална соработка за купување на информациите на ТАМ. ТАМ ќе основа и свои економски сервис, сервис на берзански и други информации кои што ќе бидат во функција на потребите на македонското стопанство, нормално, и тоа ќе биде базирано на комерцијална основа, ќе основа своја фотослужба, што значи и фотографијата ќе биде како медиум на располагање за комерцијална комуникација што значи не треба да има било какви резерви околу тоа прашање.

Имаше прашање зошто директорот да го именува Владата, пак ќе се довикам на .законот, ние, предлагаме директорот да го именува Собранието на република Македонија, тоа е многу јасно ставено во веќе спомнатиот член 10, меѓутоа предлагаме главниот и одговорен уредник на агенцијата да го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Ова од проста причина. што' навистина треба да бидеме свесни дека ние како Влада ниту помислуваме да ставаме рака на гласилата или пак сега еве конкретно на ТАМ, туку од проста причина што цениме дека на Републиката и е неопходно едно гласило преку кое таа ќе може таа да комуницира со јавноста како во сопствената средина така и во светот. Едноставно постоеја резерви што е една реалност да не му текне некому сега пак и ТАМ да го прогласи за општествено претпријатие, па практично вие да не можеме што се вели ни званично да комуницираме со таа сопствена јавност велам и со јавноста во светот, Од тие причини се одлучивме за едно вакво решение.

Околу прашањето како гледаат ва оваа новинска агенција идна, гласилата во Републиката ќе ве информирам дека ние уште кога ја покренавме "Идејата за формирање на Македонска национална новинска агенција одржавме средба на највисоко можно ниво со директорите на НИП "Нова Македонија"на радио Скопје, Телевизија Скопје, со генералниот директор на Радио-телевизија Скопје на кој што беше присутен претседателот и потпретседателот на Македонската влада, јас и неколку министри каде ги запознавме со оваа идеја и добивме полна поддршка околу нејзината реализација. Дури луѓето многу широкоградо понудија и од сопствени извори, односно од сопствени извори новинари професионалци кои што биле вклучени во работата на ТАМ така што тој контакт сметам дека е остварен. Нормално, останува простор за понатамошни, по прецизни некои договарања околу користењето на тие сервиси, производи што ќе ги

понуди ТАМ понатаму околу потребите на тие гласила ние сме спремни да ги чуеме и да ги почитуваме. Дозволете само да се потсетам на уште некои од дилемите, беше истакната една синтагма како нов вид на тоталитаризам во информирањето. Ве убедувам од дното на мојата душа дека такво нешто не ни помислуваме, а камоли да настојуваме. Искуствата со Словенија и Хрватска со нивните новински агенции можам најодговорно да ви кажам дека се извонредно позитивни. Во неделата имав прилика да разговарам со парламентарците од Северна Рајна Вествалија и тие беа категорични дека само Кина се слуша на германските медиуми околу овие настани во Хрватска, војната итн. за разлика од Танјуг. Сега во ред, тоа е може би нивни неселективен однос, јас не сакам да навлегувам, меѓутоа, како и да е тие национални агенции ва Хрватска и на Словенија си ја обавуваат својата функција за која што се основани а можам да ви кажам дека контактите што ги имам со тие две агенции, со раководните луѓе тие имаат извонредно голем напредок за овие една ипол година до две. Ние мислиме да ги консултираме искуствата од овие две агенции, отворени се постојано за комуникација и соработка со ТАНЈУГ. Наша иницијатива е покрената во тој правец, меѓутоа, за жал ние од Танјуг немаме конкретен одговор така што вината не е до нас. Што до таква една комуникација не е дојдено.

Околу средствата, реков, Владата одвои 2 милиони динари за стартот на агенцијата, со тоа што тие се предвидени за набавка на оние минимум технички средства кои што се неопходни за работата на агенцијата, а веројатно во новата фискална година, буџетска година, ќе бидат потребни повеќе средства, меѓутоа, велам условно тоа треба да се гледа, додека агенцијата не застане на свои нозе, а јас сум убеден дека за барем период од шест месеци до една година тоа ќе биде реалност.

Имаше некоја реченица дека телеграфска агенција одудара од времето итн., јас реков, мотивот за кој што ние се определивме за името е исклучиво почитувањето на историскиот континуитет и ништо друго. Тоа ќе биде современа новинска агенција како и секоја друга. Тоа повеќе асоцира на оној историски аспект, а не на оние технички средства што се подразбираат за работење на една новинска агенција.

Неколку говорници укажаа за наводна цензура, цензурирање, итн., беше употребен тој израз, јас мислам доволно е да го почитуваме фактот што го уставот на Република Македонија, во новиот устав што неодамна го усвоивме многу јасно е изнесено дека во Република Македонија нема цензура. Така, не може да има ниту во таа идна новинска агенција, сеедно како ќе ја наречеме, околу тоа исто така не би требало да има никакви резерви.

Исто така, беше покренато прашањето околу тоа зошто Министерството не пројави интерес, односно се откажа од имотот на новинската агенција ТАНЈУГ. Министерството ниту е откажало, ниту има намера да се откаже, односно мислам дека оваа суверена држава Македонија нема право да се откажува од имотот на Танјуг. Тој имот се проценува дека вреди некаде од 50 да 60 милиони американски долари, што подразбира еден комплетен сателитски систем за комуникација за целиот саат. За жал, огромен дел, најголемиот дел од тој имот е ве Белград, не е кај нас во Скопје. Во Скопје имаме само неколку простории кои што се како имотна агенцијата неколку телефакси и ситен инвентар, меѓутоа, во оној делидбен биланс што треба да претстои, се разбира, ќе стане збор и за имотот на Танјуг, при што ние сметаме дека дел од таа технологија што денес ја користи Танјуг, секако, треба да му припадне на ТАМ, на Македонската национална новинска агенција.

Во  ред, јас мислам дека одговорив на оние поклучни прашања или дилеми што беа искажани во дискусијата. Би сакал само на крајот да ве замолам да постапите по заклучокот на матичната собраниска комисија околу оваа иницијатива на Владата за формирање на македонска национална новинска агенција, тоа е Комисијата за општествено политичкиот систем. Да се задолжи Владата да изготви Предлог закон што ќе биде разгледан и усвоен на наредната седница и би спомнал дека во новите услови по донесување на уставот се менува и уставниот основ за донесување на Законот за македонска национална новинска агенција. Во новите услови тоа е членот 68 од Уставот, алинеја 2 кој гласи дека "Собранието на Република Македонија донесува Закон и дана автентично толкуван»е на законите".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас му благодарам на господинот министер за овие додатни информации. Мислам дека сега ми е малку појасно. Јас читам она што е напишано во иницијативата, во предлогот, а немам во вид ова што се во главите, во размислувањето. Аналогно на ова член 4 не можам поинаку да го толкувам отколку како што е напишано овде. Вие рековте категорично дека не е тоа државна агенција, или не е под контрола на државата, а овде дословно пишува дека е тоа државен орган, односно дека е орган на управа. Пишува на ТАМ се применуваат прописите кои важат за органите на управата". Тоа е чисто државен орган и не може поинаку да се толкува. Според тоа, едно е намерата, друго е како е тоа напишано овде. Но, мислам не смета, и господинот министер кажа овде во овие додатни информации предлогот заслужува внимание не е лош  да му посветиме малку посериозно внимание и пред оние што се разбираат, имаме интередисциплинарни науки по новинарство, студии по новинарство информативните куќи да седнат, политичарите, луѓето што се бават со јавно мислење, малку ако треба и стручно една тркалезна маса за ова да се организира што на Македонија во овој момент и е најмногу потребно и каква информативна куќа. И верувам дека не треба да создадеме овде пречка во законот, ако сака некој поединец или група граѓани да формираат информативна агенција. А засега Уставот за тоа дава можност, законот ако се однесува само на државна агенција, односно национална, македонска тогаш ја исклучува можноста поединец, или група граѓани да формираат таква информативна агенција. Би било добро, мислам една таква расправа да се направи и врз основа на тоа акцентот да се стави на комерцијалниот аспект, отколку на националниот аспект.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас се јавив за збор пред министерот, сметав дека ќе користи меѓутоа она што го имаме подготвено сакам да го кажам. Најголем хендикеп на оваа Влада изгледа е токму позицијата во која се наоѓа, а тоа е се што предлага, го предлага во форма на експертска влада зад која не стои ниту една политичка партија, или политики субјект во овој парламент и се однесуваме како она што го предлага Владата, да го предлага од позиција дека вечно ќе остане на функциите кои што ги заземаат министрите и претседателот на Владата, или како ние дека ќе бидеме вечни во овој Парламент, што не мора да значи дека ниту во наредните избори некоја партија, било која не може да го освои парламентарното мнозинство и да го наметне исто она што оваа Влада го предлага. Меѓутоа сакам да додадам дека можеби расправата ја поведовме погрешно, наопаку, во услови кога не сме го поставиле на дневен ред прашањето за состојбите во средствата за јавно информирање, иако ако се сеќаваме добро имавме и посебен заклучок на овај Парламент да Владата ни подготви една посебна информација~за состојбите во средствата за јавно информирање заедно и со расправата во однос на имотно- правните односи трансформацијата на сопственоста итн. Ние еве неколку месеци таа информација ја очекуваме и изгледа сите наши размислувања во поглед на функционирањето на средствата за јавно информирање во Република Македонија ја сведуваме на постоечкиот предложен предлог за донесуван>е закон за телеграфска агенција на Македонија ТАМ. За мене основот за основање на една ваква агенција не е спорен и сметам дека не е никаков хендикеп, или разочарување за Републиката ако како Собрание и ја формираме, па во крајна инстанца и без некакво размислување од средствата постоечки за јавно информирање

како што немаме ниту ние право за оние средства за јавно информирање кои постојат да им се мешаме внатре во уредувачката политика.

Прво, сакам да укажам дека наопаку ги поставивме работите велејќи дека ако формираме ТАМ ќе докажеме дека сме против независно новинарство. Па тоа е за мене најголема глупост, неокомунистички идеолошки термин дека постои независно новинарство. И јас сум независен пратеник, меѓутоа политички определен, што значи не сум член можеби во ниту една политичка партија, меѓутоа исто е и со средствата за јавно информирање. Секој е зависен, поготово за средствата за јавно информирање од оној кој ја финансира дејноста на тоа средство за јавно информирање и нормално кој ги диктира како финансиер уредувачката политика и условите на работењето.

Понатаму за мене илузорно е да се споменува Словенија и Хрватска, еве каква е состојбата кај нив па ако и ние формираме таква национална агенција ќе не дочека истата судбина како она што го доживува сега Словенија и Хрватска. Што значи да правиме некакви компарации и споредби за состојбите во овие држави за да ја покажеме негативноста, или нездржливоста на предлогот кој е понуден. Понатаму сметан дека погрешно го поставивме размислувањето Ова не е закон за монопол во информативниот простор во Република Македонија, ова е закон за една агенција која ќе функционира, барем по мое размислување можеби текстот е неконзистентен како што некој пратеник укажа, меѓутоа Владата од оваа расправа ќе го направи, малку ќе дообликува, а ако некој од пратениците не е задоволен може и да си предложи во конечна форма соодветни предлози за измени и дополнувања на тој предлог на закон. Меѓутоа, предложениот закон за мене лично, а и така гласи, не е закон за воспоставување монопол во информативниот простор во Републиката, или пак закон со кој се суспендираа правата на информирање на постоечките, или нови средства

кои допрва ќе се формираат за јавно информирање во услови кога цензурата е забранета и во Уставот кој го донесовме пред дваесетина дена и кога во Уставот е загарантирано правото и на слободно информирање и на средствата, на слободата на формирањето на средствата за јавно информирање, Сметам дека кога ќе ни пристигне таа потребна информација ќе отвориме една поширока расправа за средствата за јавно информирање, трансформацијата на општествената сопственост, регистрацијата, имотно- правните односи па и на агенцијата ТАЊУГ редакција во Република Македонија. Меѓутоа сметам дека сите укажувања се добронамерни, Владата треба да го преработи текстот и да понуди предлог за донесување закон со предлог на закон и лично го поддржувам формирањето. Можеби името не е најцелосно опфатена информативната област во смисла на новинско информативна куќа на Републиката, меѓутоа тоа' не ја омаловажува тежината на поднесениот предлог и лично би гласел за предлогот за донесување на закон.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Иако веќе беа искажани одредени мислења, но да кажам дека согласно ако го погледнете самиот предлог за донесување на закон, членот 4 кажува дека се однесува фактички за управна организација каде што цитирам зборува на ТАМ се применуваат прописите кои важат за органите на управата доколку со овој закон не е поинаку определено". Со овој закон не е ништо поинаку определено, туку само дека важат одредбите на законот за органите на управата. Ако го погледнете членот 5 е во истоветност со членот 129 каде се определени ингеренциите на министерството за информации. Понатаму ако го погледнете членот 11 коинцидира со членот 141 од Законот за органите на управата. И подоцна ако го погледнете последниот член 16 каде кажува дека Владата именува директор на ТАМ кој

привремено до именувањето на директорот според постапката утврдена со овој закон ќе ги врши тие задачи. Постапката во ништо не се разликува освен со објавувањето на јавен конкурс. Сега ако поминеме на новиот Устав, поточно ако го погледнеме членот 16, ставот 2 каде што се зборува дека се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, овој предлог е во директна спротивност на Уставот на членот 16 ставот 2. Од тука сметам дека овој предлог за донесување на закон нема уставен основ. Ако го погледнете членот 51 од истиот Устав каде што кажува дека ставот 2 секој е должен да го почитува , па и ова Собрание треба да ја почитува уставноста и законитоста. Така што овој предложен предлог за донесувања на закон не треба да помине и не е уставен.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Еден добар дел од тоа што сакав да го кажам, претходниот дискутант веќе го истакна. Меѓутоа, бев спомнат овде, иако посредно околу конзистентноста на текстот. Ве молам, прочитајте го внимателно член 2 и споредете го со член 4. Член 2 вели: телеграфска агенција ТАМ има својство на правно лице. Член 4 вели: на ТАМ се применуваат прописите кои важат за органите на управата, доколку со овој закон не е поинаку определено. Ако ТАМ е правно лице, има својство на правно лице тогаш не можат да важат одредбите кои важат за органите на управата, зошто органите на управата не се правни лица. Тоа треба да ни биде јасно. Тоа се прашања кои системски не можат да одат заедно. Тоа е неконзистентност. Понатаму, не можам да бидам убеден во една ваква понудена форма текстот да е тој што треба да биде кога има можност да се консултираат низ

една навистина демократска јавна расправа која ќе има барем можност, поширок простор за консултации во моментот кога имаме компетентни луѓе, компетентни органи кои се занимаваат со вакви работи, ние да усвојуваме еден ваков текст.

И уште нешто. Еден од дискутантите овде рече дека ова е почетна фаза. Прочитајте го насловот на текстот. Ова е предлог за донесување на закон со предлог на закон. Јас читам од текстот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дневниот ред е составен врз основа на извештаите на работните тела.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас го поддржувам предлогот за донесување ва закон со тоа што според новиот Устав секој може да формира агенција во кој спаѓа и државата, а може и политичка партија, може и радио телевизија и поединец. Доколку нема квалитет оваа наредна агенција конкуренцијата и ќе ја затвори и ќе ја уништи и ќе ја конкурира. Имаме продавници во општествениот сектор, а имаме и продавници во приватниот сектор. Не треба да се негира правот да формира ваква агенција државата, бидејќи сами себеси си го ограничуваме правото. Значи секој може да формира информативно гласило. Меѓутоа, досега во оваа дефицитарна област државата дана иницијатива и таа ќе си опстојува во пазарниот дел. Инаку тоа е држава, мора да се граничи работниот однос како орган на управа, ако се службите во Собрание исто во тој однос е. Државата иницијативата ја формира да има одредена физиономија. Друго е ако приватно лице, ќе си има друга физиономија. Сите го поддржуваме, да не одиме во детали. Во наредната постапка ќе и кажуваме. Сметам дека и демократичноста е запазена. Собранието во основа е основач, Собранието го именува директорот, главниот уредник Владата, во таа смисла , па тоа е државна агенција.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитував господин претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, излегов со намера да кажам малку. Ќе тргнам не по хронолошки ред, туку од дискусијата на мојот претходник, Ако Владата одвојува 2 милиони динари за почеток тоа само за себе нешто многу зборува и не може во размислувањата наши да ни биде сеедно кој се јавува како основач, каква е целта, каква агенција и е потребна на оваа Македонија. Јас сум заинтересиран единствено ако во ова Собрание станува збор за заедничка агенција ва независна, суверена и самостојна Република Македонија. За таква една агенција која ја немаме сум заинтересиран и тоа многу и длабоко. За други агенции верувајте можеби нема ниту да седам да слушам што ќе се каже и кој ќе формира. И затоа должност ни е на сите нас пратеници да размислуваме малку повеќе, а овој простор што остана празен тоа е по вина на министерството за информации кое не даде професионално, опстојно образложение за потребата на една ваква агенција на Република Македонија. Од кога излезе и кажа што кажа господинот министер, мислам сите ние тука ќе кажевме далеку помалку. Јас лично во начело ја поддржувам иницијативата за основање на ТАМ. Мислам дека поопстојно е основач да биде Собранието на суверена самостојна Македонија длабоко и професионално сум свесен дека и е потребна првенствено професионална, но и независна агенција. Влада ва Република Македонија било која и да е може да има и ред од искусната во светот свои провладин весник и ништо повеќе. На Македонија длабоко сум убеден ве и е потребна национална агенција, туку агенција ва сите граѓани на Македонија и перспективна, оправданост да се финансира, оправданост да се помогне, оправданост да се покрива има само една таква агенција, никаква друга. Затоа предлагам околу ова да ве должиме понатаму.

Иницијативата да ја прифатиме, текстот да се подготвува, да има ново професионално образложение и на една од наредните седници оваа работа да ја довршиме. Се за што се залагаа претходните дискутанти чинам дека беше добронамерно во функција и на тоа, на овој мој скромен допринос.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е по Предлогот за донесување на закон, дали да се донесе и кои насоки да и ги дадеме на Владата после. Ова не е за дневен ред. Ова веќе си е на дневен ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека во дискусијата малку забуна направија дната текста што се во оптицај. Има впечаток дека господинот Димитар го коментираше едниот текст, а пратениците имаа и друг текст Предлог на закон.

Во Предлогот за донесуваше на законот стои дека директорот го именува и разрешува Собранието. Меѓутоа во претходната фаза каде што Владата го предлага Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон стои дека Владата го назначува и разрешува директорот и главниот уредник на агенцијата. Меѓутоа тоа не е така битно односно она суштинското што сакам да го кажам.

Прво сакам да изразам и едно чудење. Внимателно ги прочитав сите материјали и од извештаите и од образложението констатирав дека скоро сите комисии кои што ја гледале Иницијативата уште летото дале целосна поддршка. Исто така и во извештаите што денес ги добивме од комисиите начелно даваат сите поддршка на донесувањето на овој закон, односно формирањето на оваа иницијатива. Одеднаш сега доаѓаме до едни радикални пресврти во расправата во која што не само што се спорни одредени прашања за кои исто така јас сакам да се произнесам бидејќи за мене се спорни, туку и самата Иницијатива се доведува во прашање. Од тој аспект би сакал веднаш и лично да се определам дека за мене нема дилема дека оваа и ваква агенција треба да се формира, односно дали ваква незнам, но агенција треба да се формира во нашата Република.

Мислам барем за овој состав не треба да се говори и да се убедуваме или да докажуваме колку ситни не реченици туку букви излегуваат од нашата Република во странство преку ТАЊ.УГ или преку нашите реномирани изданачки куќи.

Со целиот респект она што го прави РТВ Македонија и со ка сетите и со преснимувањето на емисии и праќање во странство, со оној минимален број на "Нова Македонија" и "Вечер" што идат во Европа, а мошне симболично надвор од Европа. Гласот или ставот, мислењето или идеите од нашата Република многу малце се присутни на меѓународниот информативен простор. Само од тој аспект, без разлика дали прогласивме сувереност, уставност, државност или не, мислам дека има потреба од овој простор да се слушне мислењето на оваа Република не само за клучните проблеми на овој Балкан туку и за сите суштински проблеми во светот, бидејќи основна наша опција е да се вклучиме како рамноправни граѓани или суверени рамноправни народи во обединета Европа. Од друга страна пак повеќе ја зајакнува потребата имајќи ги предвид сите прљавштини што се прават во врска со нашата државност, националниот карактер и т.н. Според тоа за мене нема никаква дилема дека ваква агенција е неопходно да се формира, повеќе према странство, а би рекол во конкретни ситуации и те како е потребно и за домашните информативни гласила, имајќи предвид дека и сега, барем ние овде што на некој начин сме и професионално врзани да мораме информациите да ги следиме, мораме по четири- пет новини да пратиме од разни информации за да се дознае што е вистината во Југославија во овој момент. Според тоа оправданоста е неопходна.

Мислам дека господинот министер ја даде основната дилема дали на нас ни треба комерцијална агенција или ни~ треба државна агенција.

Ако формираме државна агенција, самостојна, независна, професионална агенција, тешко ние да можеме да формираме. Не само заради одредбите што внимателно ги кажаа претходните другари, бидејќи очигледно пристапот и во предлогот за донесуваше и во Предлогот на закон кој што се предлага концептот е за формирање на државна агенција. Оттаму фактички се формира нов орган на управа во рамките на државната структура за кој се обезбедуваат средства, за кој се назначува директор и главен уредник, за кој се утврдуваат членови на совет и за кој совет фактички сразмерно на присутните партии во Парламентот ќе биде застапен во тој совет. И сега ние доаѓаме во една ситуација за која што конкретно сакам да кажам.

До колку во овој Парламент една партија обезбеди мнозинство, всушност таа партија ќе има своја влада, своја агенција бидејќи советот и директорот и главниот уредник она ќе ги назначува. Според тоа, веројатно тешко, не говориме она што беше веќе упадица за оваа ситуација, господинот Петров што велеше туку напротив за ситуации -кои што може да дојдат и кои што можат една многу корисна иницијатива и идеја тотално да ја деформираат. Од тој аспект јас предлагам во размислувањето на министерството, во изготвувањето на Нацртот на законот, пред се ние да се определиме за формирање на една самостојна новинска агенција во која што основач ќе биде Собранието кој што ќе даде и свој основачки влог и нема да биде тоа во Буџетот на Владата бидејќи тој буџет не е на Владата незнам од каде се најдени тие дна милиони динари кога не беа предвидени во Буџетот, тој буџет е Републички буџет и според тоа Републиката како основач треба и основачки влог да даде. Доколку реално се оцени може да се даде одреден период од 5 до 10 години со соодветен процент да учествува Републичкиот буџет во финансирањето на оваа агенција. Меѓутоа тоа да биде, како што рече господинот Ештреф да биде тоа

професионална агенција, самостојна, независна од било какви политички и државни структури, а основачот како основач ќе има свои ингеренции во рамките на органот на управувањето што ќе биде во таа агенција. Според тоа ќе јакне еден професионализам. Во почетокот она што е неопходно еден почетен капитал за формирање и стабилизирање, а основна перспектива да биде во смисла на самостојна агенција во Република Македонија.

Веднаш би реплицирал. Јас сум за национална агенција но не во смисла тоа да биде агенција на македонскиот народ, туку национална агенција во смисла на државата Република Македонија.

Второ, заедно со Нацртот, бидејќи Законот се однесува пред се за формирање на конкретна институција, мислам дека пореално е паралелно со Нацртот Министерството како предлагач да изготви конкретен елаборат за формирањето на таа агенција, со сите елементи кои даваат основа за конечна одлука на овој Парламент.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, внимателно ги следам сите овие дискусии, ги ценам сите овие искажувања. Очигледно се работи за еден напор да се придонесе за што поразумното пристапување кон формирањето на една ваква агенција, што очигледно во овој момент ние не само потребно. Меѓутоа, седејќи така цело време се прашувам каква е воопшто целта на едно видливо опирање од одредени пратеници на таа цел на формирањето на агенцијата.

Ние се наоѓаме во еден момент кога се бориме за меѓународното признавање на македонската држава. Поминавме неколку фази што главно ги правевме, така да речам автохтоно и автономно тука во Републиката. Сега уште повеќе ни е потребно едно меѓународно ангажирање зошто признавањето на државата е зависно од другите, не веќе само од нас. Ние

треба само да ги исполниме условите што се нужни за тоа, а волјата за тоа признавање треба да ја изразат други. Мислам дека сите, тоа можев и да го заклучам од дискусиите, сфаќаат дека тоа во овој момент, веројатно, може да го направи нај успешно една информативна агенција на Македонија. Јас не знам дали ќе биде најрационално ако .очекуваме на следното, кој знае кога и кое заседание на Парламентот да можеме да го донесеме овој почетен акт, да може таа агенција да почне да работи. Нам ни е потребно тоа веднаш да се активира. Ние може^е таа агенција да ја активираме уште утре, што се вели. И ние тоа треба да го направиме што поскоро. Јас се согласувам дека може да има некои недоследности во предложениот акт, всушност тој беше донесен пред неколку месеци, уште летото, пред многу од овие акти, пред многу од овие значајни промени што настанаа во нашата држава.

Ви се молам, ако има такви работи, а очигледно има, тука сте вие сите, па веројатно нешто може од тоа и да се измени, може и да се дотера колку што е можно за да може да се овозможи таа агенција да ја започне својата работа.

Најголемиот проблем како да произлезе дали таа ќе биде државна, дали ќе биде таа комерцијална, дали ќе биде самостојна. Ви се молам, ние сме една рака земја. Ние сме една рака народ. Можеме ли да сметаме во едно вакво време во овој момент да можеме да формираме неколку приватни агенции кои ќе формираат своја политика и однос и меѓусебно да се конкурираат, а уште повеќе да сметаме дека тие притоа на овој тесен простор ќе можат и самостојно да егзистираат со сопствената моќ, бидејќи ќе се продаваат во земјата и надвор и ќе обезбедуваат достатно средства. Мислам дека тоа би било една илузија од која би морале да се заштитиме. Нема сомнение дека во овој стадиум целокупното финансирање на таа

агенција ќе мора да падне на оваа наша сега веќе суверена и самостојна државичка. Ако сме свесни за тоа тогаш мораме да сфатиме дека тој почетен акт и тој почетен класок мора да го направи овој Парламент кој на иницијатива, во случајов на Владата на Македонија, зошто чија е оваа Влада и кој е овој Парламент. Зошто не се противиме дека, да речеме, телевизијата македонска е основана од истиот овој Парламент, па ние не сметаме дека е таа ваква или онаква и некој ќе биде само свој, автономен, независен итн. Ние сме држава која има потреба од една< информативна агенција. Во овој момент нема сомнение таа агенција треба да биде на Македонија и таа ќе биде единствена. Да не се плашиме дали сега ќе личела на едни или на други. Да не се споредуваме ни со РОЈТЕР ни со ФРАНС ПРЕС ни со кој било. Далеку сме ние од тоа. Дајте да се соочиме со една вистина што е пред нас и во која сме ние. Да се видиме себеси во сопственото огледало.

Имајќи го сето тоа предвид јас би ве молел да прифатите, ако тоа ви е возможно покрај сите резерви што може да ги имате кон конкретните членови и формулации во текстот што ви е предложен, да се формира оваа агенција. Неа да ја формира овој Парламент. Таа ќе биде агенција на Македонија.

Зошто агенцијата се вика ТАМ. Знаете и ние во Владата кога пред повеќе месеци дискутиравме за овој проблем доста разговаравме имено за тоа име и знаете што, тргнавме од едно историско наследство. Да биде тоа продолжение на таа агенција што тогаш беше укинато, што тогаш беше забраната, што тогаш беше прелеана во онаа друга агенција што и денеска ја имаме ТАНЈУГ. Според тоа заради еден историски контингент ние се согласивме да биде и ТАМ. Ве молам ако сметате дека тоа денеска не соодветствува и дека треба да се одлепиме од тој историски континуитет

што за мене не е безначаен, но тоа е мој проблем и мое видување, тоа треба вие да го оцените. Може таа да добие и друго име. Може да биде тоа Информативна агенција на Македонија, како што има многу други такви агенции и ништо суштествено нема да се измени. Затоа ако е можно, ако навистина можеме да го оцениме комплексно моментот што го живееме, кога ние независноста мораме да ја обезбедиме со многу моќ и средства за информирање на светот, а најдоброто средство во овој случај ќе биде една таква агенција, зошто весниците, како што рече претходниот говорник навистина тешко продираат, особено во нашите околности кога ние не можеме да испратиме една пратка преку Океанот, весниците и телевизијата со касетите не можат да ја извршат таа функција, агенцијата ни се појавува како една суштествена и акутна потреба. Во таа смисла јас ве замолувам ако оценувате дека тоа е потребно во овој момент да се согласите да се пристапи кон формирањето. Се друго што не чини или нема да чини, вие сте тука, а и ние сме тука впрочем зошто толку против Владата. Па чија е таа Влада. Вие ја избравте. Па таа Влада е на оваа Македонија. Па таа Влада во секој момент може да се замени а агенцијата ќе остане и ќе ја прави овој народ таква каква што таа ќе му биде потребна нему.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ќе се надоврзам на последното искажување на господинот Ристевски, бидејќи мислам дека сите проблеми во овој Парламент од 25 март па се до денес произлегуваат од последната реченица што ја кажа господинот Ристевски чија е таа Влада.

Светската демократија не знае примери на експертски влади. За тоа постои демократија, за тоа постојат избори, за тоа постојат партии.

Ако беше Владата составена на принципот на кој што се сега комисиите/ се знае од оваа партија толку членови, од оваа толку и т.н. Ние немаше со таква недоверба овој Парламент, не зборувам конкретно за мене, немаше со таква недоверба сите партии да се искажуваме и да приоѓаме на предлозите на Владата. Еве ние како ВМРО имаме само еден наш министер^.Социјалдемократскиот сојуз има еден свој член. Сите други членови односно министри се вон партијци.

Конкретно за агенцијата.

Целата наша работа денес се состои во тоа што ние за дневниот ред расправаме три саати, се надмудруваме цело време. Тоа стана традиција. Сега влеговме во материјална расправа а тоа може да оди така што сите предлози што потекнаа од Социјалдемократскиот сојуз кога ќе се разгледува Предлогот на закон во вид на амандмани, може да си ги дадат, да се гласа, што ќе се усвои ќе се усвои, што не, не и ќе поминеше. Ние час ипол расправаме за нешто што е обична процедура. -Јас точката еден ја сфатив како обична процедура. Мислев ќе се изгласа за една минута. Дајте искажете се кој е против една ваква агенција. Јас длабоко сум уверен дека ваква агенција и е неопходно потребна не само на Македонија, на било која република и кај нас и во Советскиот Сојуз и било каде што сака да стане држава. Каде постои држава која нема државна агенција своја.

Тука колегата Станковски кажа на доходовни принципи, независно новинарство, Туше Гошев рече дека е контра со Уставот и т.н.

Сите овие работи јас лично ги отфрлам. Најконструктивна беше дискусијата на господинот Ештреф Алију. Дајте да кажеме дали сме ние за оваа агенција или не сме и готово. Да се знае кој е против оваа агенција. Ако сме против оваа агенција јас лично мислам дека сме и против вчерашното писмо на господинот претседател на Републиката господинот Киро Глигоров со кое ги повикува сите држави за наше меѓународно признавање како држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи мене ми е сега многу тешко да заклучам јас претходно ќе кажам неколку збора.

Ние денес по оваа точка имавме една опширна и на прв поглед дури и досадна расправа. Меѓутоа, веројатно со една временска дистанца констатираме дека ние денес така стихијно, непландски се сретнавме со едно од клучните прашања на новиот Устав. Фактички на тие пресвртни периоди во најважните земји со демократска традиција свртувањето кон демократијата било врзано со тешки расправи за слободата на печатот. Тоа е во САД, Велика Британија, Франција по Француската револуција, Шведска итн. Ние не можевме поинаку да минеме преку оваа точка освен да се изложат различните погледи токму на тоа прашање. Како ние на таа слобода на информирање гледаме сега кога направивме еден демократски, граѓански Устав и кога сакаме по тоа прашање да се мериме со Европа.

Овде ислушавме многу пратеници со многу различни погледи, но ислушавме и 2 излагања од Владата, јас би рекол, не исти значајно различни едно од Министерот за информации кој се обиде да воспостави контакт со излагањата на пратениците и да најде помирлив тон без егзалтација, без емоции да види дека треба да се реши некое прашање на потребата на Македонија сега. Друго, би рекол потврдо излагаше од потпретседателот кој има многу цврста концепција каква треба да биде таа агенција во овој момент. Ние можеме да се приклониме на едното или другото прашање, но треба да знаме што решаваме со едното, што со другото и кој други варијанти ни се нудат од излагањето на пратениците овде. Денеска треба да заклучиме многу широко да ја задолжиме Владата

да ги проучи излагањата и сите погледи кои беа овде изложени и да извлече најкорисен заклучок во кој правец да заклучи да се работи на тоа.

Прво, мораме да знаме дека Македонија мора да има Влада и тоа е многу важно оти Владата е многу важна институција, но Владата и Македонија не е исто и не може да биде исто ниту ќе се случи некогаш се што треба и што е потребно на Македонија да може да го направи Владата и само Владата и никој друг или се што и треба на Македонија да може да го направи Собранието и само Собранието и никој друг. Македонија има дна милиони и триесет и шест милиони жители различно поврзани во интереси на различни таласни држави со различни сили на искажуваше на своите интереси итн. Она што мене лично ми прилега по ова прашање тоа е вака. На Македонија во овој период и треба агенција. Тоа про-4 излегува од сите заедно. Колку е моето искуство денес во новородените земји освен во посебни случаеви најмалку им се верува на Владините агенции, потоа на државните агенции и најмногу им се верува на независните агенции. Ако сакаме да побиваме вистини, тогаш Владината агенција побива Владина вистина во светот, државната агенција државна вистина во светот, независната агенција независна вистина во светот од таа земја, да launch речеме, Македонија, или било која. Тоа е мое лично мислење. Јас, на пример, да сум во Владата како министер би предложил нешто друго. Јас на овој Парламент би му предложил Владата да покрене иницијатива за формирање на новинска или незнам каква агенција на Македонија и да определи свој блок во формирањето на таа агенција, но да го немаат

контролниот пакет, а таму,. нека бидат членови другите информативни куќи, стопански организации кои имаат разни интереси, приватни лица итн., а Владата со својот блок да обезбеди сигурност на пласирањето на сопствената вистина сепак тоа што е државна политика низ таа агенција да може да има пропуст, да може да оди, но таа агенција малку пошироко е автентичната клима овде да ја пренесува надвор за да не се сомнева никој во агенцијата ни во државата дека е нагазена од една Влада и дека таа Влада денеска има власт и таа своја вистина ја наметнува во светот и дома. Тоа не е добро. Тој ризик ние треба да го избегнеме инаку општ е интересот македонската независност и самостојност да се промовира. Верувајте тоа е интерес на Владата, тоа е интерес на Собранието, но длабоко сум уверен дека е тоа интерес на сите субјекти во Македонија и на секој граѓанин. Немате претстава колку луѓето дури и на улица не среќаваат и со каков интерес со какво задоволство го коментираа синоќа вчерашното соопштение.

Според тоа, јас сум за размислување нашите слободи и права што ги пишуваме во Уставот како во сферата на информирањето, мислата и изразувањето на мислата, така и едно од темелните вредности дека се слободата на пазарот и претприемаштното да биде применета и во оваа област. Владата и македонската држава да си сочува иницијатива, но да биде само еден од елементите, од факторите кои се заинтересирани за тоа за да се направи една таква суштинска, јака агенција и јас се согласувам нашата агенција за еден грст земја како вели господинот Ристовски дека сме мала земја сигурно е тешко да направиме некоја модерна современо опремена агенција, а меѓутоа, верувајте вистината има огромна сила. Без агенција ова овде што се случува во светот се проби во многу средини па да кажеме Тањуг е агенција и на некого му служи, меѓутоа, не ми се верува нема толку сила.

Според тоа, не треба да сме многу загрижени што сме мала земја со слаби материјални можности, многу е важно во првиот чекор да не погрешиме, да не оставиме впечаток и да правиме една режимска агенција, една владина агенција која ќе шири владина вистина, државна вистина, тоа треба да го избегнеме, тоа е многу значајно.

Според тоа предлагам, мислам, размислувам, иницијативата да биде од Владата, Владата да предложи на ова Собрание и со средства да учествува во тоа кој ќе"*6иде нејзиниот влог, но тоа да биде еден фактор на мобилизација пошироко во Републиката и тоа да си биде во основа независна агенција во која ќе биде застапен интересот на Владата и на државата. Ова мислев како општ впечаток од сите дискутанти некако ми се наметнува можеби не сум во право, меѓутоа, многу е тешко да се заклучи сите ние фактички денеска имавме прва расправа за спроведување на Уставот во оваа точка. Сакале или не тоа е суштината. Денеска ние се сретнавме со проблемот на слободата на информациите, со проблемот на правата на човекот и граѓанинот во оваа клучна област и со слободата на пазарот и претприемаштното. По мое мислење се што слушнав овде тоа е едно богатство на идеи и сугестии, една толерантна расправа и ни една принципиелна спротивност на Уставот не беше искажана овде. Затоа, јас имам едно огромно задоволство што вака протече оваа наша денешна расправа. Ова го зборувам само заради тоа што навистина ни беше тешко како да заклучам ќе се обидам сега нешто да направам, ве повикувам некој да ми помогне со конкретни сугестии, меѓутоа, морам да кажам дека прв пат се среќаваме со еден феномен каде сме исправени да дадеме конкретна насока како да се спроведува Уставот и убаво е ако не погрешиме.

Ако нема понатаму за дискусија јас би се обидел да формулирам заклучок.

Собранието го разгледа и усвои предлогот за донесување на закон за новинска агенција. Дали е телеграфска или таква, потоа да се каже.

2. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието му достави Предлог на закон

за иницијатива за формирање на агенција при што ќе биде одредена улогата и учеството на Република Македонија во неа и при тоа да ги користи сите сугестии и насоки дадени во извештаите на работните тела и учеството во расправата што го имаа пратениците.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за информации.

Дали се согласувате?

Молам, кој е за да крене рака за предложениот заклучок.

Дали некој бара збор?

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас се извинувам го немаме текстот на заклучокот, меѓутоа, ако можете да повторите ова што беше втората точка од заклучокот на Собранието каде Собранието ја задолжува Владата да подготви, како сакате прочитајте го не можам да го репродуцирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да предложи на Собранието иницијатива за формирање на новинска агенција. Поаѓаме од тоа дека Владата и Собранието ќе бидат од основачите, а нејзе ќе и пристанат и други со право на основање.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас мислам своето несогласување го изразувам со овој заклучок, овој заклучок за мене е неприфатлив, затоа што се предлага Владата да достави информација, а имавме точка на дневен ред предлог за донесување на закон за телеграфска агенција на Македонија. Мислам дека тука треба да бидеме конструктивни и децидни дали го прифаќаме или го отфрламе тој предлог. Ова вака како што е предложено мислам дека е недефинирано, не е одредено и дури со термини, со време многу се расплинува. Ние имавме предлог дали да формираме таква агенција или не сме за тоа. Тука за тоа треба да се произнесеме, тоа е заклучокот, а овој заклучок кој го направи, кој го дефинира не ми е јасно и мислам дека тоа не ја одразува расправата во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа велам да го прецизираме заклучокот.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Видете, навистина при оваа расправа имаше многу плурални гледања околу формирањето на една ваква агенција. Сега кога станува збор за Владата мислам дека треба да ја поедноставиме работата. Владата треба да создаде закон на основа за формирање на агенција. Треба да го деблокира просторот за создавање на агенција. Мислам дека исто така многу повеќе преовладува мислењето дека агенцијата треба да се смести во рамките на Собранието заради тоа што имаме еден плурален Парламент и на тој начин една агенција која би ја формирало Собранието би одговарала многу повеќе на плуралниот амбиент на информативната сфера во Македонија наместо во Владата заради тоа што сеуште мислам

дека политичките партии имаат една одредена бојазност ако е таа сместена во Владата дека ќе доминира еднostран интерес и мислам дека за сега најдобро решение би било едно вакво решение да~ биде тоа агенција на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да се обидеме да видиме.

Прво, Собранието го разгледа и го усвојува предлогот за донесување на закон за новинска агенција во Македонија.

Второ, Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да го изготви тој предлог на закон врз основа на извештаите на работните тела и расправата овде на седницата на Собранието.

Дали може така?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас заклучокот не може да го разберам добро, бидејќи вие прочитавте дека Владата треба да изготви предлог на закон за основање на новинска агенција. Според мене тоа значи дека во склоп на ова можат да се формираат многу новински агенции кои ќе конкурираат. Досегашниот предлог беше да се формира една новинска агенција. Во случај да се формира една новинска агенција без право да се формираат други новински агенции тоа би било монопол. Затоа, јас предлагам тоа да биде предлог на закон за формирање на новински агенции, па кој ќе биде поспособен тој ќе може да заживее.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаше и такви нагласки овде во расправата. Јас предлагам вака. Првата точка од заклучокот ја усвоивме.

Втората точка да гласи Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви предлог на закон, кој го рековме во првата точка и да го предложи на Собранието врз основа на извештаите на работните тела и расправата на седницата на Собранието. Тука ја ослободуваме Владата да проучи, види, одмери и да направи предлог.

Дали може така?

Трето, овој заклучок заедно со извештаите и стенографските белешки од расправата да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за информации.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (87)

87 пратеници гласаа за предлогот.

Дали има против? (4)

Дали некој е воздржан? (4)

4 пратеници се против, 4 се воздржани и според тоа констатирам дека овој заклучок што го пропитав е усвоен.

Пред да минеме понатаму имам барање од некој пратеници да дадеме пауза од 30 минути.

(Седницата прекина со работа во 19,30 часот)

(По паузата, седницата започна во 20,15 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за финансирање на потребите и интересите на Републиката во културата со Предлог на закон

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Законодавно- правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за образование , наука и култура Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Со години таложените проблеми околу поставеноста на општествените дејности односно несреќно разрешениот проблем на нивното финансирање и општо на нивниот третман веќе долго време е предмет на бараше на патишта за разрешуваше. Но, исто така во ова барање се заборава дека ако некаде постојат достигнувања и позитивни резултати тоа мора со сигурност да се каже токму во овие дејности, а културата бездруго го зазема врвното место. Мора да се каже дека во културата тоа не се должи на некаква мудра политика, туку повеќе на индивидуалните вредности, самопрегор и пожртвувањето на луѓето од оваа област. Затоа, предлог законот за финансирање на потребите и интересите на Републиката во културата претставува само уште една стара страница илустративна за оние сфаќања според кои културата е нужно зло,

жежок костен кој треба да се пушти да се тркала и така да се лади до замрзнување. Имено, во случајот на програмата на Владата се прави обид од Парламентот да се издејствува бланко согласност, тоа во случајот на Министерството за култура се прави со овој закон кој што не е ништо друго туку верна копија на заложбите на оваа Република е да централизира. Неговото изготвување течеше вон увидот на јавноста и вон институциите од областа на културата, а верувам дека ќе се согласиме дека во нив работат вистински експерти. Ниту еден нив, не беше повикан да даде мислење, предлог или некоја сугестија. Она што ги мачи културните работници не се само егзистенцијалните прашања, статусот и слично, нив ги загрижува отсутноста на каква и да е соработка, каква и да е визија или согледување за она што се сака и што ова исклучително важна област треба да се заштити. Зошто може да ни се повтори историјата, така што со валкана вода ќе исфрлиме се што беше добро и значеше вистинска легитимација на ова поднебје во Југославија, Европа и Светот. Не може пред Парламентот да се поднесува закон кој не е придружен од т.н. закони од дејностите од областа на културата. Закон, за кинематографија, закон за театар итн., што само по себе покажува дека се работи за некомпетентност, или некој мисли дека другите не знаат ништо. Не може денес да се предлага закон со кој во така деликатна област, како што е културата и област во која слободата и творештвото е услов за квалитет. Сите овластувања без какво и да е ограничување се даваат во рацете на една личност.

На крај краишта, не може овој Парламент да усвојува закон од областа ва културата кога ја нема поддршката од културните работници и врвните творци кои во случајот останаа заобиколени или запрашени како демократијата да не важи за нив. А, сето тоа во име на експертноста. Лошо и се пишува на онаа земја во која културата се одлучува преку колено со цел моќта и под културата да се концентрира во една фотелја. За да се создаде простор законот да ја консултира јавноста, посебно културните работници предлагам истиот да се донесе по редовна процедура, *а не вака во скратена постапка.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници,

Мојата заложба во прилог на носењето на овој закон да се раздвои и да се донесе пред се во скратена постапка, односно денес да оди во форма ва предлог за донесување ва закон за да може на следната седница да оди со Предлог на закон. Ова го зборувам од причина што потребата за носење на еден ваков закон навистина е еминентна во нашето културно поднебје од проста причина што Македонија досега немаше закон, меѓутоа, согледувајќи го се она што е дадено во текстот. Па Предлогот на овој закон мислам дека без да ги карикирам работите и без да сакам некого да навредам најмалку овој закон нема потреба да се вика Предлог за донесување на закон за финансирање на потребите и интересите на Републиката во културата, туку Предлог за донесување на закон со Предлог на закон за министерот за култура. Тоа го зборувам од причина што овластувањата кои што се овде дадени на министерот на културата, се навистина големи. Тоа е пред се во врска со носењето на програма за култура која што подоцна би била во корелација со една друга програма,

многу поширока културна политика која што би се наркла и која што би ја носела ова Собрание, меѓутоа годишна програма во областа на културата ја носи министерот, потоа тој именува Совет кој што има соодветна улога ги разрешува членовите, донесува завршна сметка , сам одлучува за тоа како кое бидат инвестирани средствата од културата, а овде стои и може да сопре и да бара враќање на доделени средства ако истите се користат спротивно на намената за која се доделени. Мислам дека имаше еден амандман не знам од кого и како предложен кој што веројатно во процедура и Владата го прифатила, да тој не може да сопре, туку да мора со решени да ги сопре ако не наменски се користат средствата, така да мојата заложба би била, бидејќи мислам дека Републиката има потреба од носење ва закон, амандманите кои што се сега, односно да се оддели, законот да се носи во скратена постапка, а одредени заложби што се внесени во амандманите понатаму бидат составен дел ва текстот кој што би го добиле ва идната седница во форма на предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Молам, господинот министер да каже што има.

Јас ве извикав заради тоа што има дадено принципиелно два предлога да оди во две фази.

**ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Текстот кој што е денес заедно со сите придужни текстови пред вас е во оптек меѓу сите нас веќе околу половина година. Тој беше предмет на разгледување ва матичната комисија образование, наука и култура, за финансии и буџет, Законодавно- правната комисија.

Заедно со амандманите на господин Тодор Петров, беше предмет на едно плодно истражував>е и посматрање,. Беа дадени предлози вклучувајќи го и ова што последната пратеничка го кажа да не може, туку мора тоа да го стори.

Почитувани пратеници.

Концентрацијата на власта во ресорниот претставник е превасходно сврзана со неговата одговорност која што е зацртана во Законот за управата и тоа го чини одговорен во многу сегменти што се тука поставени. Се завaат и другите елементи во кои што се инсистира на одговорност на ресорниот министер пред Вас за негово реферираа за негова обврска пред сите вас овде и ниеден елемент од неговата програма не може да помине без дефинитивна санкција на Собранието на Република Македонија. Со оглед на тешкотиите кои што стојат во вашата работа без еден ваков документ што го имаме дозволете ми да апелирам ва потребата за негово изгласување доколку тоа Ви се чини упатно, а до пратеникот претходниот доктор кој што овде дискутираше, јас му благодарам ва дискусијата и сакам да го убедам дека покрај залагањето на културните работници резултатите во културата сепак не се резултат на некоја стихија затоа што покрај индивидуалното творење постои нешто што се вика една атмосфера за подем во сите домени ва културната дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието. Тука имаме два предлога од двајца дискутанти. Тоа е ист предлог да се сведе да се усвои Предлогот за донесување на закон за финансирање на потребите и интересите на Републиката во културата, но да не се донесува денес законот. Според тоа го заклучувам претресот ва

Собранието по општиот претрес и го предлагам следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон, за финансирање на потребите и интересите на Републиката во културата.

Кој е за, молам да крене рака? (88 пратеника)

Дали има некој против? {3 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Од двајца пратеници имаме предлог да не се претресе сега предлогот на закон. Молам, сега тоа е изречено во расправата, тоа не е пишан предлог и затоа го ставам на гласање предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Тоа е основниот предлог од работните тела.

Кој е за, молам да крене рака?(33 пратеника)

Дали има некој против? (22 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (16 пратеника)

Според тоа, констатирам дека не е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон. Значи, да ја задолжиме Владата .врз расправа на извештаите на работните тела и расправата на Собранието, да подготви предлог на закон.

Според тоа, сега и расправата по амандманите ќе треба да се води, а амандманите треба да се имаат предвид при подготвување на законот.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заемот на вработување со Предлог ва закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, извештаите ва ЗПК и Комисијата за труд и социјална политика, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заемот за вработување.

Кој е за, молам да крене рака?(90 пратеника)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?(98 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам, општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес, и отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Предлогот за донесување на закон со Предлогот ва

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот . по текстот и Предлогот на закон го ставам ва гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (94 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаа»е? (никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заемот ва вработување.

Има збор господинот Ајдерага.

**АЈДЕРАГА ГАЗМЕНД:**

Само да се изврши една исправка, затоа што откупот на обврзниците трае 60 дена почнувајќи од 1 октомври 1991 година. Тоа е член 6. Да се изврши таа измена, да ве биде граница ова што тука го гласавме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, министерот да каже дали е тоа материјална забелешка? (Не)

Значи, тоа може при редакцијата да се усогласи.

Според тоа ве треба изјаснување на Собранието.

Дали господинот Ајдерага бара ново изјаснување? (не) .

Минуваме ва **точката 6** - <u>Предлог за донесување ва закон за издавање на обврзници, на Република Македонија со Предлог на закон.</u>

Предлогот за д6несување на законот со Предлогот ва законот, извештаите да ЗПК и Комисијата за финансирање и буџет Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изданаа»е на обврзници ва Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (90 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоев.

Дали Собранието го усвојува Предлогот ва оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоев Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молзам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот ва Предлогот ва закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани ва членовите 1, 5, 6 и 7 и тие се составен дел ва Текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот по Текстот на Предлогот на законот и Предлогот ва законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за издавање на обврзници ва Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме ва **точката 7 -** Предлог за донесување закон за амнестија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување ва закон со Предлогот ва закон и извештаите ва ЗПК, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана Комисијата за општествено- политички систем, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој ве бара збор, го заклучувам претресот и ва Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување ва закон за амнестија.

Кој е за, молам да крене рака? (91)

Дали има некој против? (Нема)

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека Предлогот е усвоев.

Дали Собранието го усвојува Предлогот ва оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (88)

Дали има некој против? (Нема)

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот ва закон.

Отворам општ претрес по Предлогот ва закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој ве бара збор,,го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот ва закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 кој е составен дел на текстот ва Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1.

Овој амандман го прифати Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана во изменета форма, со што се согласи претставникот на предлагачот и пратеникот Тодор Петров в тој е составен дел ва текстот ва Предлогот ва закон.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман ва член 2, став 6.

Овој амандман ве го прифатија претставникот ва предлагачот н Комисијата за внатрешна политика и ОНО а пратеникот Тодор Петров го повлече овој амандман.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 5.

Овој амандман не го прифатија претставникот на предлагачот и Комисијата за внатрешна политика и ОНО.

Ве известувам дека денеска пратениците Ферид Садику и Наим Селман, поднесоа амандман ва членот 1.

Овој амандман е содржан во амандманот ва Владата и нема потреба да се гласа по него.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, ој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по член 5.

Амандманот го ставам ва гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19)

Дали има некој против? (5)

Има ли воздржани? (45)

Констатирам дека Собранието ве го усвои амандманот на член 5 поднесев од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлагам амандман на Законот за амнестија, во членот 1, место една четвртина да биде е”дна половина" од неиздржаниот дел на казната.

Образложение, ваквата амнестија кај нас е редок случај. Затоа што, сега Ісе речете, за прв пат во историјата ва македонскиот народ создаваме држава, самостојна држава и донесуваме устав кој ја гарантира таа држава. Според тоа е моментот малку да ја прошириме амнестијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот поднесен сега, во оваа форма, деловнички не може да се доставува. Тој треба да е писмено доставен порано.

Во секој случај од стручен аспект би, го молел министерот да даде мислење да ве е случајно некоја исклучително важна работа. Тогаш би прекинале со работа и би барање да се направи писмен амандман и Комисијата да го гледа. Меѓутоа, дали е таков случајот.

Има збор, министерот за правосудство и управа господинот Наумов.

**ЃОРЃИ НАУМОВ:**

Почитував претседателе, дочитував пратеници,

Предлогот на пратеникот Анастасовски мислам дека не е основав не држи од причини што вие секоја година, секој месец, секои три месеци донесуваме, одлучуваме по молби за вонредно ублажување ва казни, молби за условен отпус по молби за помилување.

Ова е еден вонреден акт ва Владата, ва Министерството за правосудство преку Владата во чест и по повод Референдумот, по повод распишаниот референдум, по повод донесувањето на новиот Устав и сметаме дека, имајќи го предвид бројот на осудените лица и висината која ќе биде намалена со овој закон за амнестија, мислиме дека ќе задоволи една правда и правичност и дека една четвртина е доволно за намалување ва неиздржаниот дел од казната или неотпочнатиот дел за извршување на казната.

Мислам дека барањето за една половина, прво ве е процедурално, вака како што е, а друго го имавме тоа предвид. Сакам овде да го кажам и фактот дека ние во првобитниот текст, предложивме само амнестија на лицата осудени по Кривичниот в друг закон ва Република Македонија. Бидејќи Законот за амнестија ве се усвои до донесувањето на новиот устав, а со стапувањето во сила ва новиот устав, согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување ва Уставот на Република Македонија сојузните прописи ги земавме како републички прописи, сега со амандман Владата и лицата осудени по Кривичниот закон ва СФРЈ и за нив важи амнестијата.

Од тие причини мислам дека нема место за понатамошно барање за зголемување ва висината за .намалување ва изречената казна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека министерот во своето искажување се допре до еден дел и спомна дека амнестијата ја поврзува со праведноста. Мислам дека праведноста во изречување на казната е во ред, уште во нејзиното изречуваше. Меѓутоа, амнестијата можеме да ја поврзуваме со некое одобрување од државата некои луѓе да се помилуваат односно им се даде да не кажам, некој подарок во намалување ва издржување на казната. Така што мислам дека правичноста ве е врзана за амнестија!

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е терминолошко изјаснување. Мислам дека го сфатија министерот што мисли.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувани пратеници, имајќи ги предвид сите околности, односи и ситуацијата како политичка така и суверeноста на Републиката и јас во мое лично име и во името на пратеничката група ПДП и НДП предлагам предлогот на господинот Анастасовски да се прифати со следна^а измена, со тоа што ние предлагаме делот на казната да биде една третина и сметам дека овој предлог е реален.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме уште еден предлог. И тој не е писмено поднесен но постапка која е својствена за донесување ка закон.

Јас пак би го консултирал министерот дали останувате на вашето објаснување? (Останува)

Господинот министер останува на објаснувањето што го даде. Тоа е ставот на Владата.

Вашите сегашни предлози имаат сила ва сугестија се до тогаш додека предлагачот ве ги земе како свои предлози. Не ги прифати. Останувaат само како сугестии. Тоа ве се амандмани кои циркулираат Вие сте имале време да ги пуштите како амандмани во постапка и затоа ве можам да ги дадам ва изјаснување. После две консултации ва Владата, предлагачот останува ва својот предлог. Затоа да одиме понатаму.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг ве бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот ва закон го ставам ва гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (94)

Дали има некој против?(Нема)

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за амнестија.

Дозволете ми во името ва сите пратеници да ја честитам слободата ва сите овие ва кои ќе се однесува овој Закон во примена.

(Аплауз)

Тоа е особено значајно што повод за овој закон е одржувањето ва референдумот и донесувањето ва Устав на независна суверена Македонија.

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање ва општите општествени и заеднички потреби, со Предлог ва закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите ва Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување ва закон.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за финансирање и буџет смета лека има потреба од донесување на Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби со Предлог на закон од следните причини:

Бидејќи во досегашните приходи од царини, увозниданачки, такси, лежарина и од основниот данок беа приходи на Федерацијата, во услови на целосна сувереност на Републиката има потреба од донесување на овој закон овие приходи да бидат приходи на Републиката.

Поради тоа Комисијата смета дека како приход на Републиката треба да се воспостават и приходите од царини и од основниот данок на промет што во досегашниот систем беа приходи на Федерацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Дали нешто во ставот на предлагачот се менува? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за системот за финансирање ва општите општествени и заеднички потреби.

Кој е за, молам да крене рака? (93)

Дали има некој против? (Нема)

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(88)

Дали има некој против? (Нема)

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека е усвоен прелогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (85)

Дали има некој против? (Нема)

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 9** – Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за данокот од доход, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на Законодавно-правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување ка закон.

Молам, кој бара збор? (Нико)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојување предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за данокот од доход.

Кој е за, молам да крене рака. (83 пратеници се за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржа од гласање (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака (83).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (Не).

Констатиран дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, (го заклучувам претресот).

Отворам претрес по текстот по предлогот на законот.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандман за бришење на членовите 2 и 4 како и амандман на член 2 став 2.

Законодавно правната комисија овие амандмани не ги поддржа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Дали некој бара збор? (Го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 2 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

За збор се јави господинот Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници' ас имав дна амандмани ка членот 2 од овој закон, едниот го повлеков, а при овој останувам, па дозволете ми да го образложам. До 30.06.1991 година данокот од доход изнесуваше 2,5 + придонеси за СИЗ-от за научни дејности, култура и социјална заштита, кој изнесуваше 2042 или вкупно 4,542%. Рудниците со подземен под со член 14 Службен весник бр. 4-7-89 година беа ослободени од плаќање данок од доход, значи беа ослободени од данок 2,5% л плаќаат само 2,042%. Со овој предлог на закон член 14 со кој рудниците со подземен коп беа ослободени од' данок на доход се брише и се одредува стапка 5,86%, што значи зголемено оптоварување на рудниците со подземен под со 3,8 до 4%, што е спротивно од сите определби, заложби за растоварување ка стопанството.

Посебно е битно што исклучителни тешки услови за работа и стопанисување, смалени цени и ограничена надворешен пазар со несразмерно зголемување на цените за влезните трошоци, ги доведе сите рудници од подземев коп да работат со загуба. Имево, за 6 месеци трите рудници со подземен коп односно со подземна експлоатација во

Републиката покажаа загуба од 130 милиони динари. Од наведени причини ги молам сите учесници по расправата при донесување на Законот да го поддржат поднесениот амандман. Значи, се работи за три рудници на кои сега со овој закон им се зголемува данокот на доход. Скоро на ниедно друго претпријатие тоа не се чини и јас молам, значи, предлогот на овој амандман е да се остане при ситуацијата коа беше досега. Со ова се зголемува ставката з а 3, 8-4,4. Суштината на тоа, јас би го молел и министерот Тошевски да го објасни ова иако во нивното образложение во самиот закон настрана 3 во ставот 5 цитирам пишува вака. "Со цел да се задржи постојното даночно оптоварување односно со цел даночното ослободување по основ на данок од доход да не се прошири и на придонесите од доходот во предлог на .законот се предлага да се вгради нова алинеја, со што се обезбедува дисперзираните капацитети во првите три години по активирањето и рудниците со јамски коп да бидат ослободени од плаќање на данок од доход во дел од интегрираната стапка која е наменета за општи и општествени потреби. Во нивното образложение зборуваат дека треба да биде дадена посебна алинеја и да бидат ослободени од посебниот данок на доход како што беше и досега» додека во текстот каде што е даден практично им. се дава нова стапка. Јас навистина би молел за разбирање, бидејќи тешко се остварува доходот во рудниците со подземна експлоатација, тоа е најтешка професија и во името на 6 илјади вработени во рудниците молам, да биде поддржан овој амандман. Не се бара никаков попуст, но да остане ситуацијата која што беше досега.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за финансирање и буџет на денешната седница ги гледаше амандманите на пратеникот Симеон Ивановски и не ги прифати

бидејќи оцени дека во Републиката има и други гранки од стопанството кои се позагрозени од материјално и финансиски аспект, а за кои нема одредби од законот за ослободување односно намалување на стапките на данок од доход. Тоа е накратко образложението зошто Комисијата за финансирање и буџет не ги прифати амандманите на пратеникот Симеон Ивановски. Инаку, со предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за данокот од доход во член 4 се бришат ослободувањата кои што досега важеа за претпријатијата, тоа е за дисперзираните капацитети во првите три години, во активирањето и рудниците со јамски коп, значи понатаму како организации и претпријатија кои што се ослободени од плаќање на данок се само претпријатијата кои што вработуваат инвалиди на трудот. Исто така во член 2 поради тоа што се бришат од ослободувањата се заведува во членот 10 по алинејата 7 се додана нова алинеја 8 која гласи дека постапка од 5,886 ќе плаќаат обврзниците од дисперзираните капацитети во Републиката во првите три години по активирањето и рудниците со јамски коп. Со тоа фактички се намалуваат скоро сите ослободувања кои што важат за плаќање на данок од доход во Република Македонија.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во прилог на образложението односно на амандманот што го даде господинот Ивановски сакам да додадам уште неколку аргументи. Имено, рудниците во Македонија, остануваат во делот на сопственоста не дефинирани. Еден од крупните и значајните елементи во однос на сопственоста. Не би образложувал како е тоа поставено во другите места.

Второ, лимитираноста на пазарот и специфичноста на пазарот што ја имаат рудниците за обоени метали во Македонија во конкретниот случај при недостаток на капацитет за преработка на оловните концентрати

имајќи ги предвид се вкупните односи што се случуваат во Европа и во Југославија. Понатаму, преголемата превработеност од социјален аспект што ги имаат рудниците во досегашниот степен на развој како неопходна и задолжителна обврска за решавање на проблемите. Понатаму проблемот на трудовите инвалиди, потоа рудниците и ден денес издвојуваат задолжителни средства за истражно- капитални работи што не е карактеристика скоро за ниедна индустрија односно индустриска гранка во Македонија. Знам како е тој случај решен во Србија, да не зборувам и во Словенија. Додаден аргумент во прилогов на ова последната економска реформа која имаше цел на информација 40%, а знаеме која е сега остварена инфлација на просторот, пред се, на Македонија, па во прилог на тоа би потенцирал уште две работи. Во услови кога преработката на оловните концентрати претставува сериозен проблем и во услови кога не може каде да се преработува тој концентрат, рудниците се приморани во оваа ситуација да вршат маркетинг односно пласман на странскиот пазар. при вакви услови како што постојат за нас ова претставува дополнително оптоварување од 2,5 на 5,86.

Уште дна моменти, категоријата доход во новите услови на стопанисување, веројатно, ќе биде набргу избришана категорија, бидејќи тоа е изведена категорија само ако основица за пресметување. Јас се извинувам што морам на колешката Славјанка да и кажам дека воопшто не е во право, зашто поместувањето на основицата е една работа, а од таа основица како маса ва средства па се намалува од вкупниот коефициент. А ние тоа најдобро знаеме рудниците како изгледа тоа и инсистираме и го повлекуваме односно амандманот што беше 1 или 2 како е крстев, предлагаме да се поддржи барем овој компромис да остане на онаа позиција што е.

Уште една работа што мора да се има предвид, а мислам дека Министерот Тошевски тоа добро го знае, сметам дека наскоро ќе се предложи закон за решавање на рентата или евентуално закон за..... ајде кога ќе биде законот за странски вложувања, тогаш да разговараме. Предлагам овој амандман од колегата Симеон Ивановски и имајќи ја предвид севкупната материјална, економска, општествена, на крајот на краиштата и стандардот на работиците односно рударите овој амандман да се прифати односно да остане со ставка на оптоварување 2,042.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Владата останува на предлогот на законот како што е даден, а тоа значи не го прифаќа амандманот од следните причини.

Прво, изграден е општ став дека во едни нови изменети стопански услови и стопански систем, стопанските субјекти треба да се доведуваат во еднакви економски услови и низ конкуренцијата и организацијата на работа да го остваруваат својот ефект.

Второ, забележувате од самиот предлог дадена е можност за ослободување само за организациите за професионални инвалиди од процесот.

Трето, во образложението овде што се дава од страна на предлагачот, навистина се зема една отежната ситуација во производството кај рудниците со јамски коп, меѓутоа, не се зема предвид она што е општа состојба во стопанството. Дека покрај овие дејности има и други дејности и индустриски гранки во кои економската положба од тој аспект гледана е далеку посложена и по неизвесна отколку што е ситуацијата во овие организации, конечно, ако нема доход, бидејќи се уште на пресметковниот систем ви е прилагоден ва поимот доход, согласно членот 28 од системот ва сметководството, нема да се пресметуваат тие даноци. Имаме и поширока елаборација на одговорот на Владата за

неприфаќање на овој амандман и со оглед на времето јас нема да го образложувам, освен ако ве стане посебна потреба, ќе изнесам само неколку работи. Треба да се знае дека во ингерираната општа стапка на данокот од доход во висината од 8,386% вклучено е досегашното издвојување на основ на основен данок од доход во висина од 2,5 како сто беше изнесено и издвојувањата од доходот по основ на придонеси и други издвојувања од доходот прилагодени на основицата за пресметување на данокот од доход во висина од 5, 886 и тоа се републичките СИЗ-ови од општествените дејности тоа е до 30.06.о.г. како што се пресметуваат во висина од 1,779%, за култура 0,608, научно истражувачка дејност 0,912, социјална заштита 0,259 и придонесите на општинските СИЗ-ови од општествени дејности сметаме и на висината на придонесите од град Скопје, бидејќи знаете во сите општини имаше различна висина на тие стапки, во висина од 235. И ги даваме поединечно, за култура, 1,750, физичка култура 0,157, социјална заштита 0,328 и за другите издвојувања од доходот и тоа за солидарна станбена изградба 1,456 и ОНО 0,416.

Во образложението на амандманот по основ на законот за изменување и дополнување на законот на данокот на доход, што е доставен од пратеникот д-р Симеон Ивановски се наведува Дека стапката од 0,42% претставува збор на стапките на СИЗ-овите за научни дејности, култура и социјална .заштита., Меѓутоа не е објаснето за кои СИЗ-ови се однесуваат овие стапки. Според прегледот на СОК, филијала Штип, збирот ва републичките придонеси од данокот за научна дејност, култура и социјална заштита што се еднакви за сите правни лица во Републиката изнесува 1,112%, а збирот ва придонесите од доходот на општината Пробиштип, каде што припаѓаат организациите за кои се однесува овој

амандман за култура и за социјална заштита изнесува 1,22, или вкупно 2,322%. Доколку дојде односно се појде од определбата за интеграција на постојните стапки на даноци, придонеси и други издвојувања од доходот што се применуваат за општината Пробиштип во единствена стапка на данокот од доход, имајќи го во предвид востановеното ослободување за плаќање на данок од доход согласност членот 14 од Законот, односно ослободување во висина од 2,5 тогаш имајќи го предвид неопходното прилагодување на стапките за основицата за пресметување на данок од доход за рудниците со подземен кои би се добила стапка во висина од 6, 403%. Во таа стапка би се заклучиле и издвојувањата од доходот по основ на придонеси за Републичките СИЗ-ови за општествените дејности во висина од 1,779%. Значи, истата стапка која е вклучена во интегрирана стапка на данок под доход до доходот спрема закон.

Издвојувањата од доходот воведени во општината Пробиштип во висина од 2,752, овде е без здравственото осигурување како и кај другите и издвојувањата од доходот за солидарна станбена изградба 1,456 и ОНО 0,416.

намалувањето на стапката од 0,517, меѓу 6,403 и 5,800 разликата излегува поради повисоките издвојувања на доходот во општината во Пробиштип, 2,752, во однос ва градот Скопје, 2,235.

Според тоа, интегрираните стапки на даноци, придонеси и други издвојувања од доходот на ниво на општината Пробиштип се повисоки од доходот на интегриравте стапки што е извршна согласност со законот за данокот од доход.

Инаку, во целива гледано кога се издвојуваат просечни стапки на ниво ва Републиката, имајќи ги предвид мноштвото општински различни стапки по висина нормално е да се јави кај едни субјекти, тоа го имаме од оваа говорница и кога ги интегриравме стапките посебно објаснувано нормално

е кај одделни субјекти да се јават извесни промени во висината на стапките нагоре како што кај други се јавуваат промени надолу. Во секо] случај вкупното оптоварување на стопанството со интегрираните стапки на данокот од доход и на придонесите од доходот остануваат во границите како што објаснувавме тогаш и сега на нивото од 4-тототромесечие на 1990 година односно првото тромесечје на 1991 година, бидејќи се применуваа истите.

Имајќи ги предвид изнесеното предлагам поднесениот амандман на законот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот од доход со предлогот од доход да не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господин Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас сигурно овде не можам некоја поконкретна аргументација да дадам отколку министерот што даде одредени цифри и најде дека дури сталката сега која е овде предложена е намалена од онаа што ја имаме. Но, можам да кажам дека зборуваше за општината Пробиштип, а конкретно јас што го поднесов амандманот се работи за општината Делчево. Оттука можам да кажам дека се работи за цифри за сосема друга општина за која зборувале, или правеле просек. Оние податоци што јас сум ги изнел во образложението на амандманот се точни и зад нив стојам бидејќи се извадени точно и од службените весници и од прописите и од СОК каде што работи организацијата. Три рудника за подземна експлоатација има во Републиката. Тоа се рудникот САСА во Делчево, Македонска Каменица инаку општина Делчево, рудникот Злетово во Пробиштип и рудникот Тораница во Крива Паланка. Се работи за сите и мислам дека овие образложенија јас не би можел да ги прифатам и поставувам прашање, барам тоа да ми биде одговорено дали се прифаќа од министерот дека се работи за додатно оптоварување, додатен данок на рудниците со подземен коп со процент од 3,84. Пратениците и јавноста да биде запознаена дека иако се декларираме дека ќе ги намалиме стапките, или ќе ги задржиме истите, иако во образложението на законот зборува дека ќе ги задржи истите стапки, донесуваме стапка која е 3,84 поголема. Тоа е вистина и нека каже, доколку каже дека е вистина, но од оправдани причини треба да биде поголема, тогаш јас немам други аргументи, туку да се мине на гласање.

Исто така прашање зошто досега исто така овие рудници имале помала стапка, односно зошто биле ослободени од данокот на доход. Биле ослободени затоа што условите под кои се создава тој доход таму се такви. Ретко кој од овде можеби имал прилика да оди и да види под какви услови

тие работници таму го создаваат тој доход. И под тие услови и од тие причини биле ослободени од данок на доход. Денеска зборуваме во едни други услови дека тоа се мали пари, па зборуваме дека треба да бидат пазарни услови, дека малку пари се овие пари, малку се пари можеме да речеме кога зборуваме за буџетот колку треба да бидат 2 илјади милијарди итн. а сега се големи пари за 3,84 проценти за рудниците за подземна експлоатација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде се постави едно конкретно прашање. Ако може господинот Тошевски да одговори..

**МЕДОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Точно е дека се работи за 3 основни локалитети на рудниците за подземна експлоатација. Овде по логиката на големината на рудникот е земен Пробиштип: Заправо е сметано дека претставникот што го поднесува амандманот е од тие рудници. Не е спорно дека податоците и за општината Делчево и за општината Крива Паланка можат да се дадат и тие ќе го покажат истиот резултат. Ниту Владата, ниту јас во образложениево не скривме дека при изведување на просечна стапка на оданочување на доходот како интегрирана стапка на досегашните данок од доход и придонесите од доходот има отстапување кај едни правни субјекти нагоре и кај едни правни субјекти надолу. Во смисла. дека. сите. општини кои имаа стапки на данок од доход пониски од сега просечната стапка ва Републиката, практички ќе се јават и се јавува и тогаш го објаснување и сега го повторуваме и се јавува зголемување кај тие правни субјекти, а кај сите општини кај кои стапката ва данокот од доход и ва придонесите од доходот беа повисоки од сега просечно формирањата стапка, практички се јавува намалување.

Вкупното оптоварување на ниво на Републиката останува исто. Оваа формулација на одговор ја повторуваме повеќе пати, не оти не се знае, туку затоа што се смета дека Владата манипулира со неа. Владата објаснува дека вкупното оптоварување на стопанството во целина останува во граѓаните на оптоварувањето во третото тромесечје на 1991 година и првото тромесечје на 1991 година бидејќи до тогаш стапките во соодветните закони ги применувавме на ниво на 1990 година.

Тоа е јасно. Меѓутоа, тој праша дали е ова нова деначка за овие фирми.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Оваа не е нова деначка за тие фирми. Тие фирми ја имале таа давачка и порано, само на пониско ниво.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нова деначка од 3,8.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Не е 3,8, туку 2,5.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Јас мислам ако е тоа нова деначка таа се определува, а ако не е нова деначка без предметно е во овој закон да се вметнува тоа. Значи требало од порано да биде така а не гледам причина зошто ние сме биле тогаш ослободени. Што значи тогашното образложение било издржано, економски оправдано, елаборирано и докажано. Во прилог на тоа само да го потсетам министерот дека ние како рудници Злетово најмалку имаме 400 трудови инвалиди, Саса има преку 200 и Тораница има преку 100 ако веќе го потенцираме и тој аргумент. Или личниот доход за Злетово заради ваше информираа»е во однос ва другите што го земаше и министерот како аргумент за правдање е 8 милијарди стари динари. Или ние увезуваме

репроматеријали од запад. Еден пример само да кажам , бургија која е репроматеријал, а ние никакви обврски, односно ослободуваше немаме. Или во конкретниот случај користиме гориво за јамски багери. За тие багери нема никакво ослободување, а тие ниту излегуваат на асфалт, ниту го оштетуваат асфалтот. Според тоа, за нас ова е додатно оптоварување имајќи во предвид пред се дека се предлага нов член, нов закон. И затоа предлагаме овој амандман од страна на пратениците да биде поддржан.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е. за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против (3)

Дали некој се воздржува од гласање (12)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот поднесен на член 2 став 2 од пратеникот Симеон Ивановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Го повлекува амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на , предлогот на закон

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, ТР заклучувам претресот по текстот и предлогот ва законот го ставам ва гласање.

Кој е за молам да крене рака? (82)

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за данокот од доход.

Минуваме на **точка 10** - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на  законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој но барз збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за административните такси.

Кој е за, молам да крене рака? (82)

Дали има некој против. (никој)

Дали  некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака ? (79)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 и член 4 став 1.

Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија ги поддржаа амандманите поднесени од пратеникот Тодор Петров, а претставникот на предлагачот се согласил и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (79)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Минуваме на **точка 11** - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за личното име со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за меѓунационални односи ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок,

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име.

Кој е за молам да крене рака (76)

Дали има некој против (никој)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Закон.

Кој е за, молам да крене рака (74)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеничката група на ПДП и НДП поднесе Амандман за внесување на нов член 4.

Отворам претрес по Амандманот за внесување на нов член 4 поднесен од пратеничката група на ПДП и НДП.

Молам кој бара збор?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Нашиот предлог тргнува од лингвистички карактер бидејќи како што се знае албанскиот јазик има повеќе букви од македонскиот јазик, а во склоп на тоа имињата кои се запишуваат во исправите и документите, личните документи не можат адекватно да се пренесат само со запишување на кирилица, односно на македонски јазик. Имено, природата ва албанскиот јазик е таква што постојат и некои самогласки и согласки кои не постојат во македонскиот литературен јазик. Според тоа ние бараме да се додаде во член 4 кој ќе гласи дека во личните исправи имињата да се запишуваат на оригинална форма што значи ва албански јазик , а во заграда да се напише нивниот препис во формата што е адекватна на македонски јазик.

Тоа го образложувам од аспект што некои самогласки не постојат во македонскиот јазик. На пример: самогласката (....), имаме дифтонзи кои не се присутни во македонскиот јазик, а албанскиот јазик ги има. На пример дифтонзите Ф и В.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во многу наврати се случува изворното име на албански јазик, Брзиљ во личните документи на македонски се пишува како Брзуљ Тиви се пуишува како Тими, Фаци како Таци итн., а јас како личен пример ќе го дадам и тоа од искуство дека има и случаи кога не може да се формира име, со оглед на тоа дека македонскиот јазик ја нема самогласката '. Пример турското име Ј'лдз. Ние сме имале и лични  примери кога матичарот издал документ, меѓутоа во тој документ нема формирано име, има само согласки. На пример Ј'лдз на македонски јазик може да се запише само како четири согласки Јлдз, а ова од лингвистичка гледна точка не може да опстои бидејќи тука немаме формирано име.

Тргнувајќи од оваа јазична гледна точка ние сме предлагале во Предлог- законот за лично име да е додаде и член 4 кој ќе гласи дека имињата во личните исправи треба да се пишуваат во оригинална форма а во заграда да се додаде нивната транскрипција на соодветни меѓународни фонетски знаци.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Прашањето што се покренува овде е несомнено и важно и значајно и интересно. Точно е тоа дека во одредена документација како што се матичните книги треба да се запишува и изворната форма со изворното писмо на јазикот што е носител на тоа име, бидејќи во спротивен случај навистина би се добило нешто за кое претходникот зборуваше. Меѓутоа треба да се имаат некои факти и околности предвид при сето ова.

Прво, овде се работи за пишување, во случајов  албанските имиња, а тоа може да биде и за турските и за други имиња. За текстови кога се пишува на македонски јазик ќе кога се пишува на турски и албански, во

такви случаеви невозможно с да со пишува со латиница во македонскиот јазик според озаконетиот македонски правопис.

Вие знаете, да речеме во хрватскиот јазик каде што се пишува со латиницата, сите имиња не само лични се пишуваат во изворна форма. Не само тоа што бара една поширока култура за да знае човек како може да го напише едни Шекспир, да речеме, или еден Черчил итн. кои се пишуваат малку посложено отколку ние ги изговараме, туку во нашиот случај тоа би било просто и невозможно.

За да не се нарушува еден закон со друг закон ние не можеме да применуваме различни аршини.. Во македонскиот јазик прифатено е и озаконето да се пишуваат според изворниот изговор на имињата со максимално можно изворно пренесување на гласежот. Точно е тоа дека во некои случаеви каде што во македонскиот јазик, не во азбуката, туку пред се во македонскиот јазик не постојат некои гласови, не букви, тогаш настанува применување на сличност, она што е најблиску до изговорот. Овде примерите што се наведувани се укажувачки. Да речеме албанското или турското "и" ние не можеме да го напишеме со наша буква. Затоа ќе го напишеме така како што е наведено во нашиот правопис, односно во нашиот Закон за јазикот. Значи во сите текстови што се пишуваат на македонски јазик, независно каде се, имињата во македонската транскрипција се пишуваат според гласежот.

Некој од вас веројатно ќе постави прашање и за примери кои ве се така. На пример Французите викаат Пари, а ние пишуваме Париз. Или да речеме Босанците викаат Сарајево, а ,ние пишуваме Сараево.  Тука владее еден друг закон, Законот за применливоста. Ние на пример не пишуваме Белград иако многу често и на ТВ и некаде ќе сретнеме ТВ Београд. ТВ Београд можда ја викаат таму, меѓутоа  ние ја викаме ТВ Белград,

независно што е тоа институција, зошто во нашиот јазик како и во францускиот јазик да речеме тоа ќе си биде Белград, така како што веќе тоа во традицијата е усвоено.

Следствено овде за конкретниов случај, мислам дека со право е покренато прашањето зошто ми се чини во законот тоа не е регулирано и треба да стои едно дополнително објаснување со следниов текст: во матичните книги имињата се пишуваат во изворниот вид со фонетска транслитерација со Кирилското писмо, а во загради се даваат и БО изворната форма на јазикот и со писмото на носителите, за да може утре во таа матична книга што се води, да речеме, на македонски јазик да иде еден Турчин или Албанец да си извади матично свидетелство на албански јазик, да може да му се даде тој документ во. формата што тој односно неговиот, родител ја пријавил како форма на името на носителот на тоа име. Мислам дека тоа е нужно и правилно. Меѓутоа тоа ве може да се однесува и ва другата документација, како што се предлага овде, затоа што другата документација тоа е многу широко и ние, тоа би значело во македонскиот текст да внесуваме и латинска азбука во изворната транскрипција. Тоа според вашиот правопис не е возможно и века ми прости уважениот Ештреф Алиу кого јас навистина го почитувам, односно од пратеничката група, но тука има и доста грешки, јас претпоставувам дека тие се просто пропусти. Иако е ова потпишано овде, примерите што се давани навистина се со големи грешки. Едно е значи усовршувањето ва правописот на македонскиот литературен јазик, во а форма за жал не можеме да го прифатиме. Ако вие употребувавме латинска транскрипција како што се предлагаше во 1925 година со АБЦ, тоа АБЦД во 1925 година се применуваше во училиштата во егејскиот дел на Македонија, можеби подоцна ќе се прифатеше и како современа азбука на Македонците и во тој случај ние можевме да го прифатиме ако за тоа се согласеше надлежното

тело да ги пишуваме така имињата од странско потекло. Но, во овој случај тоа е едноставно неможно. Н не сме ние последни што пишуваме така . Па земете Бугарите, земете ги Србите, Русите и т.н., а исто така не пишуваат со латинистки и во оригинална форма, но и тие прават транслитерација според фонетиката и законитостите на својот јазик и своето писмо.

Што се однесува до оваа Ј'лдз, тоа навистина така како што беше поставено овде, како што го видовме со четири согласки е неможно. Тоа е како да речеме НДП итн., само иницијали. Меѓутоа во нашата азбука засега е озаконето темниот глас да се предава со оној апостроф кој е вообичаен во нашата азбука и е даден во употреба и озаконет во македонскиот јазик и правопис. Следствено и тоа е возможно. А што се однесува до научната транскрипција тогаш се разбира, се пишува со А, со оној дијакритичен знак и тука нема проблем. Значи за се донесувачот на правописниот закон водел сметка и според тоа овозможил максимално пренесување на имињата, но повторувам предлагајќи ја оваа формулација како нужна, зошто ни е потребно да знаеме во матичните книги како еден Албанец или Турчин се пишува, не само како се изговара туку како се пишува, треба да се заведува во заграда и во изворната, оригиналната форма и мислам тоа треба и може да се прифати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Начелно го поддржувам амандманот на Пратеничката група и целосно го поддржувам и излагањето на потпретседателот на Владата Блаже Ристевски, ја поддржувам и модификацијата што ја презентира да биде прво на македонски кирилично пишувано името и презимето а потоа во заграда на албански јазик, односно латинично писмо.

Не го поддржувам вториот став на потпретседателот дека тоа се однесува само за матичната книга и се согласувам дека тоа треба да биде практика иако практиката докажува во другите земји дека имињата се пишуваат и во своето изворно пишување и значење. Затоа и повикувам да го поддржите амандманот на Пратеничката група со оваа модификација, зошто претпоставете, патуваме колку толку надвор и во патната исправа стои кирилично писмо фатбар- да. Фактички не може ни во турскиот ни во француския јазик итн. да го чита на кирилично писмо сто тоа значи, или со она безгласната буква. За пример да го земеме името Шкљзен, има четири самогласки Шкљз и Шкљтин кој во никој случај не може да се изговара од страна на тие кои го немаат. Затоа предлагам да се прифати амандманот со оваа модификација, но да се однесува и за другите документи, пред се за патната исправа за свидетелство итн. инаку се разбира се оди на кириличното каде не се применува кирилицата, предлагам да се применува ова. Инаку има полно зборови кои почнуваат со такви согласки, не само Фатбарда, не само Фана, граничниот премин Кафасан инаку оригинал треба Ќафасан итн. инаку има полно зборови кои и во македонскиот јазик може целосно да се изговараат.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Мислам дека има едно мало недоразбирање.

Знаете дека во меѓународната комуникација обично ве се употребува, за жал нашите јазици се, така да се изразам условно мали, па не употребуваме ни кирилица ни македонски јазик, туку обично употребуваме еден од светските јазици и латиница. Затоа таму ќе се напише во изворната форма, бидејќи и во личниот документ што е донесен врз основа ва матичната книга ќе се напише така како што тој човек се вика во изворната форма. Следствено тука нема проблем и затоа мислам лека ова би требало

да се прифати како нешто што е озаконето во македонскиот јазик и правопис, а друго си е прашањето за албанскиот или турскиот јазик. Таму ќе се пишува така како што треба да се пишува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, господинот Ристовски да ни објасни сега како да гласи амандманот, што Владата прифати.

Вака треба да стои, оти тој текст ми се чини го нема во Законот:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, го нема. Тој не постои.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Не постои, на треба да постои, бидејќи создава проблеми при давањето на документите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се е во ред и Владата сега изнесува својот став. Молам, да видиме сега што е ставот.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Јас предлагам, како што ги прочитав да гласи тој член вака: во матичните книги имињата се пишуваат во изворниот вид, (со фонетска транслитерација со кирилското писмо), а во загради се даваат и во изворната форма на јазикот и со писмото на носителите на имињата. Мислам дека е тоа и потребно и прифатливо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве тоа е текстот

Дали некој друг бара збор?

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Ценам дека тука нема потреба многу да се задржам бидејќи и ценетиот потпретседател и двајца дискутанти пред тоа се обидоа да бидат кратки и јасни и конструктивни. Сепак излегов да молам за поголемо внимание и да не се остава простор за некое погрешно разбирање. Целта и намерата е да се запази во границите на можното врз основа на науката и врз основа на, ценејќи се она што е во правописот на современиот македонски литературен јазик. Всушност, во овој поглед исто така став има и албанскиот современ јазик кој имињата ги чита така како ги изговара. Односно -пишува. Затоа треба само да се сфатиме во една работа, а тоа е дека има доста примери каде се менува првобитното значење на именката и заправо во неможноста да се запише, т.е. во недостиг на гласовите да се изговара како во оригиналот станува нешто друго. На пример Фана станува или Тана или Сана. Ниту едно ниту друго не е Фана и тоа има сосема трето, петто, петнаесто или без вредно значење. По доста примери се спомнаа, да не ве задржувам, обиди има во продлабочување на сознанијата во унапредувањето на науката. Можеби во едно време и во македонскиот јазик како ќе стане таа промена, верувам барем во научната литература бездруго е потребно уште денес според мои сознанија во загради да се пишуваат • но тоа се научни трудови, научни книги каде треба ова .изворното и се цитира, па заради тоа, заради такви точности и правила се оди малку, за некој чекор напред. Тоа што го кажа потпретседателот Ристевски мислам дека ги задоволува потребите и ве треба да должиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е јасен предлогот на господинот Ристовски, тогаш тоа е предлог на Владата да се разбереме.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како што можевме ние 4 да провериме во материјалот предлогот не е оформен спорел Деловникот. Ова што го кажа господин Ристовски треба да се упати на телата на Собранието и тоа но можеме да го прифатиме како став на Владата, бидејќи не е во писмена форма како што Владата вообичаено предлага, па молам да се погледа како треба по форма тоа да се заокружи и на една од наредните седници да дојде како што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве, имаме објаснување од страна на секретарот дека Владата може овде да дава амандмани и за нив може да се расправа и можат да бидат давани на изјаснување како предлагачи. Секој предлагач на закон тоа може да го направи.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Овде не се даваат амандмани  во смисла која азбука колку букви изнесува и слично.

Друго, јас сметам дека потпретседателот ја меша работата амандмани и упатство за спроведување на закони. Со тоа дополнително давање се дава повод за амандмани и слично. Јас сметам дека амандманот не треба да се прифати македонскиот јазик и Шекспир го користи кој е признат, има и нобеловци имаат преведуван  еве и Тесалоники, па Солун

на никој не му пречи. Сметам дека има и доволно букви и гласност да се спроведе односно да не се прифати амандманот. Ние можеме И да го препееме и да го преведеме и во рамките на тие букви што ги имаме сите јазици можеме да ги спроведеме и евидентираме. Сметам дека потпретседателот само прави забуна научно објаснувајќи дава повод, не знам сега и латиницата ќе ја воведеме од денес. Јас сметам дек македонскиот јазик е доволно има смисла да се спроведе, евидентира и да не се прифати амандманот.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Не навлегувам во оценката што ја дава претходниот дискутант да се прифати амандманот илине, меѓутоа, неговото образложение не држи бидејќи господинот пред мене го меша богатството лексиката на јазикот со фонетските можности, гласовните можности и знаците на својот сопствен мајчин јазик. Тука ние ниту оспоруваме ниту зборуваме за богатство или сиромашно на лексиката на македонскиот јазик, затоа сепак дозволете да имаме право дека имаме добри сознанија и не радува секојдневно збогатување на лексиката на овој јазик во оваа Република. Во тоа никој не треба да се сомнева и врз таква база да покренува иницијатива и да дава предлог се прифаќа или не се прифаќа амандманот. Ценам дека господинот Ристовски даде научно толкување и тој минимум што може во јазикот на науката и со научен јазик се определи за тоа кажа јасно и гласно.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Изгледа дека станува збор за едно недоразбирање. Колегата Крстевски колега, како пратеник инаку јас не сум правник, рече нешто, меѓу тоа не го образложи доволно односно не го оправда. Јас тоа ќе го чинам на тој начин што ќе го употребам македонскиот правопис. Правописот е објавен во 1970 година од група на автори од страна на Просветно дело. На страница 67 каде што се зборува за транскрипцијата на туѓите имиња дословно пишува, исто онака како што потпретседателот Ристовски објасни

Туѓите имиња се пишуваат са наше писмо по правило онака како што се изговараат (со изворното писмо тие се пишуваат само во научни изданија). При тоа нивните гласовни особености се прилагодуваат колку е можно кон гласовниот систем на нашиот јазик т.е. гласовите што ги нема во нашиот јазик се предаваат со наши слични гласови.

Второ, во едно упатство што е дадено од Републичкиот секретаријат за правосудство и управа под број 09-10/328 од 29 април 1988 година Скопје во Скопје писмо кое е дадено до сите преведувачи стои цитирам: на страница 2 "преводот, меѓу другото треба да е чисто напипан и непрецртуван, а имињата да се пренесуваат дословно од изворникот Благодарам.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници» јас не сакам многу да дискутирам овде околу овде само ми се чини дека овде ќе се оди кон тоа претерување, претерување и така постепено барање,барање ако се може сега денеска само ова сламче, па утре друго, па утре друго и до другото да дојде она целина и умно е така јас не им се лутам што бараат

така треба да биде, меѓутоа им се лутам на нашите што даваат такво толкување, па зошто ние во Албанија не му пишуваат со таков надзвук на кирилично писмо. Јас ви покажав документ како ги издаваат дека дури и презимето му го пишуваат на албански јазик, а не на македонски со кирилично писмо, а ние се ќе прифаќаме вака, и утреден ќе излезе онака. Сметам дека и таму господине потпретседателе да видите како пишуваат па потоа да се обратите овде. Фонетиката е научна работа, овде се работи за закон, законот можат да го изменат преведувачите на граматиката, тоа е научна дејност, а овде велиме за закон за зачувување на нација за зачувување на државјанство, сувереност. Ако така сакате повелете и целото писмо дајте му го нека го пишуваат на албански и ќе бидам радосен и ќе речам господинот Блаже Ристовски им рече така.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во начело дами и господа сепак би кажалповеќе благородна заложба ќе успее од нејзе да направиме театар. Јас со овој амандман на пратеничката група на ПДП-НДП колку што можам да се присетам прв пат сега го гледам. Можеби сум го добил и порано во вид на материјал, но вака не може да ми текне.

Сакам да го кажам своето видување на оваа проблематика. Не сто]ам на крути позиции, она што се бара со амандманот според мене е премногу, но во начело јас да сум на ваше место и јас би барал нешто слично оти идентитетот сепак мора да се пази и да се бележи. Во ерата на секаква комуникација на пример денеска луѓето патуваат многу, имаме транспорт на стоки и услуги, фирми, фактури, документи и лесно може да дојде до тоа само !бидејќи во кирилицата некако има преголема крутост, а во латиницата од изворните 26-27 знаци колку што биле пред 2000 години и згора, денеска

имаме активни знаци во латиничните писма над стотина. Толку многу и прецизно не можам да кажам, но едно ми е јасно дека знаци со огромна традиција и култура на пример кинезите или можеби во Индија, но за Индија немам никакви прецизни податоци, не знам на пример, за арапите дека и тие практикуваат кон некаква транслитерација или транскрипција јас не ги ни разликувам нијансите што е едно што е друго, па во своите документи покрај изворното писмо било да е санлкрипт или арапско или кинеско практикуваат да стават и латинично

Тука е прашањето кое е посебно важи за пасошите за други видови документи, но ако баш инсистирате господине Андов да останам на овој амандман јас ви кажав од почеток за мене вака како е напишан е неприфатлив, бидејќи зафаќа премногу, но отвора тематика која заслужува поширок интерес и на ова место пак ќе повторам кај нас во нашето општество медиите не си ја вршат работата. Само за овој пат ќе морам да им се извинам, бидејќи ова е поднесено на 3 декември денеска во 11,45 часот, но требаше да има и за оваа тема како и за ред други теми кои се и од политички интерес некако и дебати и третман и трактати и т.н.

Да не должиме, јас предлагам овој амандман да оди на гласање со тоа што лично нема да го поддржам, но дека постои нужда за измена посебно на ова, тоа е неминовно.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа дека прашањето на идентитетот односно Законот за личното„име е навистина значајно и несакајќи овој Парламент на тоа да остане на прегласување и надгласување, бидејќи Владата е сеуште овластен предлагач да дава амандмани на постојното решение, бидејќи е доста доцна предлагам да ја

прекинеме работата на Парламентот со тоа што утре би продолжиле, Владата би направила писмен амандман и едно добро образложение, а утре секој по своето убедување и спрема соодветните аргументи гласа за или против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние можеме сега да завршиме со ова, па потоа ќе се одлучиме за прекинување на седницата, сега сме пред донесување закон.

Ние имаме претставник на Владата кој ни дава амандман на текстот и предлагачот во членот 334 од Деловникот го има тоа право и предлогот е изнесен од господинот Блаже Ристовски, потпретседател на Владата. Она што мислам произлегува од неговото излагање  и другите кои имаат резерви спрема амандманот што го даде групата на ПДП-НДП сега би ги повикал дали тие го повлекуваат амандманот имајќи предвид дека амандман поднесе Владата. Ако го повлечат амандманот. тогаш нема гласање за амандманот тука одиме по законот, бидејќи амандманот на Владата станува составен дел на Законот.

**ЕШТРЕФ АЛИЈУ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ако го повлекувате амандманот, тогаш имаме амандман од Владата и треба за него да гласаме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво сметам дека кога се работи за вакви значајни прашања кои навлегуваат во сферата на меѓунационалните односи не треба да правиме импровизации пред се во поглед на формално- правната заснованост на она што како пратеници во овој. Парламент го гласаме.

Ако е амандман на Владата, тогаш не треба ни да гласаме за амандманот бидејќи амандманот е составен дел на Законот. Меѓутоа, бидејќи Владата во писмена форма не се изјаснила по однос на предлогот на пратеничката група на ПДП-НДП кој е поднесен денеска во 11,45 часот, јас се сомневам дека ова што го изнесува потпретседателот на Владата е став на целата влада. Во таа смисла мислам дека, бидејќи амандманот нема писмено мислење сметам дека воопшто не треба ни да се води расправа заради тоа што носиме закон за лично име, а ќе закон за правопис на македонскиот јазик. Ако се работи за правопис во практиката, во примената и употребата на странски имиња во изворното писмо си има институти за таа цел кој треба официјално стручно мислење да ни дадат заради тоа што не сакам да се ставам во позиција да го кројам правописот на македонскиот јазик лаички од овие пратенички клупи кога за тоа постојат платени луѓе и стручњаци Во та -смисла сметам дека амандманот на пратеничката група ПДП-НДП не е во функција на Законот кој го носиме и лично за амандманот, бидејќи е веќе повлечен сметам дека нема ни основа за расправа, меѓутоа, ни во ваква форма не би го гласал за да создаваме нови правила во правописот на македонскиот јазик со ваков закон. Бидејќи во законодавната дејност постојат уште многу закони за кои секогаш ако се направи еднаш преседан ќе мора во секој закон тоа да се наметнува . Од тие причини сметам дека предлогот на владата е неоснован , меѓутоа, ако Владата си остане треба да ни даде форма на пратениците да можеме во писмена форма, бидејќи не се согласуваме на тој член од предлогот на закон на Владата да поднесеме амандман за бришење на тој член. Меѓутоа, бидејќи се предлага веднаш да се гласа без да се отвора простор да се поднесе амандман за бришење на тој член во писмена форма сметам дека е беспредметно воопшто да се отвора расправа по таква формулација за

предлогот што е поднесен од Владата. Од тој аспект без никаква навреда према пратениците во овој Парламент кој не се припадници на македонскиот народ  сметам дека пратениците не би требало да гласаат ваква формулација, во ваков материјален закон. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Само во функција на процедурата за изгласуван>ето на овој закон, мислам дека мора да се држиме до овој Деловник, колку и да го напаѓаме, а тоа е прво дека секој амандман се поднесува во писмена форма, што значи дека не може исклучок ни за амандманот на Владата. Тоа е прво и основно.

Второ, по членот 334 точно е дека ако предлагачот, во овој случај Владата предложи амандман, тој е составен дел. Меѓутоа треба според наредниот член 335 да .се оцени каков е карактерот на овој амандман, дали задира во основните начела што овој закон регулира, и ако е тоа така, тогаш мора претходно да се изјасни матичното тело во случајот една од основните комисии е Законодавно- правната комисија; Така да не направиме нешто што во основа ќе го оневозможи изгласувањето ва Законот. Тоа ми беше укажувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред е, очигледно настанаа спорови кои бараат да направиме една пауза (реагирање ва пратениците). Добро, бара прво Крстевски, па после Гештаковски.

**НИКОЛА PCTEGK-M**

Од дискутантите по законот изгледа ја разбраа дискусијата во правилна, само во содржина, само пратениците од ПДП . Тоа го кажувам зашто потпретседателот сметаме даде ниту нагласи дека дава амандман, туку научно од своја лична струка да дообјасни да придонесе, што е погрешно од Претседателството на Собрание што го смета за амандман или сл. Тоа е едно. Второ неправилно се дава Владата кога ќе даде друг на нивни предлог, може да го уграпи во текстот, али кога ќе даде самата, таа

не го вградува во текстот, туку ќе помине преку Законодавно- правната комисија, а и во случајот може да оди ва Уставниот суд, оти тука е многу осетлива материјата. Формално потпретседателот не поднесе амандман. Туку Претседателството го крсти амандман и го вградува само. Сметам дека не може Владата не може тука амандман , може друг кога ќе поднесе амандман да го вгради Владата тука, али кога ќе е во редовна постапка, а не на микрофонот да го вградува. Тука мора Законодавно- правна комисија да се произнесе. Јас сметам и во согласност, ниту со предлогот на содржината. Целта на оваа измена на законот е одредено проширување на кругот, избегнување на ограничување на давање имиња, а не е да водиме нова евиденција на матичните книги. Сметаме во таа смисла. Не се смета во случајот амандман и ве треба така да се произнесува, туку тоа со упатство за спроведуваше на Законот, самата Влада за тоа што е платена Ісе ја исправи оваа грешка. ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да ви кажам, повелете господин Ристевски.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИІ**

Јас се извинувам трет пат во врска со истото прашање станувам. Да се разбереме, јас немав намера тука да поднесувам некаков амандман, или не знам што. Едноставно овде ни беше понуден еден амандман и јас се обидов формулацијата ва овој амандман да приспособам според она што го сметам дека треба да биде во еден македонски закон. Не се работи за никакви јазични или правописни  правила за Изменување на македонскиот правопис е едноставно за примената ва македонскиот јазик и правопис во еден закон што вие овде како Парламент го донесуваме.

Следствено, ве молам овој амандман што го имаме овде е од ПДП приложен овде е преформулиран зашто тука се бара и во матичната евиденција и во другите документи после првин да се пишува на албански па потоа во заграда на македонски итн., што мислам во еден македонски текст тоа ве може да биде. Тоа ако е македонски текст, тој ќе биде исцело на македонски текст. А бидејќи се работи за матична книга каде што треба точно да се напише и правописно како се пишува тоа име, во заграда тоа треба да се стави, бидејќи врз основа на тоа после може да се пишува и латиница н така како тоа што се пишува. И видите, тешко некој од Македонците ќе знае како се чита еден запишан да речеме текст, во случајов,име со албанска азбука. На голем дел од нашите граѓани тоа не го знаат и не можат да го прочитаат и ве се должни да го прочитаат. И затоа треба да се овозможи такво нешто. Тоа е само приспособување. И ако треба да се изјасниме, јас мислам сега да се изјасниме за овој амандман во оваа форма. Инаку, ако ми дозволите во врска со Законот кој сега е на дневен ред, јас ќе си дозволам, да речам дека вие во Владата имавме и еден предлог, веројатно, низ комисиите тоа се променило можеби вешто, и јас лично, а си дозволувам да мислам дека малку сум некој филолог и малку имам некои познавања од оваа област, предлагав нешто што е, според мене, доста суштествено, а се греши ужасно многу. Вие знаете, по углед на српско- Хрватската практика, кај нас татковото име се пишува во формата како што е името. И ќе видите таму име презиме односно име татково име презиме и ќе напише Блаже Петре Ристовски. Тоа е затоа што во српскиот јазик има Блаже Петра а тоа значи на Петре. А ние бидејќи немаме падеж го пишуваме во оваа, номинативната форма. Во вашиот јазик треба да биде Блаже Петров Ристовски, Петров. на Петрета татко му. И тоа треба да се усвои зашто во сета наша документација,во сите лични документи, и ако земете и во "Нова Македонија" секој ден читате такви

несмасности, како што имате, што ве е практика кај најпрвин да се пишува презимето па потоа името. Тоа само во азбучни списоци може да биде. Инаку ние првин имаме име па потоа презиме. Се извинувам што ова беше, далеку од ова но.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Неспорно дека потпретседателот е филолог и ја познава работата али за Собранието е законодавно тело и треба кратко и јасно прецизно и точно да го формулира законски текстот и утре во матичните книги треба точно да се напише. Не е спорно дека Владата додека трае претресот по одреден закон може кога е предлагач да поднесува амандмани и на самата седница значи во овој момент, таа може да поднесува амандмани кога е без предлагач. Али овде потпретседателот сега ги измеша малку во однос на амандманот другите работи кога  е друг предлагач на амандман Владата дава мислење го прифаќа или не го прифаќа и во таа смисла. Овдека предложениот амандман внесува една нова светлина во однос на расправата и точно во оваа постапка со Деловникот е регулирано. Во член 335 вели додека ако амандманот на предлогот содржи одредби со кои се менуваат начелата, за тоа зборуваше и Петров и Зоран Крстевски, врз кои се засновува Законот,а кои претходно ги утврдиле надлежните собори, ако усвојувањето на амандманот би повлекол со себе побитни измени на текстот на Предлогот на законот, а во овој случај тоа се дешава, врши побитни измени ва текстот на Предлогот, тогаш и надлежните комисии и тела ќе имаат сосема подруг став и мислење во однос на предложениот амандман. Во ваков случај Деловникот го регулира тоа прашање што него заврши претходниот дискутант Зоран Крстевски тоа е членот 337 од Деловникот. И мислам дека треба да го примениме стриктно членот 339 од Деловникот, бидејќи имаме побитни измени во  овој амандман, Владата да

го прецизира и на една од наредните седници по расправа да ја продолжиме. А сега во овој момент да ја прекинеме расправата, а членот 337 дава и една друга можност што ја предложи претседателот на Собранието,.за што сметам сега нема можност. Во секој случај мора, во овој случај да расправа матичното тело и Законодавно- правната комисија. Тогаш продолжува расправата, дали после пауза или на една од наредните седници. Предлогот ми е да се примени член 337 и расправата да се продолжи таму каде што е застаната сега, на една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Барем јас така мислам, не се работи за прашање Македонците ар Парламент да ги надгласаат албанците. Јас така сметам, бидејќи се работи за прашања од сферата ва меѓунационалните односи. Меѓутоа, ако е проблем примената на правописот, ва македонскиот јазик, се знае кој ги применува, кој врши примена на одделни состојби, закони извршната власт. И затоа за мене пологично е ова, предлогот на пратеникот Крстевски дека тоа Владата со соодветни упатства треба да ги регулира. Не да влегува, оваа работа како составен дел на Законот. И од тие причини сметам дека, воопшто и ако пратеничката. група може и сега повторно да си го активира амандманот за да ве смета господинот Ешреф дека сега се најдоа во неповолна положба, сметајќи дека ќе се прифати предлогот ва потпретседателот на Владата, имаат право да го активираат повторно амандманот. Меѓутоа, ако станува прашање за погрешна примена на правописот на македонскиот јазик, во смисла ва ова што беше досега постручно кажано јас ве сакам да импровизирам во излагањето, тогаш сметам дека тоа ве треба да биде предмет на закон туку на посебни упатства примена на правописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Крстески, па Халили.

**НИКОЛА СРСТЕСКИ**

Предлагам што оваа точка да се продолжи бидејќи повторно повторувам и тврдам дека не постои амандман. Беше еден и се повлече Овие објаснувања, за што ние целокупната работа ако ја завршиме со Законот, јас незнам Владата што понатаму по овој закон ќе спроведува односно која е таа извршна функција. Ние сме законодавство. Ние сега ако кажеме со која рака да се напише, со која буква, со која незнам. Сметам дека треба да продолжи дека нема амандмани. Вака ние се заплеткавме четири саати и на дневниот ред измисливме амандмани. Па гласавме за амандманите, па не знаеме зошто гласаме. Па затоа се повтори и излезе друго мнозинство. Амандмани, иста така, на дневен ред нема. На закони се даваат амандмани. Ние по амандманите трчавме го заборавивме дневниот ред; Основно е претседателот предлага дневниот ред. Тоа Ісе се предлага. Ако остане вешто ќе се прегласува. Исто сметам да се одиме, може оваа процедура со законот да си продолжи, не постојат амандмани, тоа е објаснување во рамки на Влада, во форма на упатство или научен труд ќе се даде придонес да се спроведе. Ние името го пишуваме на македонски јазик и ќе му кажеме на некој англичанец овој со националност Албанец ва македонски го викаме  вака и тој кога ќе побара на албански како се вика  ќе му го преведеме ако треба имаме и доста присутни, ќе му дадеме на албански варијанта. Сега зборуваме за евиденција на македонски јазик. Ни наука да мешаме ви ништо. Сметам дека може законот да се усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Халили.

**ХАЛИЛИ:**

За жал морам да констатирам Дека се многу слаб правник и ако сте претседател на Законодавно- правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте со таква расправа, немојте така.

**ХАЛИЛИ:**

Според ова ваше наивно толкување значи дека единствено треба да постои Уставот, не се потребни закони бидејќи Владата може да дава упатстна за тоа што пишува во Уставот. Тоа лаички господин Крстески. Амандман постои. Сега велам дека постои амандман. Не сакав јас да се загрева до таа точка, меѓутоа, бидејќи за вас науката не претставува ништо, тогаш.......

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така, ве молам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Не претставува ништо, извинете, потпретседателот токму на научна база тоа го толкуваше. За вас науката не значи ништо. Затоа предлагам ова прашање да не одложи... за. друга седница да се расправа по телата, така како што пишува Деловникот, па ќе видиме, може пак да не надгласате. Не се лутиме ние. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи предлагам вака. Бидејќи сепак Крстески може вака или така да мисли, меѓутоа, господинот Ристевски овде преформулира текст со кој настапи ва говорницата како потпретседател ва Владата и претставник овде. Тој не е овде дојден да ни толкува правопис , туку тој ја претставува

Владата. И нека поедини пратеници може да се сомневаат дали е тоа став на Владата, али тоа е мислење на господинот Петров. Он, никој друг, туку Владата ја претставува. Што вели тој, тоа вели Владата. Прашање е. на Владата дали ќе се сложи и дали ќе му се побунат таму. Тоа е нивна работа. Тој тука ја претставува Владата. Секогаш е така. Да се разбереме, не може на друг начин.

Бидејќи настанаа спорови, го имаме сега тој нов предложев текст, јас предлагам и го прифаќам овој предлог, Ве молам сеуште не сум завршил, немојте да брзате, зашто така. Вие кога зборувате јас ве опоменувам само кога ја напуштаат темата. Јас уште ве сум рекол, ве ислушав сите мислам дека ние вечерва по ова прашање ве сме во состојба да се одлучиме. И треба да биде правилно да одлучиме. Затоа ви ја; Прифаќам сугестијата што овде беше дадена, да прекинеме овој предлог нека си ја кине целата постапка. Нека мине цела постапка, така да можеме да го одложиме разгледувањето ва овој закон од оваа седница, да оди на друга седница.

Добро, сега се јавува господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас може да се сомневам и може само јас да мислам. Меѓутоа за да не се сомневаме сите, читам како што пишува и на Законот и во Деловникот. Претставник за овој закон не ни е потпретседателот на Владата. Претставник е Јордан Мијалков, член на Владата в министер за внатрешни работи, повереници Павле Трајанов и Слободан Богоевски; И затоа се сомневам дали го изразува мислењето на Владата. Според тоа, не е тоа мое лично мислење туку тоа е напишано во овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не тоа е во ред, меѓутоа, претседателот на Владата и потпретседателот на Владата не се случајни овде.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во Деловникот Владата ја претставува претседателот ва Владата а за законите кои што ги предлага и актите си има соодветни претставници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не немој, за се ја претставува претседателот ва Владата. А овде го заменува потпретседателот и во тоа својство е присутен. Немојте да се сомневаме во луѓето инаку ќе не остават само ва по еден министер по еден закон. Владата овде дисциплинирано седи и врз основа ва закони и деловник седи. Немојте такви работи, а може во расправата се да се каже, Така да едноставно, заради работата, квалитетот ва работата ва Собранието, мислам ве е коректно такво изјавување овде.

Добро ве молам, односно предлагам оваа точка, да ја предложиме за една од наредните седници и сега бидејќи веднаш по оваа точка ја имаме точка 12 која што е ставена сега ва дневен ред а ве била на работни тела, предлагам да прекинеме со работа за вечерва. Ве молам за 12 точка, овој предлог на Законот, потоа за ребалансот ва Буџетот, за Законот за извршуваа»е на Буџетот и за Информацијата за остварување на програмата за реинтеграција на Ромите да ги задолжиме комисиите утре да почнат да заседаваат во 9 часот, да ги прегледаат, да ги претресат и да:изградат Став сите комисии надлежни за овие проблеми. Нека почнат во 9 часот за да немаме непотребни одлагања, предлагам во 14 саатот да почнеме вие со работа. Буџетот е многу сложена работа, јас мислам оти Владата ќе мора да го разгледа Извештајот од Комисијата за финансии и

буџет, бидејќи и таму гледам доста забелешки и сугестии, па потоа да изгради став. Исто така, без оглед што и таму имало претставник доста е збркана работата и за квалитетна работа во 9 саат комисиите задолжително да. почнат за да би можеле сигурно да продолжиме со работа во 14 часот со седницата на Собранието.

(Седницата прекине со работа во 22,40 часот)